# РАСТЕЊЕ ВО ОДНОСОТ СО БОГА

БИБЛИСКА ДОКТРИНА

април, мај, јуни 2026

**РАСТЕЊЕ ВО ОДНОСОТ СО БОГА**

Автор: Нина Ачесон

Број 2/2026

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка обработка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Соочување со реалноста ........................................................ 7
2. Да се познава Бог ................................................................ 14
3. Гордост наспроти понизност .................................................. 21
4. Улогата на Библијата ............................................................ 28
5. Како да ја проучуваме Библијата ............................................ 35
6. Молитвени војници .............................................................. 42
7. Молитва во пракса ................................................................ 49
8. Да имаме вера ...................................................................... 56
9. Гревот, Евангелието и Законот ................................................ 63
10. Покајание и проштавање ...................................................... 70
11. Пречки на патот .................................................................. 77
12. Зборувајте за Него ............................................................... 84
13. Во вечноста ........................................................................ 91

**Додаток**

Утрински стихови – април ............................................................ 98
Утрински стихови – мај ................................................................ 99
Утрински стихови – јуни .............................................................. 100
Секојдневно читање на Библијата .................................................. 102
Текстови за вечерно богослужение ................................................103
Табели за почеток на саботата во Македонија ................................ 104

# РАСТЕЊЕ ВО ОДНОСОТ СО БОГА



Без разлика дали сте пораснале како адвентист на седмиот ден или сте нови во верата; без разлика дали сте прочитале многу или малку библиски поуки за возрасни; и, впрочем, каде и да се наоѓате во духовна смисла денес, темата за тоа како да растете во еден значаен однос со Бога е од пресудно значење.

Оваа тема влијае на сите други. Вашата слика за Бога можеби станала извалкана или замаглена. Ако е така, молете се за поголема јасност додека проучувате. Можеби се прашувате како да го освежите вашиот живот на лично посветување (молитва и проучување на Библијата), или можеби сте размислувале за некои други области што влијаат на вашиот однос со Бога, како што се улогата на гордоста и понизноста, верата и знаењето, гревот и Божјиот закон, покајанието и простувањето, како да се надминат застоите и пречките и како да се охрабрат другите во нивното одење со Бога.

Твојата лична заедница со Бога е единствената најважна заедница. Не го одложувај делото да ја изградуваш, да ја зајакнуваш и ја направиш твојата заедница со Бога што е можно посилна и цврста. Сега – не во некое време во иднина – сега е вистинскиот момент да работите на личната заедница со Бога, која ќе влијае на сè друго во вашиот живот: на вашиот брак (ако сте во брак), на вашето родителство (ако сте родител), на вашите пријателства, вашите финансиски одлуки, слободното време, желбите и стремежите... и секако, на вашата вечна иднина.

Бидејќи оваа тема за тоа дека Бог сака да биде во активна врска со човештвото – ја проникнува целата Библија, има многу различни агли, стории и библиски пасуси што можеа да бидат избрани за нејзино проучување. Меѓутоа, со оглед на природата на овој наш водич за проучување на Библијата, можеме да опфатиме само ограничен број од нив.

Каков и да е вашиот однос со Бога денес, ги составував овие лекции имајќи ве предвид вас. Конечно, моја желба е овие тринаесет кратки, јасно сосредоточени лекции да ја разгорат вашата љубов и посветеност кон Исуса

Христа додека одново го барате во текот на ова тримесечје. Бидејќи темата на оваа поука се однесува на врските, таа е напишана малку поинаку од претходните. Лекциите се составени во малку поличен тон, бидејќи зборуваат за Бог кој е личност и кој сака лично да ве запознае.

Елена Г. Вајт вели дека „доследниот живот во Христа е големо чудо“ (*Копнежот на вековите*, стр. 407 оригинал). Библијата ја користи трката како метафора за да го опише животното патување со Бога. Нашата награда е нераспадлив венец (1. Коринќаните 9,24.25) и вечен живот со Бога. Нашата духовна трка е маратон, а не спринт. Може да има моменти кога престануваме да трчаме, или дури и паѓаме. Ова се случува, а кога ќе се случи, треба едноставно да станеме и да продолжиме да се движиме. Мора да останеме на патеката и покрај искушенијата и тешкотиите што неизбежно доаѓаат (Евреите 12,4-11). Освен тоа, не сме сами во таа трка. И други тркачи кои го сакаат Исуса и Неговата реч трчаат со нас. Но најважно од сè е тоа што Исус ветил дека ќе ни даде Помошник. „Јас ќе Го помолам Отецот, и Тој ќе ви даде друг Утешител за да биде со вас довека, Духот на вистината, Кого светот не може да Го прими, зашто не Го виде, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде“ (Јован 14,16.17).

Според тоа, во животната трка не сме сами – Помошникот (Утешителот) не само што е со нас, туку и престојува во нас, за да нè зајакне и да нè држи на нозе, додека трчаме со погледот цврсто вперен во „Зачетникот и Довршителот на верата – Исус“ (Евреите 12,2).

Додека пишувам, се молам Светиот Дух да дејствува во нас поединечно и како глобална црква за да нè приближи до Бога како никогаш досега. Зашто сигурно е дека нема ништо поважно од тоа да бидеме во силна врска со Бога.

Затоа, ајде заедно да истражуваме, да учиме, да љубиме и да престојуваме во Него!

*Нина Ачесон е раководител на наставната програма и виш уредник на програмата „Живи во Исуса“ на Саботната школа при Генералната конференција. Таа живее за да инспирира и да ги оспособува другите длабоко и лично да го запознаат Бога преку Неговата вдахновена Реч. Нина Ачесон е во брак со Мет и заедно имаат три деца на тинејџерска возраст.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**1. Лекција**
**Од 28 март до 3 април 2026**

# СООЧУВАЊЕ СО РЕАЛНОСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 3,14-22; Откровение 4,9-11; 1. Мојсеева 2,7; 1. Мојсеева 3,8-10; Еремија 31,3.4; Јован 15,1-11; Римјаните 8,9-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Како што Ме возљуби Отецот, и Јас ве возљубив вас. Останете во Мојата љубов!“ (Јован 15,9)**

Како би ја опишале вашата лична заедница со Бога денес? Дали е динамична и силна? Дали поминувате време вложувајќи во тој однос, истражувајќи ја Неговата вдахновена Реч и обраќајќи му се како на Пријател? Ако е така, колку време поминувате правејќи го тоа?

Дали едноставно сте принудени да им зборувате на другите за вашиот однос со Бога затоа што тоа е најубавиот однос во вашиот живот? Или, напротив, дали вашиот однос со Бога ослабнал со текот на времето? Точно е дека тој постои, и вие се вклучувате во него одвреме-навреме, но искрено, вашата врска веќе не е толку силна. Или можеби сте некаде помеѓу, во она што Библијата го нарекува „млак“ однос/врска (Откровение 3,16).

Дали некогаш сте се запрашале што мислат ангелите за тоа што ние не го поминуваме нашиот живот во обожавање на нашиот Спасител и Откупител, со срце гладно и ум желен секој ден да Му бидат се поблизу? Бидејќи навистина, односот со Бога менува сè – и овде и во вечноста.

Ајде оваа седмица да ја разгледаме моменталната состојба на нашиот однос со Бога и да видиме какви совети ни дава Библијата нам лично. Всушност, не можеме да напредуваме од состојбата во која сме сега кон подобра, сè додека искрено не се преиспитаме себеси и не го послушаме решението што го опишува Исус.

## НАШАТА СОСТОЈБА

Дали некогаш сте се запрашале што би рекол Исус кога би требало да ја опише вашата врска со Него токму сега? Можеби би рекол дека е силна или дека била посилна во минатото. А дали некогаш сте се запрашале што би рекол Исус кога би требало да го опише Својот народ во овие последни денови? Тој, впрочем, го прави токму тоа во стиховите Откровение 3,14-22.

Тој почнува со тоа што за себе изјавува дека Тој е „Верниот и Вистинитиот Сведок. Почетокот на Божјото создание“ (Откровение 3,14). Верниот и вистинит сведок не лаже, туку зборува отворено и искрено.

**Прочитајте Откровение 3,14-17, каде што Исус ја опишува духовната состојба на својот народ денес. Колку тој текст верно ве опишува вас лично?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус ни кажува нам, на христијаните што живееме во последните денови, дека Тој нè познава. Ние не сме ниту жешки ниту ладни затоа што, од наша поволна гледна точка, немаме потреба од ништо. Минуваат денови и седмици, а ние минуваме малку време со Бога тука и таму, и мислиме дека тоа е доволно. Но, не е. Напротив, Тој очајно ни е потребен, и тоа многу повеќе отколку што сфаќаме. Кога само би можеле да го сакаме Исуса и да живееме за Него – или со сето наше срце или воопшто не! Од Божја перспектива, тоа би било подобро, отколку да бидеме млаки. Исус вели дека ќе нè изблуе од устата затоа што имаме толку лош вкус. Но, Тој сè уште не го направил тоа, и сега од нас бара веднаш да донесеме некои итни и храбри одлуки.

**Каков совет ни дава Тој во Откровение 3,18.19?**

____________________________________________________________

Во древни времиња, да се „купува“ нешто подразбирало трампање, односно размена на добра. Овде Исус ни нуди великодушна размена – да ја замениме нашата безволност за Неговото злато, Неговата бела облека и Неговата маст за очи. Тој сака да нè направи богати во Неговите очи, да нè покрие со совршената наметка на својата праведност, и да ги отвори нашите очи за вистината дека трајниот однос со Него менува апсолутно сè. Тој ни нуди сè што ни треба, бидејќи она што ни треба не можеме да го обезбедиме сами за себе. Само Тој може, а Тој тоа и го сака, но само ако ние се согласиме да го стори тоа.

**Ако ви е болно да се загледате во самите себе и во вашата духовна состојба, каква надеж ви нудат стиховите што ги разгледавме денес?**

## УКОР, ПОКАЈАНИЕ И НАГРАДА

„Оние што Јас ги сакам, нив ги карам и воспитувам“, вели Исус во Откровение 3,19. „И така, биди искрен и покај се.“ Никој од нас, ниту за момент, не би можел со право да каже дека на Исус не му е грижа за нас или за нашата иднина. Колку полесно би било за Исуса да се откаже од човечкиот род и да не го помине болниот пат што го избрал овде на земјата. Токму затоа што нѐ сака толку длабоко, Тој нѐ укорува за нашата сегашна состојба. Тој сака многу посилна и подлабока врска со нас. Тој не е задоволен од нашите променливи ставови и од нашиот пристап „Ќе дојдам кај Него кога ќе ми треба“.

Исус нѐ прекорува за наше добро. Тој ни вели да се покаеме. Но, не можеме да се покаеме освен ако не увидиме дека нешто не е во ред. Всушност, Тој ни кажал точно што не е во ред со нас – ние мислиме дека сме богати, но Тој ни вели: „Не знаеш дека си беден и проколнат, сиромав, слеп и гол“ (Откровение 3,17).

**Прочитајте Откровение 3,20. Што ни е ветено тука? Но, што мора да направиме за да го примиме тоа ветување?**

________________________________________________

Тоа е толку прекрасна и извонредна јазичка слика. Бог на универзумот сака да вечера со вас, со мене. Исус сака меѓусебно учество и разговор покрај добра храна. Тоа е опис на блиска и постојана врска, и Тој нѐ повикува да имаме таква заедница со Него.

Исус трпеливо чека и чука на вратата на вашето срце. Можеби сте виделе такви слики во детските книги – висок, благонаклонет Спасител кој нежно чука. Тој не се наметнува и не ве принудува да разговарате со Него. Тој не ви се наметнува кога немате време или сте зафатени. Но, времето е кратко, и затоа, ако Го слушнете, отворете ја вратата. Тој ќе биде тука за да зачекори во вашиот живот.

Оваа метафора илустрира каква меѓусебна врска Исус сака да има со секого од нас. И потоа еден ден, кога ќе се сретнете со Исуса лице в лице, кога ќе ја фрлите вашата круна пред Неговите нозе во чин на обожавање и прославување со илјадници и со десетици илјади други кои му се поклонуваат на Создателот (Откровение 4,9-11; Откровение 5,11-14), кога ќе се обидете да се осврнете на вашите земски искушенија и ќе сфатите колку се безначајни – дали мислите дека во тој момент некогаш ќе зажалите за времето што сте го поминале со Исуса на земјата?

**Исус тропа токму сега. Тој повикува. Но, вие мора да донесете свесна одлука да го отворите вашето срце за Него. Како вашето гледање на Крстот и размислувањето за неговото значење може да ве вдахне да ја донесете таа одлука?**

## ВЕЧНА ЉУБОВ

Откако ја опишува нашата рамнодушна и зачмаена состојба, Исус ни кажува дека тоа е нешто што мора да се надмине. „На оној што победува, ќе му дозволам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Отецот Свој на Неговиот престол“ (Откровение 3,21). За некои од нас, ова може да биде најголемата битка со која некогаш ќе се соочи – едноставно согледување на нашата состојба на слабост и самодоволност со очи што навистина гледаат; прифаќање на Исусовиот укор; покајание и примање на облеката на Исусовата праведност којашто нè покрива.

Она што толку восхитува е тоа што Исус ја разбира нашата рамнодушна, млака состојба и се поистоветува со нас (што не значи дека Исус некогаш бил млак). Тој вели: „на оној што победува... како што и Јас победив“ (Откровение 3,21). Бидејќи Тој умрел за да нè спаси, Исус го победил гревот и неговата казна. Тој ги разбира битките со гревот со кои се соочуваме и ветува дека ќе ни помогне.

Многу луѓе во Библијата одговориле на Божјиот повик да стапат во заветен однос со Него. Ова е сеопфатен наратив или тема на целата Библија. Кога ќе погледнеме во некои од овие луѓе, можеме да видиме дека Бог стапил во заемни односи со нив на различни начини во различно време.

**Што нè учат овие извештаи за тоа во какви заемни односи Бог стапува со луѓето во различни ситуации?**

**1. Мојсеева 2,7; 1. Мојсеева 3,8-10** ________________________________

**1. Мојсеева 5,24** ________________________________________________

**1. Мојсеева 6,13** ________________________________________________

**1. Мојсеева 12,1-4** ______________________________________________

**2. Мојсеева 34,29** _______________________________________________

Без разлика дали Бог физички одел со Своите деца или само разговарал со нив, Тој навистина отсекогаш сакал да биде близок со луѓето. Каков и да е вашиот однос со Бога денес, Тој сака да биде близу до вас. За оваа идеја можеме да прочитаме во Еремија 31,3.4:

„Оддалеку ми се јави Господ и ми рече: со вечна љубов те засакав и затоа останав милостив кон тебе. Јас пак ќе те кренам, и ти ќе бидеш обновена, девојко Израелова.“

Без разлика дали вашиот ден започнува или завршува во овој миг, Бог ве бара и чека, сакајќи да ве приближи кон Себе. Тој сака да го изгради – или да го обнови вашиот однос со Него. Ако тоа не се случи, вината е на ваша страна, а не на Негова.

**Постои ли нешто во вашиот живот токму сега што, ако не се совлада, би можело да го попречи, па дури и да го осуети вашиот однос со Бога?**

## ПРЕСТОЈУВАЊЕ

Учениците го следеле Исуса по тесните скали од горната соба до улицата подолу. Додека оделе заедно кон Гетсиманија, во текот на една од најзначајните ноќи во земската историја, веројатно не биле ни свесни колку навистина биле проникливи некои од последните зборови што Исус им ги кажал во горната соба.

**Што рекол Исус во Јован 15,1-11?**

---

Овие зборови што ги изговорил самиот Исус, опишуваат како изгледа еден близок однос со Бога. Забележете го зборот што се повторува, не двапати, туку 10 пати: бидете (останете). Да останете во Исуса значи да живеете во лична и постојана заедница со Него.

Додека се соочува со Крстот, Исус не само што ја нагласува големата важност постојано да престојуваме во Него, туку едноставно и јасно изнесува како изгледа тоа во нашиот живот од практична страна.

Што значи: Исус е лозата, ние сме прачките. Како резултат на нашето живеење (постојана поврзаност) со Него, плодот ќе расте на нашите гранки. Ние не можеме сами да направиме плодот да расте. Понекогаш само привидно престојуваме во Него, но доказот за тоа ќе биде нашиот недостаток на плодот, и нашите гранки на крајот ќе се исушат. Ако се исушиме, Лозарот на крајот ќе ги исече нашите гранки. Сепак, без разлика дали ќе донесеме плод или не, нашите гранки сигурно ќе бидат кастрени.

Сите се соочуваме со предизвици и болни моменти. Ако останеме во Него, тие моменти, за долг период, ќе направат да донесуваме повеќе плод. Донесувањето плод потврдува кои сме (дека сме ученици). Ние донесуваме плод за Негова (а не за наша) слава.  Да се престојува, да се живее во Исуса значи држење на Неговите заповеди, кои се одраз на Неговиот прекрасен карактер на несебична љубов. Престојувањето во Исуса носи голема радост. Да се престојува во Исуса, значи да го правиме она што Тој го бара од нас, како наш одговор кон Него. „Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме заповедите Негови, а Неговите заповеди не се тешки“ (1. Јованово 5,3).

Ако размислиме подобро, престојувањето во Исуса претставува единствен противотров за нашата лаодикејска состојба (Откровение 3,20; Јован 15,4). Тоа е големата тајна за исполнет и смисловен живот на земјата и во вечноста, па сепак, некако премногу лесно го заборавame Исусовиот совет.

Впрочем, Исус на секој од нас му вели: „Како што Ме возљуби Отецот, и Јас ве возљубив вас. Останете во Мојата љубов“ (Јован 15,9). Исусовата љубов е најсилната нишка што нè привлекува кон Него, и кога ќе ја спознаеме таа љубов, ќе бидеме длабоко поттикнати да возвратиме со љубов кон Бога и кон другите.

# СОКОТ

Понекогаш, да пребиваме во Христа може да ни изгледа како едно од најтешките нешта што треба да се направат. Можеме да знаеме дека тоа ни е потребно, но брзината на животот нѐ турка како река и имаме чувство дека тоа е претешко. Следењето на Бога може да изгледа како најтешкиот товар, особено за оние кои се под притисок од некој кој се обидува да ги натера да го следат Исус. Таквата религија можеме да ја чувствуваме како макотрпна работа бидејќи сѐ се однесува на надворешни постапки, а не на она што е во срцето. Всушност, ништо друго не може да биде подалеку од она што Бог навистина го сака, а тоа е – однос заснован на заемна љубов, а не само на правила – однос за кој ние доброволно сме се определиле (и во кој Тој прв нѐ избрал нас) врз основа на љубовта и слободата на избор.

Понекогаш можеме делумно да бидеме поврзани со Лозата, но не и вистински да престојуваме во Него, со секое влакно од нашето битие. Можеме да одиме во црква, да се молиме и да го правиме она што знаеме дека е исправно, а сепак во себе да се чувствуваме суви и исушени. Вистината во врска со ова е: ние не можеме сами да се натераме себеси да престојуваме во Исуса, исто како што гранката не може сама да се накалеми на лозата. Бог прв нѐ засакал; Тој го направил првиот чекор. Нашиот одговор е секогаш само реакција на она што Бог прв го направил за нас.

Ако погледнете како виновата лоза ја преживува зимата, ќе откриете една фасцинантна вистина – пупките на гранките дехидрираат и стануваат изолирани од системот за раст на растението сѐ до пролет. Кога почвата се затоплува, корењата апсорбираат вода и сокот почнува да тече низ стеблото до пупките и така го поттикнува и придвижува растот. Сѐ додека сокот не потече низ лозата, не доаѓа до раст.

Сокот од виновата лоза е како Светиот Дух во нашиот живот. Можеби изгледаме како исушени гранки, но кога ќе одлучиме да поминуваме време со Бога, Светиот Дух се излева во нас како сок од корењата на растението, и нѐ враќа во живот и така почнуваме да растеме. Исто како што мора свесно да избереме да сакаме да останеме во Исуса, на ист начин мора да бараме и Светиот Дух (животниот сок) да простгруи низ нашиот живот.

**Прочитајте Лука 11,13 заедно со Еремија 31,3; 1. Јованово 4,19 и Римјаните 8,9-11. Која е клучната порака за нас овде?**

Светиот Дух е всушност оној кој носи раст и ни овозможува да напредуваме и да останеме поврзани со Лозата. Треба секојдневно да се молиме Светиот Дух, кој е тука на земјата со нас:

- да биде наш Утешител (Јован 14,16-18).
- да ни го открие Исус (Јован 15,26).
- да нѐ осведочи за гревот (Јован 16,7.8).
- да нѐ упати во секоја вистина (Јован 16,13).

**Прочитајте ја таа листа повторно. Како секој од овие аспекти на дејствувањето на Светиот Дух влијае на вашиот однос со Бога?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Дури и пред да се родиме, Бог нè возљубил. Тој имал план да нè запознае и ние да го запознаеме Него. Тој нè бара како Добриот Пастир, и нè повикува да престојуваме во Него секој ден. Само треба да одлучиме да се ѕвиеме на неговиот повик, а потоа нашата бедна лаодикејска состојба да ја замениме за Неговите добри дарови (видете Откровение 3,18.19).

Исто како што гранките на лозата растат бавно, така и нашиот однос со Бога може да напредува рамномерно и полека, или да процвета одеднаш како резултат на толку многу потребниот дожд. Без оглед на темпото со кое растеме и количината на плодовите што ги носиме во нашиот живот, треба секојдневно да се храниме со „сокот“, односно со Светиот Дух, за да обезбедиме трајна поврзаност со Исуса.

„Да се биде во Христа значи постојано да се прима неговиот Дух, значи да се живее исцело предаден на неговата служба. Каналите што го поврзуваат човекот и неговиот Бог мора да бидат постојано отворени. Како прачката што постојано црпе сок од животодавната лоза, така и ние треба цврсто да се држиме за Исуса и со вера да примаме од него сила и совршенството на неговиот карактер“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 676 ориг.).

„Како може сува, неповрзана гранка да се соедини со матичната лоза? Како може да има удел во животот и исхраната на живата лоза? Само на тој начин што се накалемува на лозата, и се доведува во најблизок можен однос. Влакно по влакно, жила по жила, гранчето цврсто се прилепува за животодавната лоза, сè додека животот на лозата не се соедини со гранката, и гранката не почне да донесува ист плод како и лозата“ (Елена Г. Вајт, *Manuscript* 67, 1897.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Погледнете наназад на вашиот живот. Можете ли да издвоите некои животни настани кои направиле да заспиете во лаодикејска духовна состојба? Кои настани, пак, ве доведоа поблиску до Бога?**

**2. Елена Г. Вајт зборува за тоа дека треба „постојано да се прима неговиот Дух“. Колку често се молите за Светиот Дух? Што би се променило ако го примате Светиот Дух секој ден?**

**3. Што би можело да се промени ако ние, како црква, се молиме поусрдно и поредовно за Светиот Дух?**

**4. Бидете брутално, дури и болно искрени кон себе во врска со вашиот однос со Бога. Кои свесни одлуки мора да ги донесете за да имате блискост со Него каква што Тој сака, но вие ја спречувате?**

**Резиме:** Пред да можеме да почнеме да растеме во нашиот однос со Бога, прво мора да застанеме и да размислиме каков е нашиот моментален однос со Него. Ако е лаодикејски или ако нашите гранки не цветаат, Исус има совршено решение за нашата духовна состојба – да престојуваме во Него.

**2. Лекција**
**Од 4 до 10 април 2026**

# ДА СЕ ПОЗНАВА БОГ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 3,1-5; 3. Мојсеева 20,26; 1. Самоилова 2,2; 1. Јованово 4,7-19; 1. Мојсеева 1,1; 1. Мојсеева 2,7; Матеј 1,23; Матеј 28,20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос" (Јован 17,3).**

Јасното разбирање на Божјиот карактер е од пресудна важност за силната врска со Него. Затоа, оваа седмица внимателно ќе разгледаме што кажува Библијата за Божјиот карактер, бидејќи „Овој свет го обвива темнина на погрешни замисли за Бога. Луѓето не го познаваат веќе вистинскиот Божји карактер. Тие погрешно го сфатиле и погрешно го протолкувале. Токму во тоа време треба да се објави божествената порака, пораката што просветлува со своето влијание, пораката што има спасоносна моќ. Треба да се објави вистината за Божјиот карактер. Светлината на неговата слава, светлината на неговата добрина, милост и вистина, треба да ја растера темнината на овој свет... Откривањето на неговиот карактер полн со љубов е последен зрак на милосрдната светлина, последна порака на милоста што ќе му се објави на светот" (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи*, стр. 415 оригинал).

Се чини невозможно да се опише Бог на соодветен начин, и сè што можеме да направиме е да укажеме што зборува Библијата за Него. Иако никогаш нема да знаеме, особено не сега, сè што треба да знаеме за прекрасниот Божји карактер, ајде да почнеме да се молиме за тоа како што учиме повеќе за Него, да се продлабочи нашето разбирање и љубов кон Него, сè додека конечно нè посакаме да Му се приближиме до таа мера што ќе ја одразуваме Неговата љубов и Неговиот карактер и кон другите.

## ПОЈАСНА СЛИКА ЗА БОГА

Библијата ја дава највердната, најјасната и најдоследната слика за Бога. Целата Библија се стреми да ја тргне настрана завесата меѓу нашиот видлив свет и невидливиот, да ни покаже од каде доаѓаме и каде одиме, и конечно да ни открие кој е и каков е Оној што управува со сè.

Од 1. Мојсеева до Откровение, читаме за единствениот вистински Бог, кој ни се открива преку Библијата и Исус Христос, отелотворениот Бог. Можеме да читаме за Божјата семоќ (За Јов 1,12), за Неговото сезнание, за Неговата сезнајна природа (Исаија 46,9.10), за Неговата правда (Исаија 30,18), за Неговата милост (5. Мојсеева 7,9), за Неговата добрина и трпение кон нас (Римјаните 2,4), за Неговата мудрост (1. Коринќаните 2,7), за Неговата благодат (2. Коринќаните 12,9), за Неговото простување (Матеј 6,14), за Неговата волја за нашиот живот (Еремија 29,11), за Неговата моќ да ја победи смртта (Јован 11,25), за Неговата царска улога (Псалм 47,8), за Неговата вечна природа (5. Мојсеева 33,27) и за многу други особини кои ни даваат изобилство причини да Го сакаме и постојано да бидеме во Неговото присуство. Колку повеќе дознаваме за Бога и за тоа каков е Тој, толку повеќе ќе Го сакаме и ќе сакаме да имаме близок и траен однос со Него.

Луцифер бил првиот што се посомневал во Божјиот карактер. Неговите сомнежи за тоа кој е Бог, на крајот го довеле до најголемата битка во историјата на нашата вселена. Оттогаш, „сатаната постојано се обидува да го држи умот на луѓето окупиран со нешто што ќе го спречи да стекне познавање за Бога“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 740). На сатаната му е сеедно каква слика имаме за Бога (пантеизам, атеизам, деизам итн.), сè додека таа слика не е исправна.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,1-5. Која била целта на Луцифер кога разговарал со Ева? Какви лаги изговорил за Божјиот карактер?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Накратко, пораката на сатаната до Ева била следнава: Бог крие нешто од тебе. Тој не го сака она што е најдобро за тебе. Не можеш да Му веруваш. Елена Вајт го проширува ова и вели: „Уште од почеток на големата борба сатаната имал намера лажно да го претстави Божјиот карактер и да поттикне бунт против неговиот закон“ (*Патријарси и Пророци*, стр. 338 оригинал).

**На кои начини Божјиот карактер е погрешно претставен во нашиот свет? Што е уште поважно, како можеби и вие, понекогаш, погрешно го претставувате Неговиот карактер пред другите?**

## БОГ Е СВЕТ

Светоста не е збор што луѓето често го користат во секојдневниот говор, можеби затоа што има толку малку што е свето околу нас. Саботата е свет ден во времето, а и Бог е, секако, свет. Но, на нашиот секојдневен живот му недостасува светост.

Ако ги проучите особините што најчесто се поврзуваат со Божјиот карактер, ќе откриете дека светоста е во средиштето на тоа кој е Бог. Но, што значи тоа?

**Како го опишуваат Бога следните стихови: 3. Мојсеева 20,26; 1. Самоилова 2,2; Исаија 57,15 и Езекиел 38,23?**

---

Кога Библијата го опишува Бога како олицетворение на светоста, тоа значи дека во Него нема никакво зло, дека Тој е целосно слободен и одвоен од злото и гревот. Бог е 100 проценти добар од почеток до крај. Во оваа смисла, Божјата светост е темел на сите Негови останати атрибути.

На пример, Божјата љубов е чиста, света љубов – љубов целосно ослободена од секаква себичност и егоистични мотиви. Неговата сезнајност (сезнаење) е света, што значи дека е ослободена од секакви зли мотиви. Дали би му верувале на сезнаен Бог кој не е свет? Или со право би се плашеле од Него.

Божјата семоќ е света семоќ. Замислете Бог кој е семоќен, но не и свет. Тој би можел да биде моќен, злобен тиранин. Само Божјата светост ни дозволува и ни овозможува вистински да Го сакаме, бидејќи Тој е добар од почеток до крај. Затоа светоста е можеби најважниот атрибут што треба да се разбере за Божјиот карактер. Сепак, можеби таа е еден од Неговите најпогрешно сфатени атрибути.

Сетете се на библиските личности како Мојсеј, Исаија, Езекиел, Даниел и Јован, кои влегле во Божјото присуство. Која била нивната прва реакција? Ги соблекле обувките, ги покриле лицата или паднале како мртви. Како човечки суштества, ние сме грешни и толку несвети што не можеме да поднесеме да стоиме во Божјото присуство. Ниеден човек, без разлика кој е, не може да преживее ако погледне во Божјото лице. Кога Елена Г. Вајт влегувала во визија, таа често извикувала: „Свет... свет... свет“, бидејќи тој еден збор најдобро го опишувал она што го видела. И секако, четирите живи суштества немаат одмор ни дење ни ноќе додека не изговорат: „Свет, свет, свет, Господи, Седржител, Кој беше, Кој е и Кој ќе дојде!“ (Откровение 4,8). **Всушност, Бог е чиста светост и кога Му пристапуваме, мора да Го гледаме како таков. Како ова знаење ве вдахнува? Во која смисла тоа ве предизвикува да се замислите над сопствениот карактер?**

## БОГ Е ЉУБОВ

Љубовта е веројатно зборот што христијаните најчесто го користат за да го опишат Божјиот карактер. Ова можеби е поради изјавата за Божјиот идентитет во 1. Јованово 4,8, каде што се вели: „Бог е љубов“. Јован не рекол: „Бог е полн со љубов“, туку едноставно: „Бог е љубов“. Љубовта е Неговиот карактер, самата суштина на тоа кој е Тој.

Сепак, за многу луѓе, сликата што ја имаат за Бога произлегува од нивната човечка дефиниција за љубовта, која е секогаш искривена и несовршена. За разлика од ова, нашата дефиниција треба да биде обликувана според тоа како Бог се претставува себеси и што Тој открива за себе во својата вдахновена Реч.

**Што ни објаснува текстот 1. Јованово 4,7-19 во врска со љубовта?**

____________________________________________________________

Божјата љубов е совршена, доброволна и длабоко релациона (што имплицира заемност и размена), како што открива повторениот повик да „престојуваме“ во Него во 1. Јованово послание, бидејќи „ние ја познавме љубовта, која Бог ја има кон нас; и поверувавме во тоа дека е Бог љубов, и дека оној, кој пребива во љубовта, пребива во Бога, и Бог – во него“ (1. Јованово 4,16). Бог е љубов и нѐ создал според Свој лик (1. Мојсеева 1,27) да сакаме и да копнееме по љубов. На еврејски, главниот збор за љубов е *hesed*. Тој ја опишува Божјата заветна љубов кон човештвото, која опфаќа особини како што се верност, заштитничко однесување, постојаност и нежност.

Древните јазици како што се еврејскиот и грчкиот користат многу имиња за Бога, чиишто значења фрлаат светлина врз различни аспекти на Божјиот прекрасен карактер. Да наведеме само два примера:

- *Адонај:* Господар на сите, кој владее засекогаш преку завет (1. Мојсеева 15,2; Судии 6,15; Малахија 1,6; Псалм 97,5).
- *Јахве Јирех:* Господ ќе се погрижи (1. Мојсеева 22,13.14).

На крајот на краиштата, најголемиот израз на Божјата љубов е откриена преку дарувањето на својот Син на овој свет (Јован 3,16) да умре за грешниците (Римјаните 5,8). Бог би можел да го скрие тоа од човештвото, но поради Неговата великодушна, радикална, врвно сочувствителна и самопожртвувана љубов кон човештвото, Тој го испратил Исус на земјата за да можеме самостојно да одлучиме да возвратиме на таквата љубов, која е откриена во Неговата заменска смрт за нас. Исус не само што ја премостил одвоеноста што ја предизвикал гревот меѓу нас и Бога (Исаија 59,1.2), туку и живеел за да ни го покаже Божјиот совршен карактер на љубовта (Јован 14,9; Евреите 1,3) и да ги привлече сите луѓе кон Себе (Јован 12,32).

**Многу од Божјите имиња ја доловуваат Неговата светост и љубов во нивната суштина. Прочитајте 1. Коринќаните 13,4-8 и на секое место заменете го зборот „љубов“ со зборот „Бог“. Како тоа го проширува вашето разбирање за Божјиот карактер? Ако го ставите вашето име таму каде што пишува „љубов“, колку добро би се вклопиле во тоа?**

## БОГ ВО ДЕЛАТА НА СОЗДАВАЊЕТО

Веројатно првите зборови од Библијата ги знаете напамет: „На почетокот Бог...“ На еврејски, зборот за Бог овде е Елохим. Иако зборот може да се користи и во врска со „лажни богови“, кога се однесува на единиот вистински Бог, тој го опишува семоќниот Творец кој се доведува во врска со сите дела на создавањето – трансцендентен Бог кој е надвор од нашата моќ на поимање и кој управува со сè. Тој е толку силен што кога зборува, нешто се создава од самиот Негов глас.

Меѓутоа, во следната глава, 1. Мојсеева 2, се појавува друго име за Бога – Јахве. Ова име се поврзува со Елохим (Јахве Елохим), со истиот семоќен Бог, при што името Јахве е полично име за едниот вистински Бог, кое често се користи за да се нагласи дека Бог е всушност Бог на заветот, и дека се наоѓа во однос полн со љубов со луѓето што ги создал.

**Споредете ги описите за Бога во 1. Мојсеева 1,1 и 1. Мојсеева 2,7. Што забележувате?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Тука, врз основа на 1. Мојсеева 2,7, можеме да го замислиме Бога како клекнува за да го создаде првото човечко суштество од земниот прав со свои раце. „И Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа.“ Ова е Бог што пристапува близу – така близу за да вдахне животен здив во ноздрите на Адам. Тоа име, Јахве, дава поблиска слика за Бога, но Мојсеј ги користи и двете имиња во првите две глави од Библијата за да ни ги пренесе овие две Божји особини.

Колку чудесно! Тука ја гледаме Божјата трансценденција во однос на нас, како Елохим, и Неговата иманентност, Неговата блискост со нас, како Јахве. Колку е добро за нас да размислуваме и за двата аспекта на Божјиот карактер – за Неговата целосна контрола над сè и за тоа колку Тој е близу до нас. Како што им рекол Павле на Атињаните на Марсовото брдо, „Тој не е далеку од секого меѓу нас: зашто ние преку Него живееме, се движиме и постоиме“ (Дела 17,27.28).

За да растеме во нашиот однос со Бога, важно е да продолжиме да бараме јасна, урамнотежена слика за Него, врз основа на она што Библијата ни го кажува за Божјиот карактер. Затоа е важно да ги прочитаме сите делови од Библијата, наместо да се фокусираме само на еден дел. Бидејќи, навистина, колку повеќе учиме за Божјиот карактер, толку повеќе ќе Го сакаме.

**Прочитајте како Елијуј опишува некои од Божјите особини во стиховите Јов 36,24-33 и Јов 37. Потоа прочитајте ја Божјата изјава за Неговата семоќност во Јов 38 и Јов 39. Што откриваат овие текстови за Бога?**

## ЕМАНУЕЛ - БОГ СО НАС

Ако сакате на некој што не е христијанин да му го предочите описот на Божјиот карактер во Библијата, каде би го побарале?

Најдобриот одговор, секако, би бил Исус. Библијата вели дека Исус не е само одраз на Бога, туку и Божјо откровение. Постојат многу библиски текстови што го објаснуваат ова, но оној што го прави тоа наједноставно е стихот Јован 14,9. Тука Исус вели: „Кој ме видел мене, го видел Отецот“. Затоа, за да дознаеме повеќе за тоа каков е Бог, треба да го гледаме Исуса – Неговите зборови, Неговите постапки, Неговото однесување и Неговата голема љубов кон човештвото, која се покажала преку Неговата смрт и воскресение.

Љубовта и грижата на Отецот се најјасно изразени преку Неговиот Син, Исус. Убавината на Библијата е во тоа што Бог во неа ни дал драгоцен поглед на Исусовиот живот од четири перспективи, за да можеме да имаме целосна слика за тоа кој е Тој. Во Евангелието според Матеј (напишано од Евреин за Евреи), го гледаме Исуса, долгоочекуваниот Месија, кој ги исполнил дадените ветувања. Во Евангелието според Марко, го гледаме Исуса како води активен живот на служба и жртва. Тој секогаш мислел на другите и секогаш бил послушен на волјата на својот Отец. Во Евангелието според Лука, можеме да читаме за тоа како се чувствувал Исус во својата совршена човечка природа и своето сочувство, а го имаме тој воведен извештај што нè уверува дека она што го читаме е вистина (Лука 1,3.4). Во Евангелието според Јован, го гледаме воплотениот Божји Син и повикани сме да веруваме дека Исус е навистина Оној за кого Тој самиот тврди дека е, така што нашиот духовен живот може да се разбуди. Иако сите четири евангелија се занимаваат со истата тема, „тие не ги претставуваат работите на ист начин. Секој писател има сопствено искуство, и оваа разновидност го проширува и продлабочува изнесеното знаење за да ги задоволи потребите на секој ум“ (Елена Г. Вајт, *Manuscript,* 105, 1900). Кое евангелие сте го прочитале во последно време?

**Во стихот Матеј 1,23, на Исуса му е дадено посебно име. Зошто е ова толку важно за разбирањето на Божјиот карактер? Прочитајте го стихот Матеј 28,20, обрнувајќи посебно внимание на последниот дел. Споредете ги тие два стиха. Што забележувате?**

---

Ја допревме само површината на оваа огромна тема – Божјиот карактер. Бог е повозвишен и пофасцинантен отколку што можеме дури и да замислиме, и ние ќе учиме за Него низ целата вечност.

**Бог заслужува да го славиме за тоа кој е Тој, што направил и што прави во нашиот живот. Одвојте сега одредено време за да принесете молитва на славење на Бога за она што Тој е. Бидете конкретни и прецизни за тоа што Библијата ви кажува за Бога. (На пример, „Ти благодарам, Боже, што си __________, како што ми кажуваш во __________.“)**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Бог го повикува својот народ да го претставува Неговиот карактер, но за да го правиме тоа, прво мора самите да го познаваме. Најдобриот начин јасно да Го видиме, и покрај нашите грешни човечки очи кои премногу често погрешно ги разбираат Неговите свети и совршени патишта, е да ја проучуваме Неговата Реч, Библијата.

„Сета родителска љубов која преку каналите на човечките срца се пренесувала од поколение на поколение, сите извори на нежност што некогаш потекле од човечките души, претставуваат само одвај видливо поточе спрема бескрајниот океан кога ќе се спореди со бесконечната, неисцрпна Божја љубов, која не може да се изрази со зборови, ниту перото може да ја опише. Можете за неа да размислувате секој ден од својот живот; можете ревно да го истражувате Светото писмо за да ја разберете, можете да ги впрегнете сите од Бога дадени сили и способности за да ја разберете љубовта и сочувството на небесниот Отец, но сепак пред вас и понатаму стои бесконечност. Таа љубов можете со векови да ја проучувате, а сепак никогаш потполно нема да можете да ја сфатите сета ширина и должина, длабочина и висина на Божјата љубов, која се огледува во тоа што го дал Својот Син да умре за овој свет. Дури ни самата вечност никогаш нема да може во потполност да ја открие. Сепак, кога ја проучуваме Библијата и размислуваме за Христовиот живот и за планот на искупувањето, ќе бидеме во можност сѐ повеќе да ги разбираме овие големи теми“ (Е. Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 740).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Додека ги разгледувате Божјите особини што ги проучувавте во текот на оваа седмица, кои од нив имаа најголемо влијание врз вашето разбирање за Бога?**
2. **Кои други Божји особини би можеле да ги проучувате за да го продлабочите и зајакнете вашиот однос со Бога?**
3. **Со некој член од семејството или пријател, прочитајте или ислушајте ја првата глава од книгата „Патот кон Христа“, и разговарајте за неа. За кои нови сознанија за Божјиот карактер и за Исуса ве поттикна оваа глава да размислувате?**
4. **Многу луѓе имаат искривена слика за Бога, која Исус дошол да ја обнови. Што можете да направите за да им дадете јасна, исправна слика за Божјиот карактер на оние во вашата сфера на влијание?**
5. **Разгледајте го повторно она што го научивте од отсекот за понеделник. Иако сме очигледно грешни и несвети, Библијата исто така дава некои јасни тврдења за Божјиот народ кој живее свет живот. Прочитајте ги следните стихови: 1. Петрово 1,13-16; Римјаните 6,22; и Евреите 12,14. Бог е свет и нѐ повикува да бидеме свети. Но, што навистина значи да се живее свет живот?**

**Резиме:** Од почетокот на создавањето, Бог посакувал да оствари близок однос со нас. Иако нашето разбирање на Неговиот карактер е цел на нападите на сатаната, Бог ни се открива најјасно преку Својата Реч и преку својот Син, Исус. На крајот на краиштата, ако сакаме да го продлабочиме нашиот однос со Бога, неопходно е да имаме јасна, убава слика за Него.

**3. Лекција**
**Од 11 до 17 април 2026**

# ГОРДОСТ НАСПРОТИ ПОНИЗНОСТ





**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Јованово 2,15-17; Лука 18,9-14; 1. Јованово 1,9; Евреите 11,24-26; Лука 22,24-27; Филипјаните 2,3-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, секој што се возвишува, ќе биде понизен; а тој што се понизува, ќе биде возвишен“ (Лука 14,11).**

Сите познаваме луѓе со големо его, оние кои мислат дека никогаш не грешат. Или можеби познавате некој што сака сè да контролира, кој никогаш не е отворен за поучување ниту за конструктивна критика. Или некој кој се чини како да е постојано во конфликт со некого или е мајстор во понижување на другите. Кога станува збор за ова, веднаш ми паѓаат на ум други, но вистинското прашање е: Што е со секој од нас? Со покажување прст кон другите, и со негирање на сопствената гордост, само се залажуваме себеси.

Сите се бориме со гордоста. Сите имаме моменти кога посакуваме да изгледаме, да се однесуваме, да зборуваме подобро или да оставиме подобар впечаток од оние околу нас, бидејќи сме убедени дека сме подобри од нив, барем во нешто. Некој еднаш рекол дека прекумерната гордост произлегува од желбата да покажеме дека нашиот живот вреди нешто. Меѓутоа, веќе би требало да знаеме дека нашиот живот има вредност, бидејќи нас нè создал Бог и ние сме оние за кои Христос умрел.

Оваа седмица ќе го истражиме влијанието коешто гордоста може да го има врз нашиот однос со Бога и со другите, и ќе разгледаме што нè учи Библијата за понизноста пред другите и, секако, пред Бога.

## ЧУВСТВОТО НА ГОРДОСТ

Гордост. Кога ќе се спомне тој збор, можеби веднаш помислувате на некој горделив политичар, на некоја богата и славна личност, па дури и на петел. Гордоста е чувство дека сте поважни или подобри од другите луѓе. А, всушност, гордоста е чувство – и тоа такво на кое не можеме и не треба да се потпираме.

Гордоста најпрво започнала кај Луцифер, херувимот засолнувач, кој служел во непосредна близина на Бога. Не знаеме кога или на кој начин овие себични мисли се вовлекле во неговото срце, но знаеме дека тие мисли го поттикнале во вселената она што го нарекуваме големата борба. Гледаме дека сатаната е спротивност на Бога. (Споредете ги стиховите Исаија 14,12-14 и Филипјаните 2,5-11.) Како резултат на тоа, нашиот свет се бори со последиците од гревот уште откако тој посеал сомнеж во умот на Адам и Ева, а потоа ги вовел во искушение да се сакаат себеси и да се надеваат повеќе во себе отколку во Бога.

**Прочитајте 1. Јованово 2,15-17. Кои три главни вистини можеме да ги научиме од овој пасус за горделивоста и љубовта кон светот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Може ли гордоста да биде позитивна? Сигурно не во контекстот во кој ја познаваме, иако можеме да го користиме тој збор и во некоја позитивна смисла, кога зборуваме за нечии добри достигнувања или кога изразуваме длабоко почитување за некое добро што некој го направил („Толку сум горд/а на тебе!“). Важно е да се разбере дека стремежот кон врвни резултати и признавањето и правилното вреднување на Божјите дарови со кои правиме добро не значи дека сте надмени и горди. Според Светото писмо, постои и правилен вид на љубов кон самиот себе (сетете се на Исусовата заповед во стихот Марко 12,31, каде што Тој вели дека треба да ги сакаме другите како самите себе), но тоа е секогаш *несебична* љубов. Исто така, луѓето не се горди кога Бог е присутен во нивниот живот и кога имаат од Бога целесообразна насоченост (видете 1. Тимотеј 3,1). Луѓето се горди кога не му оддадат слава на Бога за она што Тој го прави во нивниот живот.

Да водиме сметка за тоа никогаш да не го изгубиме од вид фактот дека нашите поседи, нашите способности и нашите достигнувања не ја одредуваат нашата вредност. Наместо тоа, нашата вредност секогаш треба да доаѓа само од Бога, бидејќи сè што имаме, дури и она што како грешни суштества би можело да нè доведе во искушение да бидеме горделиви, впрочем потекнува од Него. Никогаш не смееме да го заборавиме тоа.

**Прашајте се:** ***Колку сум навистина горд/а? Како мојата лична гордост може да влијае на мојот однос со Бога и другите?***

## ЗАПОЗНАЈ СЕ СЕБЕСИ

Двајца мажи доаѓаат во црква да се молат. Едниот е почитуван старешина кој застанува напред, пред почетокот на службата, пред другите верници за да можат сите да го видат. Тој се моли гласно, заблагодарувајќи му се на Бога за својата лична добрина. Другиот, човек од маргините на општеството, стои сосем назад. Неговите очи се заматени од солзи од тежината на гревот врз неговите плеќи.Во задниот дел од црквата, тој паѓа на колена и шепоти во очај: „Те молам, Господи, биди милостив спрема мене грешниот!“

**Прочитајте го текстот Лука 18,9-14. Што мислите за овие двајца луѓе? Што мислел Исус за нив? Која важна поука ја наоѓаме тука за сите нас?**

___

За нас е многу лесно да се величаме себеси. Понекогаш ни станува сосема природно да им кажуваме на другите што сме постигнале и колку сме добри. Но, ништо од ова, само по себе, нема никакво влијание на нашиот углед во очите на небото. Всушност, сè е спротивно на она што ние го замислуваме, бидејќи „секој што самиот себе се возвишува, ќе биде понизен, а кој се понизува себе самиот, ќе биде возвишен“ (Лука 18,14). Исто така, Исус нè советува да го заземеме последното место и да дозволиме домаќинот да нè повика напред ако тој посака (Лука 14,8-10). Ова царство поставено потполно наопаку, за кое поучува Исус, е спротивно на она што ние го очекуваме. „Христос може да го спаси само оној кој е свесен дека е грешник“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи*, стр. 158 оригинал).

Кога ќе ја разбереме најнапред нашата вистинска грешна состојба и нашата очајна потреба за Христос, ние можеме да дојдеме кај Него, знаејќи со доверба дека „ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда“ (1. Јованово 1,9).

Колку повеќе се приближуваме до Христос, толку повеќе ја согледуваме нашата сопствена грешност и потполна недостојност. „Меѓутоа, вистинска претстава за својата сопствена состојба можеме да стекнеме само на еден единствен начин. Мораме да го посматраме Христа! Токму непознавањето на Христа ги наведува луѓето толку многу да ја возвишуваат својата праведност“ (*Христовите параболи*, стр. 159 оригинал).

Значи, што мисли Бог за горделивите? 1. Петрово 5,5 ни кажува дека „Бог им се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат“. Не може да биде појасно.

**Кога последен пат сте ја искусиле Божјата благодат во својот живот? (Всушност, треба да ја доживуваме таа благодат секој ден.) И ние исто така треба да покажуваме благодат кон другите. Поминете малку време во молитва токму сега, барајќи од Бога да нè понизи под Неговата моќна рака, за да може само Тој да нè возвиси кога ќе дојде време.**

## МОЈСЕЈ, ПОНИЗНИОТ СЛУГА

Величествените сали на египетските палати се гордееле со својот сјај, својот раскош, величина и удобност. „И ја научи Мојсеј целата мудрост египетска и беше силен во зборови и во дела“ (Дела 7,22). Живот на моќ, богатство и популарност му стоеле на располагање, а сепак Мојсеј избрал нешто сосема друго. „Како историчар, поет, филозоф, војсководител и законодавец - е неспоредлив. Меѓутоа, иако сето тоа стоело пред него, тој сепак имал морална сила да ги одбие примамливите изгледи за богатство, чест и слава: „И повеќе сакаше да страда заедно со Божјиот народ, отколку да има преодна гревовна наслада“ (*Патријарси и пророци,* стр. 246 ориг.).

**Што ни кажува текстот Евреите 11,24-26 за тоа зошто Мојсеј избрал поинаков пат и се понизил себеси?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Подоцнежната понизност на Мојсеј е сосем несекојдневна, со оглед на тоа колку моќен човек сметал дека е, и од каде потекнувал. Сепак, поради еден импулсивен грешен чин (2. Мојсеева 2,12), тој ја изгубил самодовербата и самодоволноста. Опкружен со планини како ѕидови во училница, со згазена гордост, Мојсеј во текот на 40 години го учел од Бога она што требало да го знае за да го изведе народот од ропство во Ветената земја. Моќта и богатството на животот кој би можел да го води во Египет, потполно го изгубиле своето значење кога размислувал за вечноста. Бог го повикал на многу посебен начин, и Мојсеј одговорил на Божјиот повик.

Можеби најзначајното во светлината на оваа тема се наоѓа во 4. Мојсеева 12,3, каде што ни е кажано: „А Мојсеј беше најкроткиот човек меѓу сите луѓе на земјата“. Мојсеј, еден од најголемите патријарси во Библијата, е познат токму по својата понизност, својата кротост. Замислете колку различни би изгледале неговиот живот и неговото водство ако гордоста се вмешала во кој било од големите настани во неговиот живот – средбата кај грмушка што горела, злата во Египет, преминувањето преку Црвеното Море, паѓањето мана од небото, неговиот директен разговор со Бога, примањето на Десетте заповеди и слушањето на Божјите зборови откако ја удрил карпата.

Погледнете го вашиот сопствен живот. Ако некој треба да ве опише, дали изразите „понизен“ или „кроток“ би се нашле на листата од придавки? Зошто би се нашле, или зошто не? Факт е дека не можеме да бидеме понизни сами по себе. Гревот е дел од нашиот живот и затоа ни е толку потребен Исус. Слушнете ги или прочитајте ги зборовите од химната „Претпочитам да го имам Исус“ (I’d Rather Have Jesus) и согледајте ги во светлината на Мојсеевиот и вашиот живот.

## НАЈГОЛЕМАТА НАВРЕДА

Замислете си дека сте Исусов ученик. Патувате со Него, јадете со Него, спиете во Негова близина и учите од Него додека Тој преобразува безброј животи, вклучувајќи го и вашиот. Многу луѓе го бараат, го повикуваат и вие сфаќате колку е посебно тоа што ве избрал да бидете еден од дванаесетте кои му се најблиски. А тогаш почнувате да се прашувате: Кој е навистина најголемиот од сите ученици?

**Во Лука 22,24-27 прочитајте го одговорот на Исус на прашањето за вистинската величина, поттикнат од расправата меѓу Неговите ученици. Која изјава ја опфаќа суштината на Исусовата порака во овие стихови?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Некој може да помисли дека, по сето тоа време поминато во блиска врска со Исуса, таквата дебата е последното нешто што би можело да им падне не ум. Но, не било така.

Наместо да бидат задоволни со својот повик, во срцата на овие луѓе се појавила гордост, до таа мера што секој од нив се сметал себеси за подобар од другите. Лесно е да се дозволи таквите мисли да го заробат нашиот ум. Но, кажано ни е дека „ништо не е толку навредливо за Бога, ништо толку опасно за човечката душа, како горделивоста и самоувереноста. Од сите гревови, тој е најбезнадежен, најтешко се лекува“ (*Христовите параболи*, стр. 154 ориг.).

За нас, ова е нешто многу сериозно. Нашата гордост, нашата надменост, го навредува Бога повеќе од сè друго, и тоа е карактерна црта што е тешко да се надмине, бидејќи честопати не ја гледаме онаква каква што е навистина. Во нашата состојба на самодоволност, претпочитаме да не се проценуваме себеси, бидејќи гордоста сигурно владее. Меѓутоа, потребно е да запреме, да си поставиме дијагноза на самите себе и да го замолиме Бога да ни ги отвори очите за нашата вистинска состојба, бидејќи гордоста може да биде фактор број еден кој нè спречува уште денес да имаме близок однос со Бога.

Ако увидувате дека само Бог може да ја отстрани гордоста и себичноста од вашата душа, застанете и изговорете ја оваа молитва токму сега: „Господе, земи го моето срце, зашто јас не можам да ти го дадам! Тоа е твоја сопственост. Сочувај го од расипаност, зашто јас не можам да го сочувам за тебе! Спаси ме наспроти самиот мене, наспроти мојата слаба, нехристијанска стара природа! Обликувај ме, промени ме, подигни ме во чистата и света небесна атмосфера, така што низ мојата душа да можат да потечат изобилните количества на твојата љубов!“ (*Христовите параболи,* стр. 159 ориг.).

## ГЛЕДАЈТЕ ВО НЕГО

**Прочитајте го повторно стихот Лука 22,27. Која клучна поука се наоѓа тука за сите Христови следбеници?**

____________________________________________________________________

Во остра спротивност со желбата на учениците да бидат понадмоќни и нивното верување дека се подобри од другите, го гледаме Исуса – врвниот пример за понизност. Исус, кој рекол: „Јас сум меѓу вас како слуга“ (Лука 22,27). Исус, кој на оние околу него секојдневно им ја укажувал помошта што им била потребна, бидејќи бил полн со сочувство и на нив гледал како на овци без пастир. Тој знаел колку им е потребен на луѓето, попотребен од сè друго во животот, иако малкумина од нив биле свесни за таа едноставна вистина. Исус, кој се откажал од небото за да умре за човечкиот род, надевајќи се дека тие ќе го разберат неговиот чин на благодат и ќе одговорат на неговиот повик да стапат во тесна и лична заедница со Него.

**Прочитајте го текстот Филипјаните 2,3-8. Според овие зборови, како треба да живееме во светлината на Крстот?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Исус направил *сè*. Тој поднел сè. Кога ќе застанеме доволно долго за да можеме вистински и јасно да Го видиме, не можеме а да не ја видиме и нашата сопствена нечистотија, нашата извалканост и нашата очајна потреба за Него во нашиот живот денес.

Кога го гледаме Него, сè друго (особено ние самите и нашата сопствена вообразена величина) станува сосема безначајно. Кој е Исус, што направил и колку ги сака своите созданија избива во прв план. Нашето „јас“ сигурно ќе исчезне кога го гледаме Него.

Исус. Какво прекрасно, моќно име! Тој е олицетворение на понизноста. Кога учиме за Него со отворено срце, кога сфаќаме што направил Тој за нас и кога дозволуваме Неговите зборови на животот да го обземат нашиот ум, тогаш согледуваме колку сме навистина горди и бедни. Ако дури и Неговите ученици, кои живееле со Него и учеле од Него, се бореле со гордоста, не можеме да се залажуваме себеси дека ние сме поинакви. Впрочем, можеме да растеме во нашиот однос со Исуса само кога сме понизни.

Поминете малку повеќе време со Него токму сега. Земете ја вашата Библија, пенкало и вашиот дневник или парче хартија и пронајдете тивко место – можеби дури и некаде надвор. Повикајте го Бога да го омекне вашето срце и да му проговори. Препишете го Псалм 138, збор по збор. Додека пишувате, кои зборови особено ви паѓаат во очи?

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Колку поблизу пристапуваме до Христа, колку појасно ја согледуваме чистотата на неговиот карактер, сè појасно ја препознаваме прекумерната грешност на гревот и помалку ќе сакаме да се извишуваме себеси. Секако, оние што небото ги признава за свети, последни се кои ќе ја истакнуваат својата добрина“ (*Христовите параболи,* стр. 160 оригинал).

„На честа ѝ претходи понизност. За да го потполни високото место пред луѓето, Небото бира работник кој, како Јован Крстителот, пред Бога зазема ниско место. Ученикот што најмногу наликува на дете е најуспешен во работата за Бога. Небесните суштества можат да соработуваат со оној што не сака да се издигне себеси туку да ги спасува душите....“

Но кога луѓето ќе се возвишат, сметајќи дека се незаменливи за успехот на големиот Божји план, Господ ќе стори да останат на страна...

На Исусовите ученици не им било доволно само да бидат поучени за природата на неговото царство. Им била потребна промена на срцето што би ги довела во хармонија со неговите начела... Едноставноста, заборавањето на себе и детската љубов исполнета со доверба - се особини што ги цени Небото. Тоа се особините на вистинската големина...

Искрената, скршена душа, е драгоцена во Божјите очи. Тој става свој печат на луѓето не според општествениот слој, не според нивното богатство, не според нивната умна големина, туку според нивното единство со Христа“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 436, 437 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои дополнителни согледувања во врска со гордоста и понизноста ни даваат следните стихови: Матеј 23,12; Псалм 25,9; Псалм 149,4; и Јаков 4,6.10?**
2. **Размислете искрено: Кога последен пат сте „ја истакнувале вашата добрина“? Како тоа влијаело на вашиот однос со Бога или на оние пред кои сте ја истакнувале?**
3. **Што би требало да промените во својот живот за да се понизите пред Бога и да го зајакнете своето чекорење со Него?**

**Резиме:** Гордоста може да биде една од најголемите пречки за растењето во врската со Бога. Ако се чувствуваме самодоволни и не ја согледаме нашата потреба за таа поврзаност, едноставно нема да се стремиме да ја оствариме. Спротивно на тоа, Исус бил најскромниот Човек на земјата и најсовршениот пример кој ни покажува како можеме да имаме близок однос со Бога.

4. Лекција
Од 18 до 24 април 2026

# УЛОГАТА НА БИБЛИЈАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Плачот на Еремија 3,22.23; 2. Тимотеј 3,15-17; Јован 17,17; Ефесјаните 1,13; Псалм 119,11; 1. Коринќаните 2,14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, словото Божјо е живо и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици; и навлегува до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот, и ги проценува мислите и намерите на срцето“ (Евреите 4,12).**

Библија. Нема сомнение дека поседувате еден примерок или можеби повеќе од еден.

Низ историјата, оваа драгоцена книга била умножувана во тајност, шверцувана и забранувана. Таа е најобјавуваната книга во светот, на кој било јазик, а воедно и една од најстарите. Многу луѓе го дале својот живот за да може Библијата да биде сочувана.

Какво место зазема Библијата во вашиот живот? Дали ја читате, или се наоѓа покрај вашиот кревет или на полица за книги собирајќи прашина? Дали сте премногу зафатени за да најдете време навистина да ја проучувате Божјата Реч, или сте премногу уморни за да ги отворите нејзините страници?

Божјата Реч е жива и моќна, и Бог ве повикува да ѝ дозволите да му проговори на вашето срце, да ве охрабри, да ви упати предизвик и да ве промени, и да ви даде насока и надеж.

Библијата не е само некоја академска книга или збирка стари приказни. Таа е прекрасен, темелен извештај за тоа како Творецот на вселената настојува да нè приближи кон себе. Ако имате желба да растете во вашата заедница со Бога, најдоброто нешто што можете да го направите е да се посветите на тоа да поминувате квалитетно време со Него секој ден, читајќи ја Неговата вдахновена Реч и потчинувајќи ја вашата волја на она што таа го учи.

## НАЈМОЌНОТО ОРУЖЈЕ

Пред да истражиме зошто Библијата е толку вредна и како подлабоко да копаме во нашето лично проучување на нејзините списи, мора да разбереме нешто – еден од најзначајните напади што сатаната може да ги изврши врз вас е да ве спречи во тоа да поминувате време со Бога во Неговата Реч. Држењето на луѓето подалеку од Библијата поради работа, неволност, замор или сомнеж е неговата стратегија број еден. Тој знае дека поминувањето време со Бога во Неговата Реч го обновува нашиот живот и ја храни нашата душа, така што, секако, би направил сè за да го спречи тоа!

Кажано ни е: „Сатаната применува секакво лукавство луѓето да ги спречи да се здобијат со знаење од Библијата, заштo нејзиното јасно учење ги открива неговите измами“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 593 оригинал). Сатаната знае дека моќната Божја Реч го прави слаб и немоќен. Тој знае дека молитвата и проучувањето на Библијата се најмоќните оружја што човештвото може да ги употреби против него (Ефесјаните 6,17.18; Евреите 4,12), па затоа прави сè што може за да ги спречи луѓето да читаат и да се молат. Тој знае дека Божјите зборови се моќни и дека тие не само што го довеле овој свет во постоење (Псалм 33,6), туку дека можат да ги подигаат мртвите (Јован 11,41-44) и да дадат сила за победа (Матеј 4,1-11).

Одвлекувајќи го Божјиот народ подалеку од Библијата, сатаната влијае не само на нашиот однос со Бога, туку и на нашите односи со другите. Нашите бракови стануваат затегнати, им викаме на нашите деца и немаме трпение кон пријателите и колегите. Животот изгледа премногу забрзан. Оптоварени сме и под притисок, и не можеме да видиме излез од тоа. И за чудо, честопати не застануваме доволно долго за да сфатиме што се случува. Можеби мислиме дека сме блиску до Бога, но во реалноста, како што минуваат деновите и седмиците без дури и да ја отвориме Божјата Реч, секој ден стануваме сè послаби и послаби.

**Дури и кога имаме променлив и многу недоследен однос со Бога, Тој е чудесно доследен, како што читаме во стихот Плач Еремиин 3,22.23. Кои особини се истакнуваат во овие стихови и какви се тие во споредба со нашата човечка природа?**

---

Пред својот пад, додека бил херувим засолнувач (Езекиел 28,14-17), Луцифер ги слушал Божјите зборови и ја знаел нивната неверојатна моќ. Но сега тој ја мрази таа вистина, па затоа е јасно зошто нашиот ум станува тап, а нашето срце стврднува кога избираме да не ги слушаме Божјите зборови и да ги применуваме во нашиот секојдневен живот.

**Колку сте нерешителни или недоследни во вашиот верски живот? Што ви кажува вашиот одговор на тоа прашање за можната потреба да се направат некои промени?**

## СВЕТОТО ПИСМО КАКО АВТОРИТЕТ

**Авторитетот и улогата на Библијата се јасно наведени во самите нејзини страници. Прочитајте ги и препишете ги стиховите 2. Тимотеј 3,15-17. Забележете што ви кажуваат овие стихови за улогата на Библијата.**

___

Кога станува збор за личното проучување на Библијата, мора да бидеме внимателни и да не очекуваме Библијата секогаш да се согласува со некоја наша сопствена цел или гледиште, кое не е секогаш исто како Божјето. На пример, не би требало да го користиме методот „затвори ги очите и покажи со прст кон текстот", бидејќи тоа не е начинот на кој Бог сака да комуницира со нас преку Својата Реч. Бог не е марионета што само чека да им послужи на нашите потреби и нашата волја. Неговите патишта и Неговите мисли се многу повозвишени од нашите (Исаија 55,9), и затоа никогаш не треба да се обидуваме да ги контролираме зборовите што ни ги упатува Тој. Ниту, пак, треба да ги избираме само оние делови од Библијата што ни одговараат. Библијата треба да се гледа како целина, наместо да читаме едноставни, познати пасуси и да ги изоставаме оние што ни изгледаат противречни и со одреден предизвик. Ако навистина сакаме Бог да зборува во нашиот живот, мора да ја земеме Библијата како целина и да користиме здрави методи додека внимателно проучуваме, верувајќи дека Бог ќе ни го открие тоа што треба да го слушнеме тогаш кога треба да го слушнеме.

Исто така, самиот Исус ни кажува: „Возљуби Го Господа, својот Бог, со сето свое срце, и со сета своја душа, и со сиот свој разум" (Матеј 22,37). Со други зборови, Бог не сака ние да го занемариме нашиот ум. Тој, всушност, сака да го исполни нашиот ум со Неговото огромно знаење и разбирање со огромен досег, кое се открива, делумно, и преку Неговата Реч. Можеме да прочитаме многу библиски наративи во кои Бог разговара со поединци како што се Енох, Аврам, Мојсеј и Јов, освен многуте разговори што Исус ги водел со луѓето. Бог не го заобиколува човечкиот разум, туку нè повикува да го потчиниме на Неговата Реч и мудрост додека го „градиме" нашето спасение.

Меѓутоа, човечкиот разум и понатаму е човечки – подложен на грешки и измами. Никогаш не е непогрешлив. Се случува човечкиот разум да го оттурне Бога настрана во обид самиот да реши сè, а со тоа се поставува како рамноправен на Бога, или дури и над Него, кога станува збор за размислувањето. Луѓето можат да пристапат кон Светото писмо со арогантен и критички дух, мислејќи дека тоа веќе го слушнале и дека нема ништо ново во него. И токму тогаш кога се чувствуваме важни, самоуверени, самодоволни, како да не ни треба ништо, ние го занемаруваме нашиот однос со Бога и се потпираме на сопственото ограничено знаење и погрешно расудување.

## БИБЛИСКАТА ВИСТИНА

Меѓу некои либерални теолози од 1960-тите, постоеше тренд да се исклучи Бог од сферата на теологијата. Во 2017 година, насловната страница на списанието „Тајм“ носеше наслов „Дали вистината е мртва?“. Ова е интересно бидејќи тој тренд ја илустрира состојбата во која се наоѓа нашето општество денес. Самата идеја за „вистината“ се распаѓа до тој степен што никој повеќе не знае што е вистината. Според популарната култура, не постои мерило, нема темел што останува траен и на кој можеме да се потпреме дека ќе ја издржи проверката на времето. Спротивно на тоа, Исус рекол: „Јас сум... вистината“ (Јован 14,6). Неговата Реч сведочи за Него како вистина во совршена чистота.

**Прочитајте ги следните три стиха полека, а потоа прочитајте ги уште еднаш. Што забележувате во врска со овие пораки?**

**Јован 17,17** ______________________________________________

**Мудри изреки 30,5.6** ______________________________________

**Псалм 12,6** ______________________________________________

Библијата тврди дека вистината, самиот Исус Христос, никогаш не се менува (Евреите 13,8). Во исто време, додека ја читаме Божјата Реч, нашето разбирање за Бога и Неговата вистина може да расте. „Постојат рудници на вистината што искрениот трагач сè уште не ги открил“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за Црквата*, кн. 5, стр. 704). Кога зборува за „вистината“, Елена Г. Вајт секогаш мислела на вистината што Бог ни ја дал преку Неговата Реч. Можеме да трагаме по дополнителна светлина во Библијата, бидејќи таа никогаш не им противречи на претходните вистини, туку се надоградува на нив.

**Прочитајте ги следните стихови: 1. Солуњаните 2,13; Псалм 33,4.5; и Ефесјаните 1,13. Која порака се наоѓа тука?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

На крајот на краиштата, Библијата и само Библијата мора да биде примарен извор на она што го сфаќаме како вистина. Сите други извори мора да бидат проверени и испитани со Божјата Реч. Дури и она што го сметаме за „разумно“, треба да биде тестирано со Божјата Реч.

**Некои луѓе тврдат дека не постои вистина. Зошто ова тврдење е противречно само по себе? Односно, зошто тврдењето дека вистината не постои, всушност станува обид за утврдување на вистината, т.е. обид што се побива самиот себеси?**

# БИБЛИСКИ ТВРДЕЊА

Што би можело да се промени во вашиот дом ако се свртите кон Библијата кога се соочувате со некоја голема одлука, со проблем во односите или со некој предизвик? Што би можело да се промени на вашето работно место или во црквата ако зборовите од Библијата навистина станат призма низ која луѓето би гледале на светот, и според која би одлучиле да живеат?

Писателите на Библијата знаеле колку се навистина драгоцени нејзините зборови. Ниту една друга книга не може да ви проговори вам лично како што можат тие зборови. Тие зборови можат да останат на страниците на вашата Библија, но како можете да ги задржите во вашето срце?

**Кој совет ни го дава Давид во стихот Псалм 119,11, и како да го следиме? (Видете исто така Евреите 4,12.)**

__________________________________________________________________________

Едно од тврдењата што Библијата ги изнесува за себе може да се најде во Евреите 4,12. Мечот со две острици е моќен и остар, но за човечката душа Библијата може да го направи она што човечките орудија не можат. Библијата се опишува себеси како жива. Можеби сте се прашале како е ова можно, со оглед на тоа што е напишана пред повеќе илјади години. Но Исус рекол: „Зборовите што ви ги кажав се дух и живот“ (Јован 6,63). Ако вашето срце е скршено или животот ви се распаѓа, Бог може да ги изговори своите зборови над вашиот живот и да го промени она што се случува. Стариот завет, исто така, ги опишува Божјите зборови како многу активни, а во никој случај стагнирачки или пасивни (видете Исаија 55,11). Размислувајќи за влијанието на Божјите зборови врз неговиот живот, Давид напишал: „Тоа ме утешува во неволјата моја, зашто Твоето слово ме оживува“ (Псалм 119,50).

Можеби сте искусиле силен глад во одреден момент од вашиот живот, или можеби сте постеле и сте биле на диета. Зарем храната нема одличен вкус откако добро ќе огладнете? И во духовна смисла, Библијата е храна за нашата душа.

Ако вашата душа е празна и гладна, отворете ја живата Реч. Прочитајте ги следните стихови: Еремија 15,16; 1. Петрово 2,2; и Матеј 4,4. Божјите зборови имаат пријатен вкус за умот и срцето, и кога ги читаме, тие нè исполнуваат и нè хранат како што е ветено.

Зборовите во нашата Библија потекнуваат од самиот Бог. Бог ги испратил посебно за нас и за секој друг човек што Го бара. Ако ги читаме со молитва и со отворено срце, нема да бидат изгубени.

**За кои борби, со кои се соочуваш моментално во твојот живот, зборува Библијата? Зошто не треба да му дозволиш на твоето „јас“ да те спречи да го следиш она што ти го кажува таа?**

## СОСТОЈБАТА НА СРЦЕТО

**Нашата способност да примаме поуки од Божјата Реч (Јов 22,22) во голема мера зависи од тоа каква е состојбата на нашето срце додека ја читаме. Како го објаснува ова стихот 1. Коринќаните 2,14?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Да се има духовно расудување значи да се има духовно сфаќање и разбирање. Затоа, логично е дека лице со духовно отворен ум ќе извлече сосема поинакви заклучоци кога ја чита Библијата од лице кое го затворило својот ум за духовноста. Некој што мисли дека содржината на Библијата е „безумство“ нема да ја бара вистината на нејзините страници.

**Затоа, и нашиот став кон Библијата, а и начинот на кој пристапуваме кон нејзиното читање се многу важни кога станува збор за растење во нашата заедница со Бога. Како Павле го објаснува ова во стихот 1. Солуњаните 2,13?**

____________________________________________________________

Божјата Реч станува делотворна во нас кога веруваме. Кога ја отворате вашата Библија и верувате дека Бог има нешто да ви соопшти преку зборовите на нејзините страници, Тој навистина ќе ви проговори и ќе дејствува во вашиот живот. Но, многу зависи од вашата вера и вашите очекувања. Добрата вест е дека кога вашата вера е мала, Бог може да ѝ помогне да расне (Марко 9,24), дури и ако е малечка како синапово зрно (Лука 17,6).

Една од големите цели на Библијата е да ни ја открие вистината за состојбата на нашата врска со Бога во нашиот живот и како да ја зајакнеме. Ако вашето срце е отворено за Светиот Дух, ако пристапувате кон Словото со понизност, секогаш ќе доживувате промена, иако тоа можеби нема да биде веднаш забележливо од ден на ден, бидејќи таквата промена и раст често се постепени. Но, ако се држиме за нашата безволност и за нашиот грев, и не сме одлучни да се промениме, читањето на Библијата нема да ни биде од голема полза. Светиот Дух нè поттикнува да му се приближиме на Исуса Христа. Дали сакаме да направиме чекор поблизу до Него? Ако е тоа наша одлука тогаш стануваме „мудри за спасение“ (2. Тимотеј 3,15) и ќе видиме работи што никогаш не сме можеле да ги замислиме.

**Во каква состојба се моето срце и мојот ум додека пристапувам кон Библијата? Дали ги наметнувам сопствените мислења на Библијата, обидувајќи се да ги оправдам, или доаѓам со отворен ум и срце, подготвувајќи се со детска вера да дознаам што Бог денес сака да ми каже? Зошто одговорот на ова прашање е толку важен?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ако ги разгледате зборовите што сте ги изговориле во изминатите 24 часа, како би ги оцениле? Дали беа полни со љубов, љубезни, радосни, охрабрувачки или зловолни, уморни, загрижени, лути, озборувачки и злонамерни? Библијата вели: „устата го зборува она што излегува од преполнетото срце“ (Матеј 12,34). Кога имаме отпадоци и ѓубре во срцето, тоа излегува на виделина преку нашите зборови.

Сите ние сме искусиле какво е чувството да се биде огорчен, уморен или под стрес, а таа состојба на умот влијае на она што излегува од нашата уста (честопати зборови за кои подоцна се каеме). Наспроти ова, кога нашето срце е преполно со љубов кон некого, таа се излева преку нашите зборови.

На ист начин, Божјата Реч ни зборува за Неговото срце и Неговите намери кон нас. Неверојатна е и самата помисла дека токму овие зборови, директно од Божјото срце, стануваат наша сопственост преку Библијата. Навистина е прекрасно да се гледа моќта што Божјите зборови ја имале низ историјата.

„Да ѝ се пристапи на Библијата како на книга полна со добри морални поуки кои треба да се слушаат онолку колку што се во согласност со духот на времето и со нашата положба во светот е една работа, а нешто сосема друго е таа да се смета за она што навистина е – Реч на живиот Бог, Реч која е наш живот, Реч која треба да ги обликува нашите активности, нашите зборови и нашите мисли. Да се смета Божјата Реч за помала од тоа во што било, значи да се отфрли. Фактот што на ваков начин ја отфрлаат и оние кои велат дека веруваат во неа, е основна причина за скептицизмот и неверувањето меѓу младите“ (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 260 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Колку логички и рационални причини наоѓате за вашата вера? Веројатно многу повеќе отколку што сте мислеле.**
2. **Како можете да бидете сигурни дека проучувањето на Библијата и молитвата претставуваат темел на вашата врска со Бога? Како можете да бидете во заедница со Бога без молитва и проучување на Библијата?**
3. **Ако некој сака да го продлабочи својот однос со Бога, каков совет би му дале – од каде да почне да чита?**
4. **Како можете да живеете од секој збор што излегува од Господовата уста? (5. Мојсеева 8,3). Како би изгледало тоа навистина во вашиот живот?**
5. **Што ви кажуваат следните текстови за Божјата реч? Евреите 11,3; Псалм 33,6; Матеј 11,4.5; 1 Солуњаните 4,16; Ефесјаните 6,17; Јаков 1,21.**

**Резиме:** Библијата е жива и моќна, а нејзиното читање е од суштинско значење за развивање на нашата заедница со Бога. Не само што нѐ учи за Божјиот прекрасен карактер и за Неговото провидение во животот на луѓето во текот на историјата на Земјата – Библијата исто така денес лично ни се обраќа на секој од нас кога ѝ пристапуваме понизно.

**5. Лекција**
**Од 25 април до 1 мај 2026**

# КАКО ДА ЈА ПРОУЧУВАМЕ БИБЛИЈАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 15,1-8; Марко 1,35; 1. Летописи 16,11; Псалм 119,105; Исаија 50,4; Исаија 55,1-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Така и Моето слово, што излегува од устата Моја, не се враќа кон Мене празно, туку го исполнува она, што Ми е угодно, и го прави она за што сум го испратил Јас“ (Исаија 55,11).**

Сетете се кога сте ја добиле вашата прва Библија.

Можеби сте биле дете и сте ја добиле од некој роднина христијанин. Или можеби сте ја купиле сами како возрасен. Колку долго и да ја имате (а можеби имате повеќе од еден примерок), размислете за вредноста што ја придавате на таа Книга. Дали таа е една од вашите најценети, највредни поседи или земате здраво за готово дека Божјата Реч е во ваш дофат? Дали ви е тешко да бидете доследни во читањето на Библијата? Дали некогаш сте се запрашале: *Од каде да почнам? Како да ја читам оваа Книга за да се приближам до Бога?*

Мартин Лутер рекол: „Еве, веќе неколку години наназад, два пати годишно ја читам целата Библија. Ако Библијата беше големо, моќно дрво, а сите нејзини зборови беа ситни гранчиња, би ја опипувал секоја гранка, желен да откријам што се наоѓа таму и што има таа да понуди.“

Без разлика дали вашето секојдневно искуство со проучување на Библијата е живописно и моќно, или вашата Библија претежно стои неотворена на полица, фактот е дека сите можеме да напредуваме во нашето проучување на Библијата со Бога. Оваа седмица ќе истражиме како на практични начини да го подобриме нашето проучување на Божјата Реч.

## ВРЕМЕ

Дали некогаш сте го наместиле алармот за да се разбудите малку порано од обично за да ја читате Библијата? Дали некогаш ви било тешко да станете од кревет, а потоа погледнувате на часовникот и сте си помислиле: Имам петнаесет минути пред да ги започнам моите дневни обврски. Подобро да побрзам! Дали некогаш ви се случува да се помолите само кратко и површно, или да прелистате некоја глава од Библијата, само за да ја смирите вашата совест, иако вашето срце останува незадоволно, пред набрзина да се зафатите со вашите дневни активности?

„Меѓутоа, малку полза може да се извлече од читањето на Писмото набрзина. Некој може да ја прочита целата Библија, а пак да пропушти да ја види нејзината убавина или да го сфати нејзиното длабоко и скриено значење" (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 90 оригинал).

Иако читањето на Библијата навистина носи благослови – како да пиеме вода од хидрант (во брзање и во големо количество; заб. на прев.), сепак е можно да се случи да ја прелистаме пребрзо и да пропуштиме многу. Бог ни ја дал Својата вдахновена, драгоцена Реч за да дознаеме што повеќе за Него (а патем и за самите себе). Кога одвојуваме време да го согледаме неописливиот прекрасен Божји карактер и начините на кои дејствувал и стапувал во контакт со луѓето во текот на историјата, можеме само повеќе да Го сакаме. Записот за тоа Негово дејствување се наоѓа токму таму, во наши раце – но мора да најдеме време и да одвоиме време за да го запознаваме Бога читајќи ја Неговата Реч (Дела 17,11). Разгледајте ги следниве предлози:

**Побарајте од Бога да всади копнеж за Него во вашето срце.** Повикајте се на ветувањата запишани во стиховите Еремија 29,13 и Псалм 37,4. Побарајте од Него да ве разбуди порано од вообичаеното и да ви помогне да ослободите квалитетно време во вашиот ден за да му го посветите Нему.

**Покорете му го вашето време на Бога.** Да, зафатени сте и има толку итни работи да се завршат. Но запомнете, времето поминато со Бога е од непроценлива вредност. Одете на некое тивко место сами и прочитајте го стихот Псалм 46,10. Читајте ги зборовите од химната „Јас Ти давам сè" или испејте му ја на Бога. Размислете за областите од вашиот живот што сè уште не сте му ги предале, и понудете му ги на Бога.

**Поминувајте време со Бога дури и кога не чувствувате дека имате потреба од тоа.** Исто како што е потребна свесна одлука и план за дејствување за да бидете здрави (вежбање, здрава исхрана), така е потребно и свесно да одлучите да имате блиска заедница со Бога. Имајте на ум дека се потребни најмалку 21 ден за да се воспостави нова навика и дека во ништо не можеме да успееме без помошта на Светиот Дух.

**Прочитајте го повторно текстот Јован 15,1-8. Што ни кажува Исус за престојувањето во Него, за тоа да бидеме во Него, и зошто ова е толку пресудно за нашата вера?**

## МЕСТО

**Исус е наш совршен пример во сè, па секако и кога станува збор за личната побожност и посветување. Што ни кажува Марко 1,35 за времето што Исус го поминувал со Бога?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Иако е тоа запишано во еден стих, од Исусовиот пример можеме многу да научиме. Долго пред да изгрее сонцето, Тој ќе се оддалечел (далеку од вревата и метежот на секојдневниот живот) за да најде некое тивко, осамено место каде што може да биде насамо со Својот Татко. Можете ли да ја замислите таа сцена – Исус како седи покрај Галилејското Море или на ридските падини, се моли и разговара со Својот Татко пред светот околу Него да се разбуди од сон? Иако овој стих ја опишува Исусовата посветеност во молитва, ние јасно можеме и да видиме дека тоа било приоритет за Него. Нема сомнение дека токму ова време му дало сила да се соочи со сè што претрпел. Ако на Исуса му било потребно така да го започнува секој ден, колку ли повеќе тоа ни е потребно нам?

Бог ни вели: „Барајте го моето лице“, и се надева дека нашиот одговор ќе биде: „Јас го барам лицето Твое, Господи!“ (Псалм 27,8)

**Што ни кажува стихот 1. Летописи 16,11 за тоа како треба да го бараме Неговото лице?**

_______________________________________________

Дали имате некое место на кое можете да одите секое утро за да бидете со Бога? Можеби можете да најдете стол покрај прозорецот, тивко место надвор, па дури и кујнската маса, каде што можете да доаѓате секој ден за да седите покрај Исусовите нозе и да учите од Божјата реч. Да се седи крај Исусовите нозе е најдоброто место каде што можете да бидете (Лука 10,39–42). Ако стекнете секојдневна навика да одите на одредено место за да поминете квалитетно време со Бога, ќе бидете сè понаклонети секој ден да се враќате таму. Не се обесхрабрувајте ако пропуштите некој ден, затоа што настанале непредвидени околности и не сте можеле да го поминете тоа време со Бога. Но, трудете се да не дозволите да поминат денови, па дури и седмици и месец без да поминете посебно време со Бога. Запомнете дека постојаната врска со Бога, ако така одлучите, е вашиот секојдневен избор, кој можете да го правите постојано понатаму почнувајќи од денес.

**Колку време поминавте во молитва и читање на Библијата во текот на изминатата седмица? Што ви кажува вашиот одговор за промените коишто можеби ќе треба да ги направите во врска со вашите приоритети?**

## ДЛАБОКО ПРОУЧУВАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

Иако не мора да бидете научник за да ја проучувате Библијата, како можете сепак да ја проучувате длабоко?

***Молете се:*** Невозможно е да се пренагласи важноста на молитвата како почеток и крај (и повремени паузи во текот) на вашето време за проучување на Библијата. Елена Г. Вајт ни кажува дека, кога пристапуваме кон читање на Библијата – не сме сами. Повикувајќи го Светиот Дух да ни биде водич, ги отстрануваме сите можни пречки и непријателот бега од нас. „Библијата никогаш не смее да се проучува без молитва. Само Светиот Дух може да ни помогне да ја сфатиме важноста на оние работи што лесно можат да се разберат и да нè сочува од изврртување на оние точки на вистината што тешко се сфаќаат“ (*Големата борба*, стр. 599, 600 ориг.).

***Читајте и запишувајте:*** Може да се каже дека главната разлика меѓу самото читање и сериозното проучување на Библијата се сведува на една клучна постапка – пишување. Пишувањето ни помага да го забавиме токот на нашите мисли, да размислуваме за Божјата Реч и да поминуваме низ неа со темпо што овозможува забележување, толкување, примена и посветување. Исто така, тоа им помага на нашите идеи, првично расфрлани, сами од себе да се организираат – движејќи се од нашата глава до нашето перо, а потоа влегувајќи во нашето срце како порака за тој ден. Исто така, поголема е веројатноста дека ќе се сетиме на нешто што сме го запишале (Псалм 119,15.16). Ако не сте во можност да пишувате, обидете се да го прочитате на глас (или да го слушате како се чита), а потоа да ги изразите вашите мисли во вид на молитва кон Бога.

***Споделувајте:*** Кажи му на некого што сте научиле. Тоа ќе ги зацврсти тие сознанија во вашиот ум и ќе охрабри некој друг.

За почеток, изберете кратка книга од Библијата (како што се Книгата на Јона, Евангелието според Марко, Посланието до Филипјаните или 1. Јованово послание) и читајте ја полека. Еве еден едноставен пристап што можете да го примените на еден стих (методот стих по стих), за еден пасус или за целата глава:

1. Молете се Светиот Дух да управува со вашиот ум и да го омекне вашето срце додека читате.
2. Изберете некој библиски стих или пасус.
3. Запишете во вашиот дневник еден пасус или делови од пасусот што особено ви го привлекуваат вниманието додека читате.
4. Повторно прочитајте го тој пасус со молитва и подвлечете ги клучните идеи.
5. Запишете што ви кажуваат тие подвлечени идеи.
6. Молете се во врска со овие идеи и за начинот на кој тие влијаат на вашата заедница со Бога.
7. Размислете со кого би можеле да го споделите тоа денес.

„Како што Божјиот народ расте во благодатта, тој постојано ќе стекнува појасно разбирање на Неговата реч. Ќе согледува нова светлина и убавина во нејзините свети вистини. Ова важело во текот на целата историја на црквата во секое време, и ќе продолжи да биде така до крајот“ (Елена Г. Вајт, *Consels to Writers and Editors*, стр. 38, 39).

**На кои начини пораката од горенаведениот цитат се однесува и на вас? Видете го и стихот Псалм 119,105.**

## ДВОЕН БЛАГОСЛОВ

Постојат многу начини на кои можеме да ја проучуваме Библијата, како што е методот стих по стих (што веќе го споменавме), проучување на една глава, проучување на одредена тема, проучување на еден збор или проучување на поединечна книга. Можеме да проучуваме со помош на конкорданси и библиски речници, или да ја читаме Библијата заедно со книгите од серијата „Големата борба“ за дополнителни сознанија. Можеме да излеземе надвор, да прошетаме во природа и да слушаме аудио Библија или да се сретнеме со пријател или мала група за заедничко проучување.

На истиот начин како што ги одржуваме нашите пријателства живи преку разновидност и нови искуства, треба да ги одржуваме и нашите секојдневни средби со Бога свежи и динамични на тој начин што ќе користиме различни методи додека ја проучуваме Библијата. Секогаш има уште многу работи што можат да се научат!

Нешто што ќе ви помогне вашето време за проучување на Библијата да биде и да остане динамично, е да го споделувате со другите она што сте го откриле. Кога се трудиме да го објасниме она што сме го научиле, процесот на резимирање и синтетизирање ги средува и утврдува нашите мисли. Ова ни помага да го сочуваме знаењето што сме го стекнале. Двојниот благослов се огледува во тоа што, кога споделуваме и разговараме со другите, тој духовен разговор честопати ги охрабрува и зајакнува обете страни. Кога ги поучуваме другите или го споделуваме со нив она што сме го научиле, честопати и самите доаѓаме до најдлабоки сознанија.

Исто така, ќе сфатиме дека она што го проучуваме секој ден не е само Божја порака за нас, туку и за другите луѓе.

**Прочитајте Исаија 50,4. Што ни кажува овој стих за тоа како да имаме заедница со Бога и како тоа влијае на нашите односи со другите луѓе?**

---

Нашето лично време за проучување на Библијата не само што нè зајакнува нас, туку нè оспособува да ги охрабриме и другите со коишто можеби ќе се сретнеме тој ден. Тоа станува двоен благослов.

Нашиот духовен живот е маратон. Замолете го Господа да ви помогне да продолжите да трчате постојано, со поглед насочен кон целта (Филипјаните 3,14). Не се обесхрабрувајте ако ви се случи да станете млитави некое време, туку направете ги сите потребни промени за да ги одржите живи вашата врска со Бога и вашето време за проучување на Библијата. Зашто навистина, тоа е вечниот живот, што уште денес можеме да го познаваме Бога (Јован 17,3). Нашата секојдневна посветеност на тоа да престојуваме во Него и во Неговата Реч го менува нашиот живот.

**Прочитајте го стихот за оваа седмица што треба да го запомните, и размислете за неговото значење. Што проучувате во овој момент? Со кого би можеле тоа да го споделите?**

## ТОЛКУ Е СЛАТКО!

Помислете на вашиот омилен десерт. Дали е добар за вашето здравје? Можеби користите мед како засладувач, или дури и манука мед поради неговите наводни здравствени придобивки. Ако некогаш сте пробале саќе, тогаш знаете дека е слатка таа мека текстура кога се топи во устата.

Во стиховите Псалм 119,103.104, Библијата се опишува себеси како саќе – метафора за радост: „Колку се слатки за грлото мое зборовите Твои, послатки се од мед во устата моја. Преку твоите заповеди станав разумен; затоа го замразив секој лажен пат“.

**Што значи: „Преку Твоите заповеди станав разумен“ (Псалм 119,104)? Зошто е важен овој концепт за да разбереме што прави за нас проучувањето на Библијата?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Да, Божјите зборови се навистина слатки за нашата душа и не можат да се споредат со ништо друго што ни се нуди. За разлика од многу слатки десерти, сладоста на Божјата Реч е исцелувачка за нашата душа и го менува нашиот живот и карактер. Ако сте се оддалечиле од Бога, можете да паднете на колена, да ја отворите Неговата Реч и да пиете од живата вода која единствено може да ја изгаси жедта.

Во текстот Исаија 55,1-13, пророкот подетално ја објаснува оваа порака. Одвојте некое време читајќи ја таа глава токму сега, а потоа одговорете на следниве прашања:

- **Што им дава Господ на оние што доаѓаат кај Него да „јадат“ од Неговата Реч?**
- **Каков повик ви упатува Тој овде?**
- **Што ве охрабрува Тој да правите?**
- **Што ви ветува Тој?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Божјата жива и моќна Реч проникнува директно во нашето срце, ум и душа, предизвикувајќи нè да растеме во Христа. Меѓутоа, таа може да го направи тоа за нас само до оној степен до кој ќе вложиме време и напор (да, тоа бара напор) за да се задлабочиме во Речта со став на покорност, понизност и подготвеност да ги следиме нејзините учења.

**На кои конкретни начини можете да го барате „Господа, додека можете да Го најдете“ (Исаија 55,6)?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Целта на проучувањето на Библијата е да го запознаеме Бога и да растеме во нашата заедница со Него, бидејќи тоа е вечен живот - да бидеме со Оној Кого Го сакаме (Јован 5,39; Јован 17,3).

Дел од секоја заемна врска е заедничкото залагање. Во Откровение 3,20 читаме дека Исус се стреми да има таква врска со нас, но и ние мора да бидеме свесни дека, како создадени суштества, секогаш можеме да научиме повеќе за нашиот Творец. Треба постојано да ја истражуваме Библијата како рудар што копа во потрага по скапоцени камења. Секогаш има уште нешто ново да се открие, без разлика колку пати сме читале одредени стории или библиски пасуси. „Каков и да е интелектуалниот напредок на човекот, ниту за миг нека не помисли дека нема потреба од темелно и постојано пребарување на Светото писмо во потрага по поголема светлина. Како народ, ние сме поединечно повикани да бидеме изучувачи на пророштвата" (E. G. White, *Counsels to Writers and Editors,* стр. 41).

Исто така, не треба да се обидуваме да ја вклопиме Библијата во нашите човечки ставови и мислења. „Како да го истражуваме Светото писмо? Дали ќе ги поставиме столбовите на нашата доктрина еден до друг, и потоа ќе настојуваме целото Свето писмо да го усогласиме со нашите лични утврдени мислења? Или ќе ги донесеме нашите сопствени идеи и мислења пред Светото писмо и ќе ги измериме нашите теории од сите страни според вистината што тоа ја изнесува? Многумина што ја читаат Библијата, па дури и ги поучуваат другите, не ги разбираат нејзините драгоцени вистини... Многумина им даваат на зборовите на Светото писмо значење кое одговара на нивните погрешни лични мислења" (E. White, *Counsels to Writers and Editors,* стр. 36).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Со каков став обично пристапувате кон Библијата? Дали има нешто што треба да се промени? Зошто е толку важен ставот на понизност и преданост кон Словото?**
2. **Дали постојат некои однапред создадени мислења кои треба да ги оставите настрана за да му дозволите на Светото писмо да зборува само за себе? Ако е така, како можете да почнете да се молите во врска со тоа токму сега?**
3. **Како оригиналноста би можела да стане камен на сопнување во нечиј однос со Бога? Односно, како желбата да се пронајде нешто ново и необично може да го наведе некого на погрешен пат, особено ако тоа се прави од себични причини?**

**Резиме:** Личното проучување на Библијата се наоѓа во самото срце на живиот и траен однос со Бога. Божјата Реч проговара во нашиот живот денес, во дваесет и првиот век, исто како што го правела тоа во минатите векови. Исто како што одржуваме кое било друго пријателство, така треба да бараме начини нашиот живот на вера и посветеност да го одржиме свеж и динамичен додека престојуваме во Исуса, верувајќи во Божјото ветување дека Неговото Слово „не се враќа кон Мене празно, туку го исполнува она, што Ми е угодно, и го прави она за што сум го испратил Јас" (Исаија 55,11).

**6. Лекција**
**Од 2 мај до 8 мај 2026**

# МОЛИТВЕНИ ВОЈНИЦИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 2,20-23; Даниел 6,10.11; Дела 20,36; 1. Мојсеева 5,22-24; 2. Мојсеева 33,15-23; 2. Мојсеева 32,31.32.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Се радувам дека Господ ќе го услиши гласот на моето молење, зашто го приклони кон мене Своето уво, и затоа ќе Го повикувам преку сите мои дни“ (Псалм 116,1.2).**

Замислете како би изгледало кога ретко би разговарале со вашиот најдобар пријател или сопружник. Вашата врска брзо би се распаднала и би се појавил проблем. Во истата смисла, молитвата е суштински дел од блискиот однос со Бога. Таа е клучна навика на побожните луѓе, навика што секој од нас треба и може да ја зајакне. Ако не се молиме редовно и постојано, порано или подоцна ќе се оддалечиме од Господа.

Во Библијата дознаваме одредени работи за животот на различни поединци кои се молеле на различни начини. Можеме да се осврнеме на нивните искуства и да стекнеме увид во тоа како нивните молитви кон Бога влијаеле на нивниот однос со Него, како тие го промениле животот на другите луѓе, а исто така и како и за што и ние самите би можеле да се молиме. Навистина – нашиот молитвен живот влијае не само на нас, туку и на другите.

Како и со проучувањето на Библијата, оваа тема за молитвата е огромна и важна, и премногу обемна за целосно да се опфати за само две седмици. А оваа седмица ќе научиме нешто од оние поединци во Библијата кои се молеле ревносно и ни покажале колку молитвата е суштински важна за цврст однос со Бога. Ајде да учиме од нивниот пример.

## ВЕРНИОТ ДАНИЕЛ

Даниел е еден од големите херои од Библијата. А знаеме како сѐ започнало (видете Даниел 1): „Даниел науми да не се осквернува со јадењето од царската трпеза“ (Даниел 1,8). Исто така, во врска со Даниел и неговите тројца пријатели, дознаваме дека „им дарува Бог на четирите момчиња знаење и разбирање на секаква книга и мудрост, а на Даниел му подари уште да толкува и секакви виденија и соништа“ (Даниел 1,17). Библијата го опишува Даниел како мудар (Даниел 1,20; Даниел 2,14.21.23.48), бидејќи Божјиот Дух бил во него (Даниел 4,9.18; Даниел 5,14; Даниел 6,3), и многу омилен на небото (Даниел 9,23; Даниел 10,11). Ова е делумен опис на човек кој имал силна, трајна врска со Бога.

Во 2. глава од книгата на пророк Даниел, кога царот Навуходоносор изрекол смртна казна над сите мудреци во Вавилон, Даниел ја барал Божјата милост во врска со тајната на неговиот сон (Даниел 2,18). А кога Бог му го открил сонот на царот, Даниел во истиот миг се молел.

**Прочитајте Даниел 2,20-23. Зошто се молел Даниел, и што можеме да научиме од таа молитва?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Како што годините минувале, а царевите се издигнувале и паѓале, Даниел останал советник на дворот. Тој се сметал за човек од голема чест, „бидејќи во него имаше висок дух, и царот веќе се мислеше да го постави над целото царство“ (Даниел 6,3). „Тој беше верен и немаше никаква грешка ни вина“ (Даниел 6,4). И покрај жестоката љубомора и злобните сплетки (Даниел 6,5-9) на неговите колеги, Даниел останал постојан и бестрашен во својот молитвен живот.

**Прочитајте Даниел 6,10.11. Што ни кажуваат овие стихови за Даниел?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Кога се соочил со тешкотии, Даниел се молел. Иако тоа го довело во смртна опасност, тој останал доследен и упорен во своите посебни молитви (три пати на ден, како што бил неговиот обичај), и предвидлив (три пати на ден пред отворен прозорец додека се молел кон Ерусалим). Тие негови молитви биле и физички чин (тој клечел) и биле сосредоточени на благодарност и молба.

**Во светлината на една ваква приказна, колку се неразумни нашите изговори за тоа што не се молиме доволно?**

## СТАВ ВО МОЛИТВАТА

Кога нешто ќе тргне наопаку во нашиот живот, повеќето од нас повикуваат некој близок пријател за да поразговара со него за тоа. Кога имаме добри вести, ние бараме некој со кого ќе ги споделиме. А истото може да биде и со Бога. „Молитвата е отворање на срцето пред Бога како на пријател“ (Елена Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 93 оригинал).

Молитвата не само што нè поврзува со Бога, туку му кажува и на ѓаволот чии сме. Кога клекнуваме во молитва наутро, тоа е како физичка објава до силите на темнината дека сме го избрале Бога во тој ден. И не само тоа, туку Бог испраќа ангели да бидат со нас кога се молиме, да нè оградат и да нè заштитат од непријателите на светот на темнината (Псалм 91).

Физичкиот чин на клекнување во знак на покорност покажува понизен став. Тоа е малку поинакво од седењето на стол или лежењето во кревет додека се молиме, иако можеме да се молиме и во таа положба. Меѓутоа, кога клекнуваме пред Бога, нашето срце полесно се предава, бидејќи тогаш и нашето тело и нашите зборови објавуваат дека Тој е суверен, а дека ние сме само деца што Тој ги создал.

**Прочитајте ги следните библиски пасуси и размислете за животот на оние поединци кои клечеле додека се молеле: Даниел 6,10; Лука 22,41; Дела 7,60; Дела 9,40; Дела 20,36.**

---

Стоењето за време на молитвата било вообичаена практика во библиско време (2. Летописи 20,5.6.13; 1. Самоилова 1,26; Јов 30,20; Лука 18,11). Библијата, исто така, дава примери за луѓе кои седеле додека се молеле (2. Самоилова 7,18; 2. Царевите 4,38). Други паѓале со лицето надолу пред Бога – иако оваа положба поретко се поврзувала со молитва, а почесто со покорност кон претпоставен (1. Царевите 1,47; Марко 14,35).

Каква е вашата вообичаена положба кога се молите? Библијата не бара од нас да се молиме во некоја посебна положба или држење, но држењето на телото е важно бидејќи го одразува нашето почитување, нашите најдлабоки чувства и нашата желба да му се предадеме на Бога. Некои луѓе не се во состојба да клекнат, така што конечно, ставот на срцето е најважен. Ако можете да клекнете, но обично не го правите тоа, зошто да не се обидете да клекнете следниот пат кога ќе се молите и да видите како тоа влијае на вашето време што го поминувате со Бога?

**Библијата нè повикува да се молиме „без престан“ (1. Солуњаните 5,17), што подразбира постојаност (Колошаните 4,2) и истрајност (Римјаните 12,12). Денес, додека стоите, седите, лежите или одите, насочете ги вашите мисли кон Бога и разговарајте со Него како со Пријател. Започнете токму сега.**

## ЕНОХ ОДЕЛ И ЗБОРУВАЛ

**Прочитајте Битие 5,22-24. Што точно знаеме за Енох?**

_______________________________________________

Библијата не кажува многу за животот на Енох, но вели дека тој одел со Бога 300 години пред Бог да го земе на небото. Колку е убаво кога нечија доследна посветеност на Бога е она што го дефинира неговиот или нејзиниот живот!

Она што го знаеме е дека Енох мора да бил „постојан во молитвата“ (Римјаните 12,12), истрајувајќи и станувајќи поблизок со Бога во верата преку своите секојдневни искуства. Земјата станувала сè порасипана во времето кога тој живеел, но Енох бил зафатен со служење на Бога. Но, не би можел да биде успешен во тоа ако постојано не престојувал во Него.

„Иако животот на Еноха бил исполнет со неуморна дејност, тој сепак истрајно одржувал врска со Бога во молитва... Откако извесно време би се задржал меѓу луѓето работејќи за нив со поуки и со пример, повторно би се повлекувал во самотија, чувствувајќи глад и жед за божествено знаење што можел да го даде само Бог. Одржувајќи на тој начин постојана врска со Бога, Енох сè повеќе и повеќе претставувал отсјај на божествениот лик... Дури и оние кои не биле побожни, со страхопочит би го забележувале небесниот отпечаток на неговото лице“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 86, 87 оригинал).

Бог не бара од нас да живееме како пустиници или монаси, толку одвоени од светот што не можеме да бидеме од никаква корист на земјата. Како Енох, и ние можеме да бидеме претприемчиви и свесни за потребите околу нас, но само ако имаме стабилна, трајна врска со Бога, која ја одржуваме преку одење и постојан разговор со Него. Тогаш Неговиот чудесен карактер може да се открие и преку нас.

Можеме да се молиме во секое време, на кое било место. Не постои место на земјата на кое Бог не нè гледа или не нè слуша (Псалм 139,7-12). Тој секогаш го слуша лелекот на нашето срце, без разлика каде се наоѓаме (прочитајте: Плачот на Еремија 3,55-57). Но, има нешто што може да се каже и во прилог на молитвата на глас. Кога се молиме во себе, нешто може да ни го одвлече вниманието, може да се случи да не го довршиме токот на нашата мисла или реченицата, и можно е потешко да останеме фокусирани. Тогаш можеме да се молиме гласно, без разлика дали со шепот или со нашиот вообичаен тон, а тоа ќе биде и потсвесен потсетник за нас самите дека Бог е реален, дека Тој слуша, и дека има нешто посебно за кое треба да разговараме со Него.

**Додека денес се занимавате со својата работа, каде и како ќе му прошепотиш молитва на Исуса?**

# МОЈСЕЈ, ПОБОЖНИОТ ВОДАЧ

Иако Енох очигледно бил во многу блиска врска со Бога, ние имаме поголем увид во односот на Мојсеј со Него, па дури можеме да прочитаме и бројни извештаи за неговите разговори со Бога. Додека го следиме Мојсеј низ подемите и падовите во неговиот живот, секогаш одново гледаме дека најважниот дел од неговиот живот и тајната на неговиот успех како побожен водач се состоеле токму во неговата постојана комуникација и траен однос со Бога.

**Прочитајте 2. Мојсеева 33,15-23. Што можеме да кажеме за содржината и начинот на разговор меѓу Мојсеј и Господа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Замислете како би било да разговарате со Бога и да го чуете Неговиот глас толку јасно. Навистина е чудо што Израелците и сами не барале таков вид блискост со Бога, наместо да го молат Мојсеј да им зборува во Божјо име (2. Мојсеева 20,18-21). Меѓутоа, Бог го подготвувал Мојсеј за ова искуство уште од нивната прва средба кај грмушката што горела на истата таа гора. Иако читаме и за други лични молитви на Мојсеј, гледаме дека тој речиси постојано бил во Божјо присуство, барајќи насоки и посредувајќи за народот што го водел.

Во два наврати, Мојсеј посредува за членовите на своето семејство. Кои ситуации довеле до ова посредување и што би се случило ако тој не се вмешал за да го премости настанатиот јаз?

- **Арон: 2. Мојсеева 32,1-14,31-34, 5. Мојсеева 9,20**
- **Марија: 4. Мојсеева 12,13**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Она што е особено впечатливо во врска со Мојсеевото постапување со Марија, е тоа што тој самиот бил жртва на љубомора и лошо однесување од нејзина страна. А лесно можел да се повлече и да дозволи Бог да ја изврши казната што ја заслужувале Марија и Арон. Но наместо тоа, тој побрзал да ѝ прости на својата сестра и да посредува за нејзиното исцелување. Каков моќен одраз на Божјата благодат која им проштава на грешниците се гледа во овие постапки на Мојсеј.

**Прочитајте ги стиховите Матеј 5,44 и Колошаните 3,13. Како можете да научите да го правите она што ви се кажува тука? Зошто е важно да го правите тоа?**

## МОЈСЕЈ ПОСРЕДУВА ЗА НАРОДОТ

**Прочитајте 2. Мојсеева 32,31.32. Што нè учат тие за Мојсеј и за молитвата?**

___

Мојсеј смело се молел на Бога во име на народот во многу прилики. Тој му се обраќал на Бога кога народот бил жеден (2. Мојсеева 15,25; 2. Мојсеева 17,2-6), гладен (4. Мојсеева 11,21.22) и во крајна очајност (4. Мојсеева 11,11-15).

Во врска со настанот кога Израелците направиле златно теле веднаш откако Бог склучил завет со нив, Мојсеј се сеќава: „Бидејќи јас се плашев од гневот и јароста, со која Господ се разгневи на вас и сакаше да ве истреби. Но Господ ме послуша и тогаш“ (5. Мојсеева 9,19).

Во врска со настаните по враќањето на согледувачите од Ветената земја, Мојсеј се сеќава: „И Му се молев на Господ, Го молев четириесет дена и четириесет ноќи, бидејќи Господ сакаше да ве истреби“ (5. Мојсеева 9,25).

Во врска со времето кога припадниците на Левиевото племе биле одвоени од останатите за да служат во светилиштето, Мојсеј се сеќава: „И престојував на планината, како и порано, четириесет дена и четириесет ноќи; Господ ме послуша и овој пат, и не посака Господ да ве погуби“ (5. Мојсеева 10,10). Бог ја слушнал Мојсеевата молба.

Можеме многу да научиме од животот на Мојсеј кога станува збор за молитвата и за тоа како цврсто да се држиме за Бога:

- Мојсеј длабоко го сакал Бога и имал јасна претстава за Неговиот карактер. Бог му се опишал себеси во стихот 2. Мојсеева 34,6: „Господ, Господ, Бог човекољубив и милостив, долготрпелив, многумилостив и верен!“
- Мојсеј се покажал како храбар и верен, бидејќи се држел до Бога во подемите и падовите на исцрпувачкото патување до Ветената земја. Во битките низ кои сите ние минуваме, тој се потпирал на Божјата сила, на неговата присутност и водство во сопствениот живот (2. Мојсеева 33,13).
- Мојсеј го потсетувал Бога на Неговиот завет (2. Мојсеева 32,13), се повикувал на Божјите ветувања во полза на Неговиот народ (5. Мојсеева 7,8) и секогаш се сеќавал на Божјото водство во минатото (5. Мојсеева 8,2).
- Мојсеј ги прифаќал Божјите одговори на неговите молитви, без оглед дали биле позитивни или негативни. Да бидеме во блиска врска со Бога не значи дека секогаш автоматски ќе го добиеме она што го сакаме (5. Мојсеева 3,23-29), но, во секој случај, треба истрајно да се молиме (Лука 18,1-8).

**Кому му се потребни вашите посреднички молитви токму сега? Што ве спречува да се помолите и тоа токму сега?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Впрочем, треба да се молиме затоа што го сакаме Бога до таа мера што едноставно не можеме а да не споделиме со Него сè во врска со нашиот живот – нашите радости и животни „победи“, нашите товари и грижи, нашите барања и секојдневни потреби. „Ние мораме да живееме во таква Божја близина, што при секое неочекувано искушение нашите мисли да се свртуваат кон него исто толку природно, како цутот што го следи сонцето. Изнесете му ги на Бога своите потреби, своите радости, своите таги, своите грижи и своите стравувања. Вие не можете да го преоптоварите; вие не можете да го заморите. Оној што ги изброил влакната на вашата глава не е рамнодушен кон потребите на своите деца... Неговото срце, полно со љубов, е трогнато со нашите жалости дури и кога само зборуваме за нив. Изнесете му го сè она што го збунува вашиот ум. На Оној кој во својата рака ги држи световите и управува со сите работи во вселената, ништо не му е премногу тешко да го носи. Сè што е поврзано со нашиот мир, за него ништо не е премногу незначително за да го забележи. Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните, а нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира... Односот меѓу Бога и секоја душа е толку личен и целосен, што се чини дека нема ниту една друга душа на земјата да го дели со неа неговото грижливо внимание, ниту една друга душа за која би го дал својот сакан Син“ (Е. Г. Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 99, 100 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дали би ја опишале молитвата како нешто убаво или нешто мачно? Благодарение на што имате таква перспектива?**

**2. Во цитатот што го наведовме има многу длабоки пораки. Која мисла во него наидува на посебен одек во вас?**

**3. Од трите библиски личности што ги проучувавме оваа седмица (Даниел, Енох и Мојсеј), чиј молитвен живот ви е најблизок, и зошто?**

**Резиме:** Додека читаме за гигантите на молитвата од Библијата, лесно можеме да помислиме дека ние самите не сме способни да имаме толку близок однос со Бога, ниту да бидеме баш толку посветени. Но, можеме. Како Даниел, и ние можеме да бидеме постојани и верни, клекнувајќи на молитва секој ден, и покрај противењето. Како Енох, и ние можеме да одлучиме да одиме во постојан разговор со Бога, и Тој ќе биде постојано со нас во кое било дело на кое нè повикува. Како Мојсеј, можеме да научиме како да ги предводиме оние што се наоѓаат во нашата сфера на влијание, застапувајќи се за нашите семејства и луѓето во нашата средина, откако ќе одлучиме да живееме под сенката на Семоќниот, нашиот Водач и Пријател.

**7. Лекција**
**Од 9 до 15 мај 2026**

# МОЛИТВА ВО ПРАКСА



*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Царевите 19,1-18; Матеј 6,5-8; Лука 11,2-4; Матеј 6,5-15; Даниел 9,4-19; Римјаните 8,26.27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Надевајте се во Него сите луѓе во секое време; отворете го срцето ваше пред Него: Бог е нашето прибежиште“ (Псалм 62,8).**

Каков е вашиот молитвен живот? Колку често се молите?

Колку искрено? Со какви очекувања? Дали се молите секојдневно или само во итни случаи? Дали вашите молитви секогаш ги упатувате за да барате нешто или и го славите Бога во молитвите?

Исто така, дали се молите наутро пред оброците, а можеби и среде вашиот забрзан ден? Можеби сте дел од некоја молитвена група која редовно се состанува, или дури сте доживеале како изгледа да се молите сите 24 часа на ден. Дали сте ја искусиле Божјата сила и присуство за време на молитвата која менува сѐ во вашиот живот?

Молитвата е постојана врска меѓу нас (гранките на лозата) и Исус (Лозата). „Ако сакаме да растеме и да напредуваме, мора постојано да црпиме сок и храна од живата Лоза, бидејќи одвоени од Него немаме сила“ (Елена Г. Вајт, *Рани списи*, стр. 73). Тоа е благословот на постојаната молитва. Бог нѐ слуша и секогаш одговара на време и на Свој совршен начин – иако не секогаш на начинот на кој очекуваме.

Оваа седмица да обрнеме внимание на некои други поединци чиишто молитви се споменуваат во Библијата, и да разгледаме како можеме да ја зајакнеме молитвата на практични начини во нашиот секојдневен живот.

## ИЛИЈА – МОЛИТВА ВО КРИЗА

Верниот Илија живеел во лоши времиња, кога царот Ахав „го разгневи Господ, Бог Израелов, повеќе од сите претходни израелски цареви“ (1. Царевите 16,33). Убедливо најдраматичните моменти во неговиот живот настапиле за време на судирот на гората Кармил (видете 1. Царевите 18). При кулминацијата на оваа неверојатна приказна, Ахав и неговото царство сами се увериле во вистината дека Бог одговара на молитвите. Тоа бил незаборавен момент во историјата на Израел, па затоа неочекуваниот пресврт до кој доаѓа во настаните што следеле, доста изненадува.

**Прочитајте 1. Царевите 19,1-18, обрнувајќи посебно внимание на молитвите на Илија и на Божјиот разговор со него. Што се наоѓа во сржта на малодушноста што ја покажува Илија овде? По што се разликува Божјиот одговор овде од она што се случило на планината Кармил?**

__________________________________________________________

Иако Бог во текот на целиот ден ја услишува секоја молитва на Илија, емоционалната, менталната и физичката состојба на пророкот брзо се менува. Иако тој ден извојувал голема победа со Бога, во момент на исцрпеност, Илија дозволува стравот од смртта да ја надвладее неговата вера во Бога. Но, она што е особено впечатливо во врска со овој настан е тоа дека на пророкот, и покрај тоа што се препуштил на очајот и обесхрабрувањето, Бог му пристапува со нежност и грижа, обезбедувајќи му и овој пат храна и вода (1. Царевите 19,5.6) – и тоа во толкава мера што тој овде поминува 40 дена и 40 ноќи (1. Царевите 19,8). А кога Бог конечно се јавува, тоа било на сосема поинаков начин од претходно.

Понекогаш во нашиот живот Бог ни одговара директно, моќно и несомнено. Ова ја зајакнува нашата вера и ние ја чувствуваме Божјата близина во својот живот.

Но понекогаш се колебаме и се нишаме како трска пред налетот на искушението, мислејќи дека е премногу тешко да го следиме Бога со непоколеблива вера. Ги бараме Божјите одговори, очекувајќи Тој да ги услиши онака како што ние мислиме, а не сфаќаме дека Неговите мисли и Неговите патишта се далеку повисоки и помудри од нашите (Исаија 55,8.9). Исто како што има многу работи во врска со Божјото творење што не ги разбираме, не треба да нè изненадува што исто така постојат многу работи и во врска со Божјите патишта што не ги разбираме.

**Бог, нашиот добар и љубезен Татко, точно знае што ни треба. Како да ја сочуваме смиреноста во доволна мера, за да можеме да Му веруваме и да го држиме својот поглед цврсто вперен во Него, без оглед низ што минуваме? Разговарајте со Него за тоа, токму сега.**

# КОГА МОЛИТВИТЕ ИЗГЛЕДААТ НЕОДГОВОРЕНИ

**Можеби долго време се молите за нешто, дури и со години, и ви се чини дека Бог не ве слушнал. Библијата ни кажува: „Посакајте и ќе ви се даде“ (Матеј 7,7), „ако побараме нешто по Неговата волја“ (1. Јованово 5,14). Како ги разбирате овие ветувања?**

---

Ана е пример за посветена жена која се молела за нешто многу специфично (1. Самоилова 1,10-17). На почетокот, се чинело дека Бог не ги услишувал нејзините молитви, но таа била упорна, и Бог на крајот одговорил, во Неговото совршено време и според Неговата волја. Понекогаш чекањето го продлабочува нашиот однос со Бога, и ние учиме да Му веруваме уште повеќе.

Псалм 62,8 вели: „Надевајте се во Него сите луѓе во секое време; отворете го срцето ваше пред Него: Бог е нашето прибежиште.“ Надевање, доверба. Дали веруваме дека Тој навистина знае што е најдобро, дури и кога не гледаме моментален одговор на нашите молитви? Дали веруваме дека Тој на крајот ќе нè услиши, во Свое совршено време и на Свој начин?

Понекогаш нашите молитви можеби нема да бидат услишени толку брзо колку што би сакале или на начинот на кој се надеваме. Кои совети ни ги дава Библијата во врска со ова?

- Барајте ја Божјата волја, а не својата (Матеј 6,10; 1. Јованово 5,14.15).
- Размислете за вашите мотиви (Мудри изреки 16,2; Јаков 4,3).
- Прашајте се себеси дали криете некаков грев (Псалм 66,18; 1. Петрово 3,12; Мудри изреки 15,29).
- Престојувајте во Бога и во Неговата Реч (Јован 15,7).
- Имајте вера кога се молите (Евреите 11,6; Јаков 1,6; Марко 11,24; Матеј 21,22).
- Преиспитајте ја состојбата на своето срце (скромно или гордо) (Јаков 4,6; 1. Петрово 5,6).
- Бидете истрајни во молитвата (1. Солуњаните 5,17.18).
- Простувајте им на другите (Марко 11,25.26).
- Впрочем, Бог ја гледа поширокaта слика и знае што е најдобро за нас (Римјаните 8,28; Ефесјаните 3,20; Еремија 29,11-13). Понекогаш Неговиот одговор е едноставно онаков каков што му го дал на Павле: „Доста ти е Мојата благодат“ (2. Коринќаните 12,9).

**Клучен фактор во тоа како ќе реагираме на навидум неуслишените молитви е токму нашата слика за Бога. Ако го гледаме Бога како далечен и незаинтересиран, неуслишената молитва може да ја ослабне нашата врска со Него. Во тој случај, побарајте во Библијата докази за Неговата љубов и грижа за вас и молете се вашата искривена слика за Него да стане појасна.**

## ИСУС НÈ УЧИ КАКО ДА СЕ МОЛИМЕ

Во времето на Исус, молитвите што биле долги и внимателно составени, како некоја претстава – полни со сложени зборови и честопати научени напамет – биле високо ценети. Но Исус немал ништо добро да каже за таквите молитви (видете Матеј 6,5-8). Тој ги разоткрил онакви какви што всушност биле – парадирачки приказ на „побожност“.

Учениците го гледале Исуса како се моли, и им било јасно дека молитвата е суштински дел од Неговиот живот (видете Лука 5,16; Лука 6,12; Лука 9,18; Лука 22,41; Лука 24,30; Марко 1,35; Марко 6,46). Додека го гледале Исуса, ја забележале спротивноста меѓу Него и верските водачи, и сфатиле дека молитвата е нешто многу повеќе отколку што некогаш помислувале. Затоа дошле кај Исус и побарале: „Господи, научи нè да се молиме“ (Лука 11,1).

Исус им покажал на своите ученици (а и нам) дека можеме да се молиме едноставно, на секојдневен јазик. Тој ни покажал дека нашите молитви треба да бидат едноставни и од срце.

Прочитајте ги следните текстови, Лука 11,2-4 и Матеј 6,5-15, и обрнете внимание на различните аспекти на молитвата за која поучувал Исус:

- *Оче наш, Кој си на небесата* – признавање на вашиот личен однос со Отецот на сите луѓе.
- *Да се свети името Твое* – увидувањето на Божјата светост нè наведува да му пристапиме со восхит и длабока почит.
- *Да дојде царството Твое* – копнеж за Божјото враќање и постојаното присуство на Светиот Дух сè додека тоа не се случи.
- *Да биде волјата Твоја, како на небото, така и на земјата* – преданост и молитва да се оствари Божјата волја во нашиот живот, бидејќи веруваме дека Тој знае што е најдобро, наместо едноставно да се молиме за она што ние самите го сакаме.
- *Лебот наш насушен дај ни го денес* – барање на она што ни е потребно за живот, и во физичка смисла (храна и вода) и во духовна смисла (Исус и Неговата жива Реч).
- *И прости ни ги долговите наши, како што и ние им ги проштеваме на нашите должници* – покајание, барање проштавање и да се сеќаваме да им простиме на оние што ни згрешиле исто како што Бог ни простува нам.
- *И не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот* – барање заштита и засолниште од злото во овој свет (Псалм 91).
- *Зашто Твое е царството, и силата, и славата во сите векови. Амин!* – признавање дека сè што сме, сè што имаме и правиме му припаѓа на Бога. Само Тој заслужува да му оддаваме слава и пофалба (1. Летописи 29,11).

**Зошто не ја прекинеме навиката да се молиме толку малку, и да не го вртиме нашето лице кон Бога секое утро за да разговараме со Оној кој нè сака повеќе од кој било друг? Што ве спречува да го правите она што знаете дека треба? Молете се токму сега како што нè повикал Исус.**

## ФАЛЕЊЕ НА БОГА, ИСПОВЕДАЊЕ, МОЛБИ, БЛАГОДАРНОСТ

Овој едноставен образец на молитва на кој Исус нè учел, може да се следи и кога му пристапуваме на Бога во тајност, со нашите семејства или како црква, имајќи предвид дека молитвата е разговор со Бога како со пријател. Премногу често нашите молитви се полни со лични барања, додека Исус нè учел да се молиме за нешто многу повозвишено!

**Прочитајте ја молитвата на Даниел во текстот Даниел 9,4-19 и побарајте ги нејзините различни делови.**

---

Размислете како би можеле да ги вклучите следните компоненти во вашите молитви:

**Пофалба:** Пофалбата е израз на обожавање на Бога за она кој е Тој и каков е Тој. Прочитајте го Псалм 100, прекрасна песна на пофалба на Бога. Забележете ги многубројните Божји имиња и Неговиот величествен карактер. Фалете го затоа што Тој е ваш Откупител, Спасител, Утешител, Исцелител, Добар Пастир, Алфа и Омега и Карпа, спомнувајќи само дел од сето она што Тој е.

**Признавање и простување:** Кога разговараме со Бога и сме постојано поврзани со Него, не можеме а да не го оставиме сето она што би нè оддалечило или одвоило од Него. Колку повеќе Му се приближуваме, толку повеќе ја гледаме нашата сопствена грешност, беда и недостојност. Ова нè наведува да го молиме да ги отстрани нашите гревови и да го обликува нашиот карактер за да личиме на Него. А ако очекуваме Бог да ни прости, треба и ние да бидеме спремни да им простиме на другите. „Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите. Голема сила има усрдната молитва на праведникот“ (Јаков 5,16).

**Молби:** Со какви предизвици се соочувате, можеби во вашето семејство, или во врска со пријателите, здравјето, финансиите, работата или учењето? Во кои конкретни области ви е потребно да ве води Божјата рака? Кому му е потребна вашата поддршка, и како на најдобар начин можете да ја пружите? Молете се посебно за тие области и за тие луѓе, барајќи да се оствари Божјата волја.

**Благодарност:** Прочитајте го стихот Филипјаните 4,6 и размислете за благословите во вашиот живот. Можеби ќе помислите на некои големи работи, но што е со ситните кои честопати ги земаме здраво за готово? Ние сме постојани приматели на Божјата благодат; па сепак, колку малку благодарност изразуваме, колку малку пофалби Му упатуваме за она што го направил за нас.

**За што треба да го фалите Бога, што треба да Му исповедате, за што треба да се молите и за што треба да Му се заблагодарите? Зошто да не го направите тоа токму сега?**

## НЕКОИ ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО МОЛИТВАТА

*Зошто да се молиме кога Бог веќе знае?* Зошто треба да се молиме кога Бог е сезнаен? Елена Г. Вајт тоа го објаснува вака: „ Не затоа што би било неопходно да му откриеме што сме, туку да се оспособиме себеси да го примиме. Молитвата не го спушта Бога кај нас, туку нас нè издигнува кон него“ (*Патот кон Христа*, стр. 93 оригинал). Навистина, Бог ги знае нашите желби и нашите потреби, и Тој ја чита секој намера на нашето срце. Па сепак, за нас е добро да се молиме. Тоа бара од нас да застанеме среде забрзаноста на нашиот живот и да признаеме дека е Бог суверен во сè, и да се сместиме крај Неговите нозе. Исто така, пред Бога се отвораат широки патишта за да дејствува кога Го повикуваме да го прави тоа. Светиот Дух посредува за нас кога не знаеме како да се молиме како што би требало (Римјаните 8,26.27).

*Зошто да се молиме кога сè оди добро?* Самодоволноста и гордоста (видете ја 3. лекција) можат да бидат некои од најголемите пречки за силен молитвен живот. Кога би знаеле само колку ни е потребен Бог, би биле пред Него многу почесто! Ако совршените ангели му се восхитуваат и го обожаваат, зошто ние, како грешни луѓе, мислиме дека тоа ни е помалку потребно? Што ни кажуваат стиховите Матеј 5,6 и Исаија 44,3 за оваа вистина?

*Која е улогата на верата во молитвата?* Прочитајте го стихот Евреите 11,6 и размислете за следните зборови: „Молитвата и верата се тесно поврзани, и треба заедно да се проучуваат. Молитвата со вера е божествена умешност; таа е умешност со која мора да завладее секој што сака неговото животно дело да биде успешно. Христос вели: „Сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека го примивте, и ќе ви биде“ (Марко 11,24). Тој објаснува дека нашата молба мора да биде во согласност со Божјата волја; ние мораме да го бараме она што Тој го ветил, и што и да примиме, тоа мора да биде употребено за да се исполни Неговата волја. Ако се исполнат условите, ќе се исполни и ветувањето... Не е потребно да бараме каков било надворешен доказ за благословот“ (Е. Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 257, 258 ориг.).

Со кого треба да се молам? Најмногу треба да се молиме лично и насамо (само Бог и вие), бидејќи молитвата и проучувањето на Библијата се крвотокот на вашиот однос со Бога. Одвојте време да го преиспитате вашето срце додека разговарате со Бога и Го слушате (Матеј 6,6). Исто така, треба да се молиме со нашите семејства или во мали групи (Дела 12,12), бидејќи каде што се собрани двајца или тројца, таму е и Бог (Матеј 18,20). Конечно, ние треба да се молиме и со нашата црковна заедница (Јаков 5,13-16). Сите три вида молитви се важни.

*Како треба да слушам?* Молитвата е повеќе отколку само обично зборување на Бога. Треба да Му дозволиме и да нè „реже“, „очистува“ и да ни зборува во животот. Најјасниот и најбезбедниот начин да го направиме ова е да ја читаме Библијата, и да ги комбинираме молитвата и проучувањето на Библијата во текот на нашето лично богослужение. Пазете се од „празнење на умот“ или слушање на сопствените мисли наместо истражување на Библијата.

**Од сите работи што ги споменавме, што претставува најголем предизвик за вас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога повеќе би мислеле и разговарале за Исуса, а помалку за себе, би биле многу почесто во негово присуство“ (Елен Г. Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 102 оригинал).

„Ако се поведуваме по нашите сомневања и стравувања, ако се обидуваме да го разрешиме сè она што ни изгледа нејасно, додека уште немаме вера, нашата несигурност само ќе се продлаби и ќе се зголеми. Но ако дојдеме кај Бога, чувствувајќи се беспомошни и зависни, како што и навистина сме, и со вера, понизно и со доверба, нашите потреби ако му ги изнесеме на Оној кој знае сè, пред чијшто поглед не е скриено ништо на светот, кој управува со сè по своја волја и со својот збор, Тој ќе може и ќе сака да го прими нашиот вик и ќе стори во нашите срца да засвети светлина“ (*Патот кон Христа*, стр. 96. 97 оригинал).

„Душата може да се вивне кон небото на крилјата на своите фалбоспеви. Бога го слават со песна и со музика во небесните дворови и, додека ја изразуваме нашата благодарност, ние го усогласуваме нашето богослужение со богослужението на небесните чети... Да дојдеме радосно и со почит пред нашиот Творец, со „фалбоспев и со громка песна“ (Исаија 51,3)“ (*Патот кон Христа*, стр. 104 оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Која мисла во горенаведените цитати најмногу ве вдахнува? Која претставува најголема тешкотија и предизвик за вас?**
2. **Кои други поуки можеме да ги извлечеме од молитвениот живот на други библиски личности? (Видете: Ездра 10:1; 2. Царевите 13,4; Јона 4,2.3; Авакум 3,1; 2. Царевите 19,14-19; Еремија 32,16-25; Неемија 1,4-11; 1. Царевите 8,22-54, да спомнеме само неколку.)**
3. **Која е улогата на земање пост заедно со молитвата?**
4. **Дали има нешто што би сакале да промените или нешто ново да примените во вашиот молитвен живот како резултат на поуката за оваа седмица? Зошто да не ги внесете тие промени?**

**Резиме:** Библијата содржи извештаи за поединци кои имале жив, активен молитвен живот, но и за оние кои немале. Кога ги пребаруваме нејзините страници, секогаш ќе најдеме некој со кого можеме да се поврземе, без оглед на состојбата на нашиот однос со Бога. Исто така, ќе најдеме многу, многу ветувања кои ќе нè охрабрат и ќе нè водат во нашето лично посветување. Духовниот раст треба да биде наша цел – нашиот поглед да го насочиме кон Исуса, врвниот пример во сè, Зачетникот и Доврштителот на нашата вера.

*Ви препорачуваме во саботата да ја проучите целата поука за идната седмица*

**8. Лекција**
**Од 16 до 22 мај 2026**

# ДА ИМАМЕ ВЕРА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 8,11.12; Матеј 15,21-28; Лука 7,1-10; Ефесјаните 2,8; Евреите 11; Откровение 14,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме - убеденост во она што не се гледа“ (Евреите 11,1).**

Некој еднаш рекол: „Верата е како безжичен интернет. Невидлива е, но има моќ да ве поврзе со она што ви треба.“ Нема сомнение – без вера, не би имало ни однос со Бога.

Каква е вашата вера денес? Дали вашата вера во Бога некогаш била несигурна? Можеби сте доживеале нешто што ве вознемирило до тој степен што веќе не сте знаеле како да го продолжите вашиот однос со Бога. Или вашата вера е како роза која расте од зелено стебло во мала пупка што на крајот се отвора во буен, живописен цвет и ја исполнува просторијата со незаборавен мирис? Зашто навистина, „верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа“ (Евреите 11,1). Тоа не е нешто што ние самите го произведуваме, бидејќи „мерката на верата... Бог на секого му ја одмерил“ (Римјаните 12,3). Верата е дар од Бога (Ефесјаните 2,8.9), а сепак можеме да имаме вера во Бога само поради она што Бог веќе го прави во нас и за нас.

Ајде оваа седмица да ја истражиме темата за верата – што да правиме со сомневањето и неверувањето; како, според Исусовите зборови, изгледа силната вера; и што значи да се има „верата Исусова“.

## САМО ДАЈ МИ ЗНАК!

Можеби сте слушнале како се вели: „Само кога би можел да видам како се раздвојува Црвеното Море, или маната како паѓа на земјата, или Исус како го исцелува слепиот човек, би поверувал.“ Или можеби и самите сте имале такви мисли.

Од друга страна, зошто нам денес би требало да ни биде полесно да имаме вера, отколку за оние што живееле во древните, библиски времиња? Израелците ја немале целата Библија, ниту, пак, имале толку долга историја на која можеле да се осврнат, како што можеме ние денес. Мојсеј ја нагласил важноста да се осврнеме и station наназад за да се потсетиме на Божјото водство и добрина (видете 5. Мојсеева 4,7–10; 5. Мојсеева 8,2.3). За разлика од Израелците, ние имаме 6.000 години библиска историја зад нас од која можеме да црпиме вера и вдахновение (видете Јован 20,30.31).

Секоја генерација сака знак, па ни нашата не е ништо поразлична. Меѓутоа, знаците се насекаде околу нас. Ако го читате текстот Матеј 24, ќе видите колку од нив веќе се исполниле или се исполнуваат дури и сега.

**Луѓето во времето на Исус барале знак дека Тој навистина е Божји Син, иако веќе добиле многу знаци. Како одговорил Исус на тоа? (Видете Марко 8,11.12.)**

Дали и ние се расправаме со Исуса и го проверуваме како што правеле фарисеите? Дали и ние го тераме да „воздивне длабоко“ (Марко 8,12) поради нашиот недостаток на вера, иако веќе ни е дадено сѐ што ни е потребно за да веруваме?

„Меѓутоа, она што им било потребно на Евреите не биле таквите знаци. Само надворешниот доказ не би им користел многу. Она што им било потребно ним не било умно просветување, туку духовна обнова“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 406 оригинал). Дали е можно и нам да ни е потребна духовна обнова – вистинска, права, од момент во момент, одење со Бога? Можеби навистина не ни е потребен знак, бидејќи многу знаења ни се на дофат, особено библиското знаење.

Значи, наместо да го наведуваме Исус да „воздивне длабоко“ поради нашиот недостаток на вера, да се сетиме на зборовите што му ги кажал на Тома: „Блажени се оние кои не виделе, а поверувале!“ (Јован 20,29; видете и Евреите 11,1). Бог не бара од нас да имаме слепа вера – тој веќе ни дал толку многу причини за да веруваме. Сепак, и покрај сите тие причини, секогаш има простор за сомнеж. Од клучна важност е да се сосредоточиме на она што ја поддржува верата, а не на она што внесува сомнеж.

**Како би ја опишале вашата вера во Бога за само 60 секунди? Што ви открива вашиот одговор кога станува збор за вашето одење со Бога?**

## ИСУС ЈА ГЛЕДА НАШАТА ВЕРА

**Споредете го Исусовиот опис на верата на Неговите ученици во Марко 4,40 со верата на жената опишана во текстот Матеј 15,21-28.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Само затоа што го следиме Исус не значи автоматски дека нашата вера е силна. Некои луѓе тврделе дека веруваат, но Исус открил што навистина се наоѓало во нивното срце (Јован 2,23-25).

**Прочитајте Лука 7,1-10. Што дознаваме за верата од овој извештај?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во текстот Марко 9, читаме за еден човек кој дошол кај Исус за да истера демон од неговиот син, но успеал да собере само толку вера за да каже: „Верувам, Господи, помогни му на моето неверие!“ (Марко 9,24).

За време на секоја од овие средби, Исус ја забележувал верата на луѓето, или недостатокот од неа, и правел чуда врз основа на таа вера за да ја зајакне.

На ист начин на кој Светиот Дух нè поттикнува да веруваме, непријателот на душите сака да се сомневаме или да го отфрлиме Божјото вмешување во нашиот живот. „Неверието кое се негува во душата има моќ да опчини. Семето на сомнеж што некои го посеале, ќе донесе своја жетва. Тие мора да го ископаат секој корен на неверувањето. Кога овие отровни билки ќе се искоренат, тие престануваат да растат, бидејќи не се хранат со зборови и дела. Драгоцените билки на верата и љубовта мора да бидат засадени и вкоренети во душата“ (Елена Г. Вајт, *Вера и дела*, стр. 17).

Кога имаме сомнежи во врска со Бога, Неговиот карактер или Неговата Реч, што правиме со нив? Бог не го занемарува ниту заобиколува човечкиот разум, бидејќи нè создал според Својот лик и нè повикува да разговараме со Него, како што правел со Аврам, Мојсеј и Јов. Бог нè повикува да научиме да работиме во рамките на Неговите широки, бесконечни обрасци на размислување, и покрај тоа што во одреден момент сепак мора да се предадеме на она што не го разбираме целосно.

**Сетете се на сите логични причини што ги имате за верата. Во исто време, во кој момент логиката запира, а до израз треба да дојде верата – цврстата и разумна вера?**

## ВЕРАТА НЕ Е ЧУВСТВО

Исус рекол дека ако имате вера, барем толку мала како синаповото зрно, можете да поместувате планини (Матеј 17,20). Ако некогаш сте виделе синапово зрно, знаете колку е мало. Сепак, и толку мала вера може да направи огромна разлика. Верата, тогаш, мора да биде мошне важна, и да биде доволно моќна и силна за да може да прави натчовечки дела. Меѓутоа, исто како што синаповото зрно може да прерасне во големо дрво (Матеј 13,31.32), така и нашата вера треба да расте и да не остане закржлавена.

Всушност, нам ни е потребна одредена количина вера за да имаме воопшто врска со Бога (видете Римјаните 12,3).

**Што ни кажува стихот Ефесјаните 2,8 за улогата на верата во спасението? Зошто никој не може со право да каже: „Немам вера, затоа што Бог не ми ја ни дал“?**

____________________________________________________________

Прво мора да разбереме дека верата не е нешто материјално. Таа е човечки одговор поттикнат од Светиот Дух. Бог е добронамерен двигател кој, преку Светиот Дух, нè привлекува кон Себе ако Му дозволиме (Еремија 31,3). Ние се спасуваме со вера, што е одговор на Божјата благодат која ни е дадена преку Исусовата смрт. Спасени сме затоа што веруваме во Бога како резултат на Неговата благодат. Ова се наоѓа во срцето на нашиот однос со Него.

Следно, мора да запомниме дека верата не е чувство. „Многумина не ја вежбаат верата, што е нивна привилегија и должност тоа да го прават, туку честопати чекаат на она посебно чувство кое може да го донесе само верата. Но верата не е чувство... Ние верата треба да ја усовршуваме со вежбање, додека на Бога е да ни го даде тоа радосно чувство и благословите“ (*Рани списи*, стр. 72).

Некои луѓе сметаат дека немаат вера затоа што не се чувствуваат блиски со Бога или не се тоа што треба да бидат како христијани. Но, верата е доверба и надевање во Бога, не само во добри времиња, туку и во темнина, и во бура, па дури и кога не разбирате целосно што се случува во вашиот живот.

Чувствата никогаш не треба да доминираат во нашето верско искуство ниту во нашиот однос со Бога. Токму тогаш кога мислиме дека сме далеку од Бога, треба да ја изразиме нашата вера и да Го повикаме (како што направил таткото во Марко 9,24).

**Побарајте ги следните библиски стихови и повикајте се на нив во чин на вера за да го зајакнете вашиот однос со Бога денес: Евреите 12,1.2; 2. Летописи 15,7; Римјаните 3,23-26; Лука 7,50. Изговорете ги гласно во рамките на вашата молитва упатена на Бога.**

## ПРИМЕРИ ЗА ВЕРА

**Одвојте денес малку време за да го проучите Посланието до Евреите 11 глава, познатата глава за верата. Прочитајте ја најпрво на глас, целата, без пауза. А потоа прочитајте ја и по втор пат, и запишете ги вашите размислувања за следниве прашања:**

- Прочитајте го повторно 1. стих. На што се надевате денес, а сè уште не го гледате? (Размислете за непосредните потреби и вечните соништа.)
- Каква улога игра верата во вашето лично сведочење и преобратување?

Прочитај го повторно 3. стих, за Бога и Создавањето. Зошто постоењето на Бог Создателот треба да биде најлесното нешто што треба да се прифати со вера?

- Прочитајте го 6. стих и запишете ја неговата порака со свои зборови.
- Стиховите 7-40 откриваат подробности од животот на различни библиски личности. Зошто верата бил главен фактор кој ја одредил силата на врската што овие луѓе ја имале со Бога?

---

Познавањето на Бога и одржувањето на жива, силна врска со Него бара вера. Како можете да ја зајакнете вашата вера или да охрабрите некој чија вера се колеба? Еве само неколку идеи:

**Малата вера (како синапово зрно) е многу моќна и претставува сè што ви е потребно за да растете во заедницата со Бога** (Матеј 17,20). Сè додека сте спремни да соработувате со Него, Бог ќе ви помага да расте вашата вера.

**Верата доаѓа како резултат на слушањето на Бога како ни зборува преку Неговата Реч, Библијата** (Римјаните 10,17). Посветете се на секојдневно проучување на Библијата и молитвата.

**Барајте од Бога да ја зголеми вашата вера** (Лука 17,5). Исто како што направил таткото што дошол кај Исуса со своето дете опседнато од демони и „одеднаш... извика и со солзи рече: ‘Верувам, Господи, помогни му на моето неверие’“ (Марко 9,24), и ние можеме да го признаеме нашето неверие и да бараме од Бога да ја зголеми нашата вера.

**Верата и сомнежот можат да постојат заедно** (Марко 9,24). Не се оддалечувајте од Бога само затоа што имате прашања. Всушност, важно е го градите своето спасение со страв и трепет (Филипјаните 2,12-16) и да „поседувате“ сопствена вера, наместо да ја позајмувате од другите, како што се обиделе да направат петте девојки (Матеј 25,8).

**Оsвијте се на Светиот Дух и барајте Го повеќе во вашиот живот.**

**Покажете ја својата вера.** Сетете се дека верата не е чувство, туку одлука да се верува. Сетете се дека Бог е присутен дури и во темнината, дури и кога не можете да Го видите (2. Коринќаните 5,7).

**Како лична молитва на благодарност кон Бога за Неговата верност, разгледајте ги зборовите од химната „Голема е Твојата верност“ („Great Is Thy Faithfulness“).**

## ИСУСОВАТА ВЕРА

Како што овој свет се приближува кон својот крај, дел од тројната ангелска порака го опишува Божјиот народ како оние кои ги држат Божјите заповеди и ја имаат Исусовата вера.

**Прочитајте Откровение 14,12. Што значи изразот „Исусовата вера“?**

________________________________________________________________

Ако проучувате како адвентистите на седмиот ден го разбирале оправдувањето со вера во текот на својата историја, ќе видите дека во 1890-тите години дошло до утврдување и усогласување на ставовите во рамките на црквата во поглед на разбирањето на верата во Исус и пораките на тројцата ангели. Дотогаш црквата ставала голем нагласок на законот, но пропуштала да стави поголем нагласок на евангелието. Елена Г. Вајт добро го сумирала тоа: „Божјите Заповеди се објавувани, но верата во Исус не е објавувана подеднакво важно од страна на адвентистите на седмиот ден. Но, Законот и Евангелието одат рака под рака“ (*Selected Messages*, кн. 3, стр. 172).

Иако 11. глава од Посланието до Евреите ги наведува побожните луѓе кои имале силна вера, ничија вера не може да се спореди со Исусовата вера.

**Прочитајте го текстот Матеј 26,36-42. Што ни кажува овој текст за верата на Исус во тој клучен момент?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Кога ја имаме Исусовата вера, тоа значи не само дека ја имитираме Неговата вера во Бога преку послушност кон Него и Неговата Реч, туку дека имаме и активно, живо секојдневно искуство со Исуса. Ова подразбира спознавање и дејствување врз основа на фактот дека, доколку Исус не е во центарот на нашиот секојдневен живот, ние не можеме да имаме спасоносен однос со Бога.

Да ја имаме Исусовата вера, значи да го имаме Исуса кој живее во нас, а со тоа и Неговата вера е во нашите срца, бидејќи Исус е самиот темел на нашата вера. Понекогаш нашата вера е слаба и без сила. Но, Исус е достоен (Откровение 5,9), и ние можеме да ја имаме Неговата вера, која се огледува во нашето лично искуство, а ни се припишува врз основа на Неговиот дар на благодатта наменет за сите што веруваат.

**Колку навистина ја посакувате Исусовата вера? Понизно барајте од Бога да ви ја даде и повикајте се на стихот Евреите 11,6 како ваша лична молитва, велејќи: „Господи, без вера е невозможно да Ти угодам на Тебе. Доаѓам кај Тебе и верувам дека ме наградуваш, и дека ќе ме наградиш кога Те барам од сè срце. Го правам тоа токму сега.“**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Ние сме оправдани (помилувани и направени праведни пред Бога) врз основа на верата (Римјаните 5,1). Потоа сме посветени (дадена ни е сила да бидеме како Исус) исто така преку верата (Дела 26,18). Кога го повикуваме Исуса во нашиот живот, ние стануваме Божји деца повторно преку верата (Јован 1,12). Според тоа, ние живееме со вера во Синот Божји (Галатите 2,20).

„Ништо не е навидум толку пobеспомошно, а всушност толку непобедливо како душата што ја чувствува својата ништожност и целосно се потпира на заслугите на Спасителот. Преку молитва и проучување на Неговата Реч, преку вера во Неговото постојано присуство, и најслабите човечки битија можат да живеат во постојана врска со живиот Спасител. Тогаш Тој цврсто ќе ја држи душата со својата десница и никогаш нема да ја остави“ (Елена Г. Вајт, *Здрав и среќен живот,* стр. 182 оригинал).

„Нивната вера требало да се засили со сесрдна молитва, со пост и со понизност во срцето. Морале да бидат ослободени од себичноста и исполнети со Дух и со Божја сила. Само сериозните, истрајни молитви упатувани кон Бога со вера – вера што води до потполна зависност од Бога и до безрезервно посветување на неговото дело – можат да им помогнат на луѓето да добијат потпора од Светиот Дух во борбата со поглаварите и властите, со управителите на овој мрачен свет, со духовите на пакоста под небото“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 431 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кои пет главни точки се нагласени во горенаведениот цитат од книгата „Копнежот на вековите“ кога станува збор за соработка со Светиот Дух во борбата против непријателот?**

**2. Каква улога игра верата во таа борба?**

**3. Како го гледате ова во вашиот живот токму сега?**

**4. Прочитајте го стихот Евреите 10,23. Зошто е важно цврсто да се држиме до исповедањето на нашата вера?**

**5. Колку често размислувате за таа вистина дека моментот кога се чувствувате беспомошни е всушност вистинската можност поцелосно да се потпрете на Исуса?**

**Резиме:** Бог му дава на секој човек одредена мера на вера како основа за градење однос со Него. Како Зачетник и Довршител на нашата вера, Исус, откривајќи ја силата на верата, ни оставил пример на кој сите треба да се угледаме. Дури и кога нашата вера е мала, ако му пристапиме со солзи и молби од покорно срце, Бог ќе направи чуда во нашиот живот (видете ги стиховите: Еремија 31,2-4.9.11.12). Тој ќе нè води по Неговите прави патишта, за веќе да не се сопнуваме и да имаме мир. Исус е совршен пример во сè, а тоа што ја имаме Неговата вера, ќе нè обележува како Негов народ на крајот на времето.

**9. Лекција**
**Од 23 до 29 мај 2026**

# ГРЕВОТ, ЕВАНГЕЛИЕТО И ЗАКОНОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Судии 14; Марко 9,42-48; Римјаните 3,20; Матеј 5,17.18; Римјаните 3,28; Матеј 7,24-29.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Никогаш нема да ги заборавам Твоите правила, зашто преку нив ме оживуваш. Твој сум јас, спаси ме, зашто ги барав Твоите правила“ (Псалм 119,93.94).**

Без сомнение, гревот е најголемата пречка за близок однос со Бога. Не само што гревот сега нѐ одвојува од Бога (Исаија 59,2), туку и нѐ мами, повредува, нѐ проголтува и на крајот нѐ уништува. Нашата битка против гревот и егото е најголемата битка со која некогаш ќе се соочиме, битка со огромни, вечни последици.

Некои луѓе како да го занемаруваат гревот, го сметаат едноставно како дел од животот. На крајот на краиштата, во човечката грешна природа е да се препушта на измамите на грешните задоволства. Но, дали и ние го сфаќаме гревот површно, едноставно затоа што целото општество денес така гледа на него? Можеби претпазливо ја заобиколуваме таа тема, од страв да не навредиме некого ако гревот го наречеме со неговото вистинско име. Меѓутоа, колку повеќе избираме опуштено да гледаме на гревот, толку повеќе неусетно се оддалечуваме од здравиот однос со Бога.

Да, секој човек греши, а нашите мисли, мотиви, дела и зборови ги повредуваат другите, нас самите, па дури и Бога. Конечно, гревот ја уништува нашата врска со Бога. Затоа Бог ни се открил себеси на тој начин што нѐ запознал со својот закон, кој фрла светлина и го прави видлив гревот во нашиот живот.

Затоа, да ја проучиме оваа седмица причината зошто Бог ни го дал Својот закон, како и прашањето што или кој може да му помогне на оној што го крши Божјиот закон, прави грев, да ја обнови својата врска со Бога.

## ОДВЛЕКУВАЊЕ НА ВНИМАНИЕТО И ИСКУШЕНИЈАТА

**Читајте за Самсоновите искушенија во текстовите Судии 14 и Судии 16,1.4.16.17. Иако Бог го повикал за одредена цел, Самсон му служел на Бога, но истовремено се препуштал на искушенијата. Што нè учи исходот од неговиот живот?**

---

Големата борба е вистинска, и сите ние сме вклучени во неа. Космичката битка што започнала на небото сега се одвива и во животот на секој од нас.

Сатаната знае дека во ова време во кое живееме, непосредно пред Исусовото доаѓање, мора да употреби сè што знае за да нè спречи да воспоставиме блиска врска со Бога. Можеби вниманието ви го одвлекува нешто што не е нужно лошо само по себе, но ви одзема толку многу од вашето време и енергија, што ви останува многу малку што можете да му дадете на Бога. Можеби во прашање е работата, социјалните медиуми, шопинг, спорт или храна. Кога внимателно ќе се загледаме во себеси, ќе видиме дека претерувањето и неурамнотеженоста во која било од овие работи ни остава многу малку време за Бога и за другите. Непријателот ги знае сите наши слабости и сето она што може да нè одвлече од намерата да поминуваме време со Бога. Да имаме на ум дека прво треба да го бараме Бога (Матеј 6,33), пред да се впуштиме во предизвиците на денот и на сè друго што може да ни се најде на патот.

Исус ја разбира нашата состојба, но ја прекорува нашата безволност и рамнодушност (Откровение 3,14-22). Иако е Бог, Тој бил и човек и чувствувал умор, исто како и ние (Јован 4,6). Тој ги знаел притисоците на животот, како и ние, но ги совладувал на тој начин што се повлекувал за насамо да се моли на својот Отец (Лука 5,16; Лука 6,12; Марко 1,35; Матеј 14,23). Тој знаел дека времето поминато со Отецот е најдоброто нешто што можел да го прави за да ја обнови силата за борба против искушенијата. Тоа е најдобриот и најсигурен начин и за нас.

Самсон паднал затоа што мислел дека е силен. Се потпрел на сопствената сила за да ги совлада искушенијата. Секој од нас секојдневно се соочува со битка против гревот, додека непријателот на душите настојува да го ослабне и уништи нашиот однос со Бога. Тој ги знае нашите слабости и се фокусира на нив за да го отапи нашиот однос со Бога и да предизвика во нас чувство на вина и недостојност, и на тој начин да нè оддалечи од Бога. Ѓаволот работи на тоа да го промени нашето размислување, нашите намери и нашето однесување со цел да стекне упориште во некоја област од нашиот живот. Но да имаме на ум – нашата вера ќе ни помогне да стоиме, а верата доаѓа од слушањето на Божјата Реч.

**Со што се борите токму сега? Како може Божјата Реч да ви помогне токму сега?**

## УПОРИШТА ВО МОЈОТ ОДНОС СО БОГА

Во Библијата има многу пораки што зборуваат за нашиот однос со Бога и за пречките што нè спречуваат да растеме во Христа. Размислете за следниве зборови на Павле и Исус:

„*Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне*“ (1. Коринќаните 10,12). Како и во случајот со Самсон, потпирањето на себе ќе нè собори.

„*Не разгласувај, како што прават лицемерите... за да ги фалат луѓето*“ (Матеј 6,2). Престанете да им кажувате на сите колку сте добри! Бидете понизни, како што бил Исус.

„*Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба, тој веќе извршил прељуба со неа во срцето свое. Ако те наведува на грев десното око, извади го и фрли го од себе*“ (Матеј 5,28.29). Направете сè за да ја отстраните секоја похота од своето срце, бидејќи таа претставува пречка за вашиот однос со Бога.

„*Не судете, за да не бидете судени; зашто, со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери*“ (Матеј 7,1.2). Престанете да критикувате и отстранете ја склоноста да ги осудувате другите. Бог е судијата, нека суди Тој (1. Коринќаните 4,5).

„*А Јас ви велам: љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве проколнуваат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве гонат*“ (Матеј 5,44). Престанете да ги мразите непријателите. Кога негувате негативни чувства кон оние што ве малтретираат, тоа веднаш поставува бариера во вашиот однос со Бога. Наместо тоа, почнете да се молите за вашите непријатели и гледајте како тоа го менува не само вашето одење со Бога, туку и вашиот однос со другите.

„*Но, ви велам дека секој што се лути на својот брат, ќе биде пред суд*“ (Матеј 5,22). Можеби го оправдувате тоа што викате кон оние што ви се блиски. Но, како вашиот гнев влијае на вашиот однос со Бога, а да не го спомнуваме вашиот однос со оние на кои сте лути? Ова се само некои од областите каде што најчесто се сопнуваме.

**Исус нè предупредил што треба да правиме кога нашите раце, нозе и очи нè наведуваат на грев. За што всушност нè предупредил Исус? Прочитајте Марко 9,42-48.**

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

**Отсекувањето на раката или ногата, или вадењето на окото затоа што тие ве наведуваат на грев, звучи доста екстремно. И треба да биде. Бидејќи токму со таква сериозност Исус гледа на гревот и на неговото влијание во вашиот живот. А колку сериозно вие го сфаќате гревот?**

## ЗАКОНОТ

**Како би го дефинирале и опишале гревот на некој што не е христијанин? Како Библијата го опишува гревот? Прочитајте ги стиховите Римјаните 3,20 и 1. Јованово 3,4.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Гревот е прекршување на Божјиот закон (1. Јованово 3,4), а исто така и нешто што е вткаено во нашата природа (Псалм 51,5; Еремија 17,9). Значи, законот е тој што изнесува на виделина што навистина е гревот. Законот е како пар очила што ги ставаме за да видиме јасно што се наоѓа околу нас, или огледало што го користиме за да видиме како навистина изгледаме. Тој носи јасност и уверување во врска со нашиот живот и карактер, додека во исто време ни зборува за Божјиот карактер и за она што му е Нему важно.

Десетте заповеди (2. Мојсеева 20,3-17) биле напишани со прст Божји. И Исус ја потврдил нивната важност: „Затоа возљуби Го Господа, твојот Бог, со сето свое срце и со сета своја душа, и со сиот свој разум, и со сета своја сила!‘ Ова е најважната заповед. А втората е слична на неа: ‚Возљуби го својот ближен како себеси!‘ Друга заповед, поголема од овие, нема“ (Марко 12,30.31). Потоа додал: „На тие две заповеди се држат целиот Закон и Пророците“ (Матеј 22,40).

Божјите зборови упатени до Израелците на горате Синај, а и до нас денес (Евреите 1,1.2), ни покажуваат дека законот во суштина се однесува на односите. Бог ни го дал законот како заштита – да го зачува нашиот однос со Него и со другите. Меѓутоа, сатаната криво ја претставил убавината на Божјиот закон, така што некои го доживуваат како товар. Законот често се поврзува со легализмот, а не со љубовта и слободата, иако Библијата ни вели: „Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме заповедите Негови, а Неговите заповеди не се тешки“ (1. Јованово 5,3).

**1. На скала од 1 до 5, колку ми е драгоцена живата Реч (и законот, како нејзин составен дел)?**

**2. Кога размислувам за Божјиот закон, дали тој ме ограничува или ме зајакнува? Како подобро да го разберам законот ако таа прва изјава се однесува на мене – ако мислам дека ме ограничува?**

**3. Што би можело да се случи ако Божјиот закон на љубовта кон Него и кон другите стане средиште на мојот живот, на моето семејство и на мојата црква? Во тој случај, што би можело да се промени во мојот живот и моите односи?**

## ЗАКОНОТ И ЕВАНГЕЛИЕТО

Самиот Исус многу силно и концизно објаснил каков е Неговиот однос спрема законот.

**Што рекол Тој за законот во текстот Матеј 5,17.18?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Исто како што родителските граници им откриваат на децата што им е важно на родителите, така и Божјиот закон ни открива каков е Неговиот карактер и што Нему Му е важно. Бог ни го дал Својот закон за да ги заштити нашите односи со Него и едни со други, знаејќи дека Неговиот закон ќе управува со секој аспект од нашиот живот додека растеме во Него. Впрочем, кој од нас не ги искусил страшните последици што гревот, прекршувањето на законот, му ги нанесува на секој од нас?

Љубовта кон Исуса се наоѓа во самата срцевина на законот. Исус рекол: „Ако Ме љубите, пазете ги Моите заповеди“ (Јован 14,15). Кога навистина го сакаме Исуса, ние природно ќе бидеме поведени да го држиме Неговиот закон. И кога јасно го согледуваме Неговиот закон, не можеме а да не Го љубиме уште повеќе. И, што е поважно, најдобриот начин да ја негуваме нашата љубов спрема Бога е да го имаме пред нашите очи Крстот и Христовата заменска смрт на него – во наша полза.

Токму затоа евангелието оди рака под рака со законот. Односно, колку и да веруваме во законот и во важноста на неговото држење, секогаш мора да имаме на ум дека, во поглед на нашиот статус пред Бога, законот само нè осудува. Законот никогаш не простува, никогаш не оправдува, никогаш не искупува. Напротив, тој истакнува зошто треба да ни биде простено, зошто треба да бидеме оправдани, и зошто ни е потребно искупување и помирување. Токму затоа, како нешто што оди рака под рака со законот, па дури е и од темелна важност за разбирањето на законот, ни е дадено евангелието, Христовата смрт во наша полза, која ни се припишува, не врз основа на нашето држење на законот, туку врз основа на верата.

**Прочитајте ги следните стихови: Римјаните 3,28; Римјаните 4,13-16; Галатјаните 2,16; Галатјаните 3,13; Филипјаните 3,9. Што учат овие стихови и како тоа може да ни помогне нам, кои веруваме во држењето на законот, да избегнеме да станеме легалисти во овој поглед?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

## ДА ЗНАЕМЕ И ДА ПРАВИМЕ

Во Проповедта на горо, Исус многу зборува за односите – со Него и едни со други. Пред крајот на својата порака, тој кажува нешто отрезнувачко:

„Не секој што Ми вели: ‚Господи, Господи‘, ќе влезе во царството небесно, туку оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен“ (Матеј 7,21).

Исус објаснува дека некои ќе Го повикуваат и очигледно ќе знаат нешто за Него, но всушност нема да Го познаваат. Секако, стремежот за знаење е важен, и Библијата ни кажува дека Божјиот народ може да биде уништен поради недостаток на знаење за Бога и поради тоа што го отфрлил своето знаење за Него (Осија 4,1.6.10). Никогаш не треба да ја потценуваме важноста на безвременската библиска вистина. Но, ако таквото знаење не нѐ промени и не го продлабочи нашето посветување и нашето одење со Бога, тогаш е бескорисно.

„А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос“ (Јован 17,3). Исус изјавува дека предуслов за влегување на небото е извршувањето на Божјата волја и, во крајна линија, познавањето на Бога – бидејќи не можеме да ја извршуваме Неговата волја без да Го познаваме Него. Ова е пресуден фактор и мошне разумно очекување. Ако вашите деца велат дека ве сакаат и главно го прават она што го барате, нивните постапки ја откриваат длабочината на нивната љубов и почит кон вас. На ист начин, ако го сакаме Бога, ќе сакаме да ја исполнуваме Неговата волја затоа што знаеме дека нема ништо подобро за нас од тоа! Нашиот одговор кон Него и, впрочем, нашата послушност кон Него, како плод на нашата љубов, ја откриваат вистинската природа на нашата заедница со Него.

**Исус ја завршува Проповедта на гората со тоа што им упатува на своите слушатели еден последен, пресудно важен предизвик. За што се работи? Прочитајте го текстот Матеј 7,24-29.**

---

Кога навистина ги слушаме Исусовите пораки, невозможно е тие да не нѐ трогнат и променат. Но, пред сѐ, нашите уши мора да бидат отворени, а нашето срце приемчиво, за да може овој образец на живот во блиска заедница со Бога да се врежува во нашата душа со секој наш здив. Нашиот живот навистина може да биде изграден врз Карпата и Божјиот совршен план за нас.

**Тој образец на блискост со Бога не е никаква тајна. Тој е откриен на страниците на Неговата вдахновена Реч и понуден му е на секој човек. Секој може, со личен избор, да го прифати со вера, да се повика на Христовата совршена праведност, а потоа да живее во согласност со таа праведност.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Не треба да нè изненадува што вистината за законот може да биде толку изопачена и погрешно сфатена, со оглед на тоа што најголемиот предизвик на сатаната насочен кон Бога се однесува на Неговиот закон.

Некои, дури и во времето на Исус, мислеле дека Тој дошол да го укине законот, но всушност, ништо не можело да биде подалеку од вистината. Исус го прикажал законот и прекрасниот Божји карактер во нивната вистинска светлина. Тој дошол да го исполни законот (Матеј 5,17.18) и да ни покаже каков е Бог.

„Само тогаш кога во срцата на народот се негувала почит кон Божјата Света Реч, тој можел да се надева дека ќе ја исполни божествената намера. Почитта кон Божјиот закон му влевала сила на Израел за време на владеењето на Давида и првите години од владеењето на Соломона. Токму верата во живата Реч овозможила да се оствари реформата во времето на Илија и Јосија. И преку истата таа Реч на вистината - највредното наследство на Израел - Еремија во своите напори повикувал на реформа“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 465, 466 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како популарната култура денес гледа на гревот? Како треба нашата црква да возврати на тоа?**
2. **Во која пригода од прва рака сте виделе како гревот ги уништува односите со Бога и со луѓето?**
3. **Дали послушноста кон Божјиот закон е нешто лесно или тешко во вашиот живот? Кои фактори придонесуваат за ова?**
4. **Како можеме ние, како адвентисти, за кои и самото име покажува колку сериозно го сфаќаме законот, да ја избегнеме стапицата на легализмот, односно потпирањето на тоа дека почитувањето на законот ќе нè спаси? (Направете го следниов мисловен експеримент: На денот на судот, кога секој ваш грев ќе биде изнесен пред светиот Бог, на што ќе се потпрете? На вашето држење на законот? Или на Исусовата совршена праведност која ве оправдува?)**
5. **Како знаењето (или недостатокот на знаење) може да влијае на човековиот однос со Бога? (Прочитајте: Мудри изреки 24,3.13.14.)**

**Резиме:** Нашиот живот е заразен од гревот кој нè одвојува од Бога. Сепак, Бог нè повикува да Го запознаеме и да Го сакаме со сиот наш ум, срце, душа и сила. И кога го правиме тоа, природно имаме поголема љубов и кон другите. Таквата љубов кон Бога и кон другите е пројавена во Божјиот закон, кој ни е даден за да го заштити и зачува нашиот однос со Него и со оние околу нас. Божјиот закон е прекрасен одраз на Неговиот карактер, и кога добро го разбираме, нашата врска со Бога станува посилна.

**10. Лекција**
**Од 30 мај до 5 јуни 2026**

# ПОКАЈАНИЕ И ПРОШТАВАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 61,10; Осија 6; Дела 3,18.19; 2. Мојсеева 34,1-10; Римјаните 6,23; Матеј 22,1-14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нѐ очисти од секаква неправда“ (1. Јованово 1,9).**

Ветената земја им изгледала толку далеку на Израелците што логорувале под столбот од облак во рамнината. Мојсеј се искачил во густата темнина, која со денови го покривала врвот на планината. Водачот сигурно е мртов досега, размислувале тие, ако не од глад, тогаш можеби од огнот што проголтува на врвот. Мешаното мноштво меѓу нив се чувствувало немирно и нетрпеливо, желно да се пресели во земјата во која тече мед и млеко. Иако истите овие луѓе, само неколку дена претходно, склучиле свечен завет со Бога, ветувајќи дека ќе го слушаат, сепак сакале кип што ќе можат да го видат. Затоа се собрале околу шаторот на Арон, барајќи тој да им направи идол. Плашејќи се за сопствената безбедност, Арон се согласил. Во текстот 2. Мојсеева 32-34 читаме како се одвивала оваа тажна приказна.

Овој извештај е само еден од многуте во Светото писмо од кој учиме за покајанието и проштавањето, а тоа е темата што ќе ја проучуваме во текот на оваа седмица. Имајте го на ум стихот што треба да се научи напамет оваа седмица, додека ја повторувате лекцијата секој ден. Да, ние грешиме, но благодарение на Крстот и планот на спасението, проштавањето секогаш му стои на располагање на грешникот кој ги признава своите гревови и се кае.

## ЖИВОТНА БРКОТНИЦА

Тоа била многу напорна седмица. Иако знаела дека има уште многу работи да се извршат пред да почне саботата, она што е итно, изгледало како да има предност пред она што било важно, и пред да се свести, сонцето веќе се спуштило. Семејството било собрано заедно во петок навечер. Тие имале посебен оброк и семејно богослужение.

И кога зазорило саботното утро, таа се разбудила рано и не можела а да не ја забележи валканата бања, па ја изрибала. Потоа видела дека нејзиниот мал син го намокрил креветот, па го ставила неговиот чаршаф во машината за перење со другите алишта. Додека подготвувала појадок за своето семејство, сфатила дека немаат десерт за ручек, па брзо испекла колач со банана. Потоа забележала дека на нејзиниот сопруг му треба испеглана кошула за во црква, па го направила и тоа, а потоа средила дел од облеката и ја фрлила во ѓубрето.

И тогаш се сетила! *Сабота е – денот што го сакам повеќе од кој било друг ден! А сепак, еве ме, ги извршувам сите овие домашни работи, дозволувајќи им тие да ми го одвлечат вниманието од она што саботата всушност е – можност да се приближам до Бога.*

За момент, таа почнала да ги оправдува своите постапки во својот ум – сѐ морало да се направи. Но, дали било навистина така? Сфатила дека се однесува како Марта, која била „многу зафатена околу служењето“ (Лука 10,40), и тогаш се сетила на Исусовите зборови: „Ти се грижиш и се вознемируваш за многу работи. Но само едно е потребно. Марија го избра добриот дел, кој нема да ѝ се одземе“ (Лука 10,41.42). Добриот дел! Седење крај Исусовите нозе од длабока љубов кон Него – не само во сабота, туку секој ден. Тоа утро таа не го избрала тој дел.

Таа го сака Бога, но сепак толку лесно заборавила дека Тој ѝ ја дал саботата како дар во времето, за да може нејзината заедница со Него да стане посилна. Солзи почнале да се слеваат по образите додека стоела сама во кујната.

Целта на овој пример не е да се фокусираме на тоа што треба а што не треба да правиме во сабота, туку да нѐ потсети зошто е важно да бидеме свесни за сето она што ја ослабува и уништува нашата врска со Бога. Кога во срцето чувствуваме болка поради гревот и одвоеноста, и кога го повикуваме, Исус е многу близу (Псалм 53,2). Во своите од крв извалкани раце, Тој држи бела облека. Тој ги гледа нашите солзи на покајание и ја отстранува нашата валкана облека. Потоа нѐ обвиткува цели во белата облека на Неговата праведност. Неговата чистота го покрива нашиот грев – целосно и совршено. Ние можеме да ја измиеме нашата облека во Неговата крв (Откровение 7,14).

**Како стиховите Исаија 64,6, Захарија 3,4 и Исаија 61,10 ја откриваат важната вистина за тоа што значи Христовата праведност за нас? Зошто мора секогаш ревносно да се држиме за она што ни е ветено тука?**

## ПОТТИЦИ НА СВЕТИОТ ДУХ

Размислувајќи за оддалечувањето меѓу него и неговите жена, бил свесен дека погрешил. Бил нељубезен и груб, и рекол некои работи поради кои зажалил. Па сепак, неговата следна мисла била: Но, зарем таа не го заслужуваше тоа, барем малку?

Дали овој процес на размислување ви звучи некако познат? Лесно е да се префрлиме од чувство на жалење кон правдање на нашите мисли и постапки. Кога правиме нешто лошо, не е секогаш лесно да кажеме: „Извини, жал ми е“, но тоа е од суштинско значење за обновата и зајакнувањето на која било врска.

Истото важи и кога станува збор за Бога и за нас. Со своите поттици Светиот Дух често нè потсетува на гревовите што ги правиме. Нашето срце е трогнато од овие поттици, но лесно може да се потисне тој тивок, тенок глас кога ќе почнеме да се оправдуваме себеси што сме постапиле на одреден начин. Една од улогите на Светиот Дух е да го „изобличи светот за грев“ (Јован 16,7.8). Каков неверојатен дар од Бога (Лука 11,13), бидејќи колку многу ни се потребни таквите осведочувања за да се отстрани јазот на оддалеченост што може да се вовлече во нашето одење со Него!

**Прочитајте го текстот Осија 6. Што особено забележувате во врска со тоа како Бог се опишува овде себеси додека повикува на покајание?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Разгледајте ја улогата на Светиот Дух во процесот на нашето повторно накалемување на Лозата (Јован 15,4). „Често жалиме затоа што нашите лоши дела ни донесуваат непријатни последици; но тоа не е покајание. Вистинската жалост поради гревот е резултат на делувањето на Светиот Дух. Духот ја открива неблагодарноста на срцето што го омаловажувало и жалостело Спасителот и во понизност нè доведува во подножјето на крстот. Со секој грев одново го рануваме Исуса и... плачеме поради гревовите што му нанесле страдања. Таквото плачење ќе ни помогне да го отфрлиме гревот“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 300 оригинал).

Вистина е дека не можеме да растеме во нашиот однос со Бога сè додека меѓу нас стои грев што свесно го бираме и го негуваме. Можеби не сме совршени, но можеме – и треба – да се покаеме за нашите гревови кога Светиот Дух ќе ни ги предочи (Ефесјаните 4,30).

**Кога последен пат сте чуле некој укор или повик за покајание? Како сте одговориле? Поминете извесно време во молитва токму сега, барајќи од Бога да ви го омекне срцето и да ви ги отвори ушите за Неговиот глас кој оваа седмица ви проговара преку Неговата Реч.**

# ВИСТИНСКО ПОКАЈАНИЕ

Секуларниот свет нѐ бомбардира со пораки за независност, препуштање на задоволствата и самопромоција (претставувајќи се себеси во најдоброто можно светло) – сосем спротивно од Божјиот повик да служиме и да бидеме кротки (Матеј 5,5). Интересно е што првите зборови на Јован Крстителот, кои се запишани во Библијата, се слични на првите Исусови забележани зборови. Јован рекол: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно!“ (Матеј 3,1.2) Исус рекол: „Времето се исполни, и наближи Божјото Царство; покајте се и верувајте во Евангелието!“ (Марко 1,14.15; видете и Лука 24, 46.47). И Исус и Јован ги повикувале своите слушатели да се покаат затоа што царството небесно се приближило. Можно ли е истата оваа порака да е подеднакво значајна и за нас денес?

**Прочитајте Дела 3,18-20. Зошто покајанието е толку важно во процесот на духовниот раст? Што претставуваат времињата на „освежување“?**

_______________________________________________________________

Божјата љубезност и добрина нѐ водат кон покајание (Римјаните 2,4). Покајанието вклучува два чекора: (1) искрено жалење поради нашите гревови; и (2) искрена одлука да го оставиме гревот. Во Библијата, покајанието речиси секогаш е поврзано со проштавање. Ние искрено се каеме, а Бог ни проштава. Толку е едноставно (1. Јованово 1,9; Откровение 3,19). „Господ нема да задоцни со Своето ветување, како што некои мислат за бавењето; но долго време трпи, бидејќи не сака да загине некој, туку сите да се покаат“ (2. Петрово 3,9). Додека секој од нас лично ја подготвува својата душа за Второто доаѓање, Бог ни дава време да го доведеме во ред нашиот однос со Него.

Исус страдал, умрел и воскреснал за кога ќе се покаеме, Неговата благодат да може да направи чудо во нашиот живот. За разлика од светот, кој нѐ уверува дека сме добри токму такви какви што сме, Бог бара да се свртиме кон Него со покајание и вера (Дела 20,21), предавајќи се целосно во Неговите раце за да може Тој да нѐ „реже“, „очисти“ и да го обликува нашиот карактер според Неговиот лик, за да сведочи за Него (Јован 15,2.8). Тогаш растеме и донесуваме плод достоен за покајание (Матеј 3,8).

„Ниедно покајание не е вистинско ако не предизвика промена на животот. Христовата правда не е наметка со која ќе се покриваат непризнатите и неоставените гревови; тоа е животно начело што го преобразува карактерот и управува со однесувањето“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 555, 556 оригинал).

**Покајанието води во живот (Дела 11,18) и е од суштинска важност за растењето во односот со Бога. Во овој процес на предавање, покајание и дозволување на Бога да ве „реже“ и „очисти“, кој чекор е најтежок за вас?**

# ДОВОЛНА БЛАГОДАТ

Кога ја чувствуваме тежината на нашите гревови и му дозволуваме на Светиот Дух да нѐ води до подножјето на крстот, треба да бараме Божје проштавање, знаејќи дека „штедар и милостив е Господ, долготрпелив и многумилостив“ (Псалм 103,8). Истиот овој стих го изговорил лично Бог (2. Мојсеева 34,6) кога Неговиот избран народ го ожалостил.

**Прочитајте 2. Мојсеева 34,1-10. Која клучна вистина се наоѓа тука?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Фактот дека Господ е штедар, жалостив и милостив, бавен на гнев и многумилостив, токму тоа е причината зошто Исус умрел на крстот – за да може нашиот однос со Бога повторно да биде поправен.

Токму тогаш кога сме подготвени да го признаеме и исповедаме нашиот грев, кога велиме: *О, Господе, еве ме! „Боже, биди милостив спрема мене, грешникот!*“ (Лука 18,13), тогаш Исус – кој веќе работи во нас и за нас преку Светиот Дух, дури и пред воопшто да Го повикаме – го гледа нашето бреме и го зема од нас. Нашите товари се симнати на Голгота, и Исус сигурно е многу близу кога Му пристапуваме. Дури и пред тоа, Тој нѐ бара како Добриот пастир. Тој стои пред вратата и чука (Откровение 3,20). Да не се свртуваме од Крстот, гледајќи го Бога од далеку. Да потрчаме кон Исуса и да ги размениме нашите гревови и товари за Неговата праведност (Захарија 3,4).

Прочитајте ги полека следните стихови. Напишете со свои зборови што ви кажуваат за Божјата благодат кон вас:

„Зашто, платата, што ја дава гревот, е смрт, а подарокот од Бога е живот вечен во Христос Исус, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23).

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„А притоа дојде и Законот за да се наголеми престапот. Каде што, пак, се намножи гревот, таму благодатта се јавува во голема изобилност, та, како што гревот завладеал со смртта, така и благодатта да завладее преку праведноста за живот вечен, преку Исус Христос, нашиот Господ“ (Римјаните 5,20.21).

______________________________________________________________

______________________________________________________________

„Но Бог ја докажа љубовта Своја кон нас, со тоа што Христос умре за нас, уште додека бевме грешни“ (Римјаните 5,8).

______________________________________________________________

______________________________________________________________

## НАЈСКАПАТА ОБЛЕКА

Убавата облека честопати ги разликува оние кои се богати според световните мерила. Некои велат: „Се облекувам вака за да покажам кој сум“. Меѓутоа, на небото сите нешта ќе ја изгубат својата важност, освен нашите меѓусебни односи (Матеј 6,19-21). Нашиот личен идентитет треба да биде покриен од Исуса и со совршената облека на Неговата праведност.

**Прочитајте ја параболата во Матеј 22,1-14 што Исус ја раскажал за да го објасни ова. Кои пораки можете да ги најдете во оваа парабола?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Исус го нарекол човекот без соодветна облека „пријател“, и молчењето на човекот покажува дека тие сигурно биле во одредена врска. Човекот сигурно знаел за таа облека, но одлучил да не ја облече. Исусовиот карактер е совршен и беспрекорен, и Тој ни го нуди за да се облечеме во „чист и светол висон“ (Откровение 19,8), „која нема осквернување, или порок, или нешто слично“ (Ефесјаните 5,27).

Белата свила е „Христовата праведност, неговиот неизвалкан карактер, кој со вера им се дава на сите што ќе го примат како свој личен Спасител“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи,* стр. 310 оригинал).

Пред да згрешат, Адам и Ева носеле бели облеки од светлина. Откако згрешиле, увиделе дека се голи (1. Мојсеева 3,7). Тогаш Бог ја заменил покривката од смоквини лисја со облека од животински кожи. Била принесена жртва што ја обезбедила нивната облека. На сличен начин, ние ја прифаќаме Исусовата жртва со тоа што ја прифаќаме облеката на Неговата праведност. „Голи и посрамени, својата небесна облека се обиделе да ја надоместат со облека од смоквини лисја што сами ја направиле... Човекот не може ништо да стори за да ја надомести својата загубена облека на невиноста. Никаква облека од смоквини лисја, никаква световна облека нема да носат оние што ќе седат со Христа и со ангелите на свадбената вечера на Јагнето. Само покривалото што ни го подарува Христос може да стори да се појавиме во Божје присуство. Со тоа покривало, со таа облека на својата праведност, Христос сака да покрие секоја покајничка, верна душа“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи*, стр. 311 оригинал).

**Размислете: Секој ден треба да ја облекуваме облеката на Исусовата праведност. Што всушност значи тоа, и како го правиме тоа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Библијата често користи метафори од светот на земјоделството за да ја опише нашата духовна состојба. Стихот Осија 10,12 претставува еден таков пример, кој го опфаќа она за што размислувавме оваа седмица:

„Сејте правда –
па ќе жнеете милост;
разорувајте нова земја,
време е да Го побарате Господа,
и така Тој, штом ќе дојде, да ве облее со благослов."

Ние сееме, жнееме и ораме тврда земја, и го бараме Господа за да му се приближиме. Почвата на нашите срца мора да биде обработена и подготвена за дождот (Светиот Дух) кој треба да падне. Бог може да ни даде желба да ја подготвиме нашата почва, но на крајот на краиштата, односот со Бога е партнерство (видете Филипјаните 2,12.13). Ние мора да го свртиме нашето лице кон Него, да се потпреме на Него и да се држиме за Него. Тогаш Тој работи во нас и го извршува останатото.

Одличен пример за тоа што значи да се држиме до Бога може да се најде во следните стихови: „Очите ваши видоа (сè), што Господ, Бог наш, направи со Ваал-Фегор; зашто Господ, Бог наш, го истреби од средината твоја секој, што го следеше Ваал-Фегор; а вие, кои сте Му приврзани на Господ, вашиот Бог, сите сте живи до ден – денес" (5. Мојсеева 4,3.4).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **„Не воведувај нè во искушение, но избави нè од лукавиот" (Матеј 6,13). Исус конкретно им рекол на своите ученици да се молат на ваков начин, а дали ние го следиме истиот тој тек на мислите во нашите секојдневни молитви? Колку редовно се молите за заштита од искушение и грев?**
2. **Како би го објасниле драгоцениот дар на облеката на Христовата праведност на некој што не е христијанин или воопшто не е верник?**
3. **Како облеката на Христовата праведност е поврзана со пораката за светилиштето, која е порака за Божјото проштавање и очистување на покајниот грешник? Колку добро ја разбирате убавината и богатството на таа порака?**

**Резиме:** Препознавањето на нашите гревови како одговор на поттикнувањата на Светиот Дух, и предавањето себеси во покајание, се пресудно важен дел од успешниот однос со Бога. Сознанието дека нам ни е целосно простено и дека сме покриени со облеката на Исусовата праведност, за човечкото битие претставува искуство што најмногу преобразува. Не само што товарот на гревот е симнат од нас, туку чувствуваме и дека Божјата љубов нè опкружува додека му се приближуваме. Ова нè поврзува со Бога, нè зајакнува духовно и нè поттикнува да Го сакаме Бога со секој дел од нашето битие.

**11. Лекција**
**Од 6 до 12 јуни 2026**

# ПРЕЧКИ НА ПАТОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 4,35-41; Марко 5,21-34; Римјаните 5,3-5; Јов 19,23-27; Јов 23,8-12; Лука 24,13-27; Римјаните 8,18.28.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но не само тоа, туку се гордееме и со маките, знаејќи дека од маката се раѓа трпението; од трпението, пак - искуство, а од искуството - надеж. Надежта пак, не посрамотува. Зашто љубовта Божја е излеана во нашите срца преку нам дадениот Свети Дух“ (Римјаните 5,3-5).**



Една вечер, додека сонцето заоѓало зад хоризонтот, едно мало девојче се враќало дома кога надошла ненадејна бура. Ги забрзало чекорите знаејќи дека има долг пат пред себе. Почувствувало како капка дожд паднала на образот, потоа уште една, и пред да се свести, сето било мокро. Девојчето почнало да трча и наскоро, отворајќи ја вратата широко, се втурнало во куќата. Нејзиниот татко, кој гледал од прозорецот, побрзал да го пречека. Завиткувајќи го со ќебе, тој рекол: „Те видов пред малку, на дождот“, а потоа прашал: „Зошто застануваше, погледнуваше нагоре и се насмевнуваше секој пат кога ќе удреше гром?“

„О, застанував да погледнам нагоре“, одговорило тоа, „затоа што Бог ме фотографираше!“

Како реагираме кога наидуваат животните бури или кога во нашиот однос со Бога ќе дојде до извесен застој? Дали ја наведнуваме главата додека дождот се лее по грбот, или го подигаме погледот нагоре, знаејќи и верувајќи дека Бог е тука кога ќе се свртиме со лицето кон Него?

Оваа седмица ќе истражиме некои од нашите чести вообичаени реакции на животните предизвици. Ќе разгледаме како да ги искористиме животните неуспеси на таков начин за најважниот однос во нашиот живот да биде зајакнат, а не ослабен.

## ЖИВОТНИТЕ БУРИ

Исус го поминал денот зборувајќи пред големи толпи на бреговите на Галилеја. Неговите зборови ќе одекнуваат во умовите на луѓето долго време – всушност, низ целата вечност.

Како што се стемнувало, Исус им се обратил на своите ученици, повикувајќи ги да појдат со него на пат. „Да минеме на спротивната страна!“ (Марко 4,35), рекол Тој. Знаел дека доаѓа бура, но сепак предложил да тргнат. Тој имал важна животна лекција за своите најблиски соработници. Веројатно знаете што потоа се случило.

**Прочитајте повторно за таа бура во текстот Марко 4,35-41. Кои поуки за верата можете да ги научите од овде?**

___

Размислете за следните детали:

1. Исус заспива на она што веројатно било единственото перниче во коработ. Рибарските кораби обично имале едно перниче, на крмата, каде што седел оној што управува со кормилото. Лицето на крмата го управувало коработ до неговата дестинација. Значи, тука го гледаме Исуса во позиција на „возач“ на коработ, но Тој спие кај кормилото!
2. Не сите ученици биле морнари почетници. Петар, Јаков и Јован биле искусни рибари. Тие го познавале Галилејското Море како својот џеб, и знаеле како да се соочат со бура.
3. Ова е единствениот извештај запишан во Евангелијата во кој Исус спие. За време на една од најлошите бури во животот на Неговите ученици, кога биле преплашени и мислеле дека ќе умрат, Исус спиел на крмата.
4. Реакцијата на учениците во нивното време на криза била: „Зар не ти е грижа?“ Тие го довеле во прашање Исусовиот карактер и Неговата љубов кон нив. И нашата реакција е таква, премногу често, кога се соочуваме со тешкотии.

Токму среде безнадежноста можеме да се обидеме да се спасиме сами (како учениците). Понекогаш, пак, кога трпиме силна болка или загуба, почнуваме да ја преиспитуваме Божјата љубов и да се сомневаме дека Тој се грижи за нас. Претпоставуваме дека Тој треба да постапи на одреден начин врз основа на она што ние го мислиме и гледаме од наша човечка перспектива. Но, како и со учениците, токму во животните бури Бог може да ги направи најголемите чуда. Бог е секогаш верен, дури и тогаш кога не ја гледаме смислата во Неговото навидум недејствување. Тој е присутен во нашите бури и може да ги смири тогаш кога ние не можеме.

**Како обично реагирате кога се соочувате со некоја бура во вашиот живот? Како таквите моменти влијаат на вашиот однос со Бога? Кога лично сте го искусиле она за што зборува стихот 2. Коринќаните 5,7?**

## БИДИ ЗДРАВА

Замислете толпа луѓе на брегот на Галилеја. Уште од рано утро чекале Исус да се врати, и штом излегол од чамецот, тие почнале да се собираат околу Него, следејќи Го на патот за селото Капернаум. Одеднаш, се појавува Јаир, старешина на синагогата, и го моли Исуса да дојде и да ја исцели неговата ќерка.

Во исто време, меѓу мноштвото се наоѓа жена која боледувала многу години. Ги потрошила сите пари на лекари, „потрошила сѐ што имала и никаква полза не видела, а и станало дури уште полошо“ (Марко 5,26). Слушнала за овој голем Човек од Галилеја, и со надеж во срцето, собрала малку сила што ја имала за да ја напушти куќата тоа утро и да се придружи на мноштвото. Притисокот на луѓето речиси ја задушил додека полека се приближувала до Исуса. И потоа, по многу туркање и провлекување, конечно го видела. Се охрабрила себеси: „Само ако се допрам до облеката Негова, ќе оздравам“ (Марко 5,28).

**Прочитајте го текстот Марко 5,21-34. Што се случило и што можеме да научиме од тоа?**

________________________________________________________________

Овој настан ја покажува Исусовата загриженост и сочувство спрема болните и осамените, како и кон оние кои обично се изгубени во мноштвото. Многумина тој ден се тискале околу Исуса меѓу толпата, но само таа посегнала со свесна намера да го допре Исуса и да го добие благословот што толку очајно ѝ бил потребен. Меѓутоа, не ѝ помогнал нејзиниот допир, туку нејзината вера (Марко 5,34). „Спасителот можел да го разликува допирот на верата од обичниот допир на невнимателното мноштво“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 344 оригинал). Исусовата облека немала никаква посебна моќ. Она што ја излекувало жената била нејзината вера и одлуката да ја протегне раката и да Го допре.

Оваа кревка жена, во своето страдање и неволја, можела да остане тоа утро дома во кревет, но наместо тоа, таа свесно и со голема вера го побарала Исуса, за да се спријатели со Него, надевајќи се на исцелување. Не било доволно само да го набљудува оддалеку, па затоа му се приближила сосем близу.

Исус нѐ повикува и ние денес да го направиме истото. Тој вели: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши“ (Матеј 11,28.29).

**Како оваа жена со толку голема потреба ги применила идеите од Римјаните 5,3-5? Како би изгледало тоа во вашиот живот?**

## ЈОВ

Кога размислуваме за загубите во Библијата, Јов е веројатно првата личност што ни паѓа на ум. Не само што го изгубил целото свое богатство (Јов 1,14-17), туку ги изгубил и своите деца (Јов 1,18.19) и здравјето (Јов 2,7). А потоа неговата сопруга се обидела да го натера да го проколне Бога и да умре (Јов 2,9).

По некое време, тројца пријатели дошле малку да поседат со Јов. Тие биле толку шокирани од неговиот изглед, што првите седум дена буквално само седеле со него без да проговорат ни збор (Јов 2,13). А потоа, кога конечно проговориле, се обиделе да понудат причини, човечки гледано, зошто го снашла Јов таква несреќа. Меѓутоа, правејќи го тоа, тие ненамерно го зголемиле неговото страдање. Пријателите практично го обвиниле, тврдејќи дека тој сигурно имал некаков скриен грев во својот живот за кој требало да се покае (Јов 8; 11; 15). Тие дури изјавиле: „Таква е судбината на беззаконикот, тоа го чека живеалиштето на оној, кој не знае за Бога" (Јов 18,21).

**А како одговорил Јов? Прочитајте ги текстовите: Јов 19,23-27 и Јов 23,8-12.**

______________________________________________________________

Без оглед на трагичните настани што го снашле, и фактот дека не ги разбирал, Јов останал верен. Тој цврсто се држел. Не го обвинувал Бога, ниту го проколнал. Напротив, кога бил во искушение да го обвини Бога, тој изјавил: „Гол излегов од утробата на мајка ми, гол и ќе се вратам. Господ даде, Господ зеде. Нека е благословено името Господово!" (Јов 1,21)

И ние живееме среде истата битка. Сатаната ни нанесува болка, страдања, загуби и тешкотии, сѐ со цел да ја искриви нашата слика за Бог кој е полн со љубов. Во такви моменти, можеме да одговориме на еден од два начина: да го обвинуваме и отфрлиме Бога или да се прилепиме за Него со сета наша сила. Дури и додека битката беснее околу нас, мора да запомниме дека, во светлината на вечноста, нашите сегашни неволји се само привремени искушенија (2. Коринќаните 4,16–18). Вистинската слика е многу посложена отколку што ја гледаме овде и сега, и еден од најголемите предизвици за верникот е да има доверба во Бога, дури и во најмрачни мигови. Бог ни открил, на многу начини, дека Неговата љубов е вистинска. Мораме цврсто да се држиме за оваа клучна вистина – вистината за Божјата љубов – дури и во мигови кога можеби не ја чувствуваме.

**Ако моментално се наоѓате во некои тешкотии, потрчајте кај Бога. Земете ја Библијата и некоја тетратка, и бидете со Бога надвор во природа. Препишете го текстот Римјаните 5,3-5 и размислувајте за различните пораки во него, верувајќи дека Божјата љубов и грижа кон вас се најсигурното и најстабилното нешто во вашиот живот.**

## НА ПАТОТ ЗА ЕМАУС

Последните неколку седмици биле полни со подеми и падови за двајцата ученици, кои во своите мисли постојано се потсетувале на некои од настаните и разговорите на кои биле сведоци. Триумфалното влегување во Ерусалим и чистењето на храмот. Пасхата во горната соба. Исусовите молитви во Гетсиманија. Подмолното предавство на Јуда. Судењето, исмејувањето, камшикувањето. Исусовото измачено тело кое виси на крстот и последните зборови што ги изговорил пред да издивне, додека попладневното небо станувало црно. Гласното кинење на завесата во храмот. Отворањето на гробовите на праведните. Нежното отстранување на Исусовото тело од крстот и неговото положување во гробот пред саботата. А потоа збунетоста, обесхрабрувањето и безбројните прашања во главите на учениците. Како толку погрешно го сфатиле сето тоа?

Исусовите следбеници биле разочарани, обесхрабрени и збунети. Тоа бил најголемиот неуспех во нивните животи. Но, она што не можеле да го видат е фактот дека тоа бил само еден момент од најголемиот настан на сите времиња. А тогаш, додека двајца од нив оделе на патот за Емаус, се појавил Исус и одел со нив.

**Прочитајте го разговорот во текстот Лука 24,13-27 и размислете за двете различни перспективи – перспективата на двајцата следбеници и Исусовата перспектива.**

---

Кога конечно им се отвориле очите, тие побрзале назад во Ерусалим за да раскажат што им се случило на патот (Лука 24,33.34). А кога Исус се појавил и застанал меѓу своите ученици, тие биле преплашени. Забележете го прашањето што им го поставил: „Што се плашите и зошто такви мисли влегуваат во срцата ваши?“ (Лука 24,38)

Тоа е Исусовата порака и за нас денес. Премногу често заборавваме дека Исус оди покрај нас во нашите долини. Премногу често воопшто не Го препознаваме. Премногу често заборавваме дека има многу повеќе елементи во таа сторија. Премногу често сме вознемирени и дозволуваме да се појават сомнежи во нашето срце, заборавајќи дека Исус цврсто го држи нашиот живот во Свои раце. И премногу често мислиме дека знаеме подобро од Исуса што навистина се случува во нашиот живот (Лука 24,18).

**Библијата ни дава толку добри совети во врска со тоа како ние, како христијани, треба да реагираме на предизвиците и неуспесите. Одвојте малку време за да ги проучите следните кратки пасуси: Римјаните 8,28; Филипјаните 4,4-13; Јаков 1,2-4.12; и 2. Коринќаните 12,9.10. Како дел од вашето проучување, запишете три клучни пораки што би можеле да ги споделите со некој што моментално се соочува со пречки или неуспеси. Додека го правите тоа, имајте го предвид стихот 2. Коринќаните 1,4.**

## ДА ГО ВИДИМЕ ИСУСА

*Дали некогаш сте посакале да го видите Исуса во момент кога се чувствувате обесхрабрено? Замислете се себеси во следниов сон.*

„Ми изгледаше дека седам крајно очајна, со раце го бев покрила лицето, и размислував: Кога Исус би бил на земјата, би отишла кај Него, би паднала пред Неговите нозе и би му ги изнела сите свои страдања. Тој не би го свртел Своето лице од мене, би се смилувал над мене, а јас би Го сакала и секогаш би му служела. Во тој миг се отвори вратата и влезе една личност со прекрасен изглед и облик. Ме погледна сочувствително и рече: ‚Сакаш ли да го видиш Исуса? Тој е овде и ако навистина сакаш можеш да Го видиш. Земи сè што имаш и тргни по мене.‘

Го слушав ова со неискажлива радост, весело го собрав мојот мал имот, секоја вредна ситница, и тргнав по мојот водач. Тој ме поведе по едни стрмни и навидум несигурни скалила. Кога почнав да се качувам, тој ме предупреди мојот поглед постојано да биде вперен нагоре, за да не добијам вртоглавица и да паднам. Многу други што се искачувале по овие скалила паднале пред да стигнат до врвот.

Најпосле стигнавме до последното скалило и застанавме пред една врата. Тука мојот водач ми наложи да ги оставам сите работи што ги понесов со себе. Јас радосно ги спуштив, а тој ја отвори вратата и ме повика да влезам внатре. Во истиот момент се најдов пред Исуса. Толку прекрасно лице, толку благонаклонет израз и величество, без никаков сомнеж, не можеше да има никој друг. Додека ме набљудуваше со својот проникли поглед, одеднаш сфатив дека Му се познати сите околности на мојот живот, и сите мои скриени мисли и чувства.

Се обидов да се затскријам од Неговиот проникли поглед, чувствувајќи се неспособна да ги поднесам тие испитувачки очи, но Тој се приближи со насмевка и ставајќи ја Својата рака на мојата глава, ми рече: ‚Не плаши се.‘ На звукот на Неговиот мил глас моето срце затрепери од среќа каква што никогаш дотогаш не сум почувствувала. Од преголема радост не можев да изговорам ниту еден збор и, совладана со чувство на неискажлива среќа, паднав пред Неговите нозе. Додека така беспомошно лежев, пред мене се менуваа сцени на убавина и слава, и ми се причини дека веќе се наоѓам во сигурноста и мирот на небото. Најпосле ми се врати силата и јас станав. Исусовите очи полни со љубов сè уште ме набљудуваа, а Неговата насмевка ми ја исполнуваше мојата душа со радост. Неговото присуство будеше во мене света стравопочит и неискажлива љубов...

Овој сон ми влеа надеж... (и) вера... а во мојата душа до тогаш обземена од темнина, почна да се буди свест за убавината и едноставноста на довербата во Бога“ (Елена Г. *Вајт, Рани списи,* стр. 79-81).

Среде животните пречки и неуспеси треба да се сосредоточиме на Исуса и на сето она што Тој ни го открил за Божјата љубов кон нас.

**Каква надеж можете да најдете за себе, дури и сега, во она што е напишано во текстот Римјаните 8,18.28?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Токму кога се соочуваме со животните предизвици, имаме најголема потреба да се држиме цврсто за Бога. Темите што ги истражувавме во текот на ова тримесечје ни помагаат да го продолжиме нашето одење со Бога со обновена решителност и сила. Кога се соочувате со пречки како што се здравствени проблеми, финансиски тешкотии, крах во бракот, смрт на некој близок или нешто друго што ви ја одзема радоста, разгледајте ги следните прашања и размислете за лекциите што ги проучивте досега.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како застоите, пречките и неуспесите со кои се соочувате, или сте се соочувале, влијаат на вашата слика за Бога? Како можете појасно да го согледате Божјиот вистински карактер?**
2. **Кога последен пат се молевте Божјиот глас во вашиот живот да биде посилен од гласот на непријателот? Сетете се дека крадецот (сатаната) доаѓа само да украде, да убие и да уништи, но дека Бог дава живот во изобилство (Јован 10,10).**
3. **Дали вашето срце е понизно? Дали верувате дека Бог е сè уште суверен и дека управува со вашиот живот, и покрај тешкотиите? Ако не верувате, како можете да ја научите таа скромна доверба во Божјата добрина и љубов кон вас лично?**
4. **Дали секојдневно се изградувате на темелот на Божјата Реч? Кога минувате низ тешки времиња, барајте од Бога повторно да ја разгори вашата прва љубов кон Него.**
5. **Кога последен пат сте се обратиле кон Бога како ваш Утешител и Советник во молитва, верувајќи дека Тој ќе го одржи Своето ветување и дека никогаш нема да ве остави ниту да ве напушти (Евреите 13,5)?**
6. **Ако вашата вера е слаба, молете се: „Верувам, Господи, помогни му на моето неверие!“ (видете Марко 9,24). Опкружете се со луѓе кои можат да ве охрабрат, а не со оние кои ве обесхрабруваат.**
7. **Светот не секогаш се грижи за слабите, неуките, ранетите и упропастените. Сепак, Божјата порака: „Кога си ти слаб, јас сум јак!“ – може од темел да го преобрази животот на човекот. Сетете се на некого кого би можеле да го охрабрите со таа порака денес.**

**Резиме:** Сè уште живееме во грешен свет полн со болка и страдања, и секој од нас се соочува со тешкотии во одреден момент од својот живот, со нешто што може да нè наведе да се сомневаме во Божјата љубов. Кога ќе се осврнеме на тоа како различни поединци во Библијата реагирале на животните застои и пречки, можеме да се охрабриме да одговориме во таквите моменти на начин што ќе го зајакне нашето одење со Бога – Бог кој не се менува (Малахија 3,6) и чија љубов е сигурна и непоколеблива.

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**12. Лекција**
**Од 13 до 19 јуни 2026**

# ЗБОРУВАЈТЕ ЗА НЕГО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 28,18-20; 2. Петрово 3,18; 1. Петрово 3,8-15; Осија 7; Захарија 10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господ Бог ми даде вешт јазик, за да можам со зборови да го поткрепувам изнемоштениот: секое утро Тој го разбудува увото мое, за да слушам како оние што се учат“ (Исаија 50,4).**

Тоа саботно утро за пасторот Г. било забрзано. Тој се разбудил рано, подготвувајќи се и за саботната школа и за проповедта, а истото попладне требало да води и евангелизација. Ги зграпчил клучевите, истрчал низ вратата и поитал.

Возел низ градскиот метеж, изнервиран што имало толку многу луѓе надвор во сабота наутро поради што можеби ќе задоцни во црква. Каде ли одат сите овие луѓе? И тогаш, од никаде, еден автомобил излетал пред него. Тој нагло закочил и луто ја кренал тупаницата, викајќи му на возачот.

Конечно, пасторот Г. пристигнал во црква. Кога станал да ја држи поуката, ги погледнал присутните во својата класа и погледот му запрел на едно познато лице – возачот на автомобилот на кого му се развикал пред само 20 минути.

Подоцна, кога еден член на црквата му го претставил возачот како неадвентист кој дошол во посета на роднините, пасторот Г. повторно сфатил дека секој контакт со луѓето, и познати и непознати, треба да биде исполнет со љубовта што извира од трајниот однос со Бога. Никогаш не знаете како вашите постапки, особено како верник, можат да влијаат врз другите.

## ЗБОРОВИ ОД ОЧЕВИДЦИ – ОД СРЦЕ

**Прочитајте го Големиот налог во текстот Матеј 28,18-20. Запишете ги различните Исусови пораки кога Тој вели „преку сите дни“ или „секогаш “ (што на грчки е ист збор, пас).**

---

Исус ни дал задача да ја споделуваме Неговата порака со светот: „Одете и научете ги сите“ (буквално, „направете ученици“). Мисијата на Адвентистичката црква на седмиот ден е да создава ученици, кои потоа ќе прават нови ученици. На овој начин, ние го објавуваме вечното евангелие и трите ангелски пораки (Откровение 14,6-12) за да го подготвиме нашиот свет за скорешното Христово доаѓање.

Секој што примил нов живот во Христа е повикан да сведочи. Сепак, премногу често луѓето мислат дека сведочењето е нешто што не можат или не сакаат да го прават. Можеби се замислувате себеси како проповедате на сред улица или водите некое комплицирано библиско проучување, а потоа ја вртите главата: „Не, тоа не е за мене! Никако! Јас сум интровертна личност и сведочењето не е во мојата зона на удобност.“

Меѓутоа, вистинското сведочење е само резултат на фактот дека сте сведоци на она што Бог го прави во вашиот живот, зачувување на она што Тој ве учи додека растете во Него – а потоа едноставно го споделувате вашето искуство со другите. Бог е добар, а она што Тој го направил за нас е најдобрата вест која овој свет може да ја чуе. Не можеме и не треба да молчиме! Тој ве искупил, Тој ве повикал по име – вие сте Негови. Дали би можела воопшто да постои подобра вест за кој било и каде било?

Иако учениците во раната црква не биле ниту образовани луѓе ниту вешти говорници, сепак ние имаме што да научиме од нив.

**Прочитајте ги стиховите Дела 1,8 и Дела 4,13. Какво било сведочењето во раната црква? Какво влијание имале Петар и Јован врз оние што ги слушале како сведочат?**

---

Петар и Јован изјавиле: „Зашто ние не можеме да не зборуваме за она што сме го виделе и чуле“ (Дела 4,20). „Сфатија дека и тие беа со Исус“ (Дела 4,13) – и биле принудени да зборуваат за тоа. Светиот Дух им давал смелост, а на нивните зборови им била дадена сила на убедување.

**Поминете некое време во молитва токму сега. Побарајте храброст смело да им сведочите на оние кон кои Бог ве упатува, и мудрост да знаете кога да зборувате и што да кажете. Прочитајте 1. Јованово 4,7-11 и молете се за таков вид љубов.**

## НЕНАСИЛНО, НО СО СИЛА

Дали некогаш сте се запрашале како Исус наоѓал мотивација да работи, да исцелува, да теши, да проповеда и да поучува толку многу луѓе од ден на ден? За Него се вели дека „А штом виде многу народ, се сожали, зашто беа изморени и беспомошни како овци без пастир“ (Матеј 9,36). Токму љубовта и сочувството спрема луѓето го мотивирале Исус да работи. На сличен начин, Божјата љубов во нас треба да нè „гони“ да го прифатиме товарот на водење на душите кон Него и Неговата вистина (2. Коринќаните 5,14).

Дали некогаш сте ги посматрале лицата на странци во толпа и сте помислиле на вечноста, прашувајќи се дали го познаваат Исуса? Дали некогаш сте го почувствувале она што може да биде само Божја љубов во вас кон непознат човек во неволја? Божјата љубов во нас нè гони да го понесеме товарот на водење на душите кај Него. Еремија го изразил тоа кога рекол: „Неговото слово беше во моето срце како расплamтен оган, затворен во коските мои, и се измачував да го задржам – но не можев“ (Еремија 20,9; според преводот NKJV).

Сепак, кога разговараме со луѓето за Бога, никогаш не треба да присилуваме некого да го прифати Бога или библиската вистина. Принудата е нешто што е спротивно на самата суштина на Божјиот карактер. Бог не ги присилил Адам и Ева да го избегнат дрвото на познавањето на доброто и злото (1. Мојсеева 2,16.17). Тој не ги присилил луѓето да влезат во Ноевата арка за да се спасат од Потопот (1. Мојсеева 7,1). Тој не ги присилил Израелците да останат во завет со Него (5. Мојсеева 4,29-31). Наместо тоа, Тој ги исполнувал нивните потреби (Матеј 4,23-25), а потоа ги повикувал да Го следат. Исус никогаш не принудувал никого да Го следи Него или Неговата вистина, но сепак Тој никогаш не се откажува од нас (Матеј 23,37).

Кога сведочиме, нашиот пристап секогаш треба да го одразува Исусовиот пристап. Елена Г. Вајт вели: „Во ниеден дел од својата мисија Христос не ги присилувал луѓето да го примат. Сатаната и луѓето, поттикнати со сатански дух, се стремат да извршат насилство над совеста... Не постои поочигледен доказ дека имаме сатански дух од склоноста да ги повредиме и уништиме оние што не го ценат нашиот труд или што дејствуваат спротивно на нашите замисли“ (*Копнежот на вековите,* стр. 487 ориг.).

Мора да си дозволиме себеси да бидеме проводници на Божјата служба. Живееме во свет кој ја мрази вистината, но таа реалност не треба да нè спречи да ја објавуваме таа вистина на промислен начин, со љубов. Да имаме предвид дека нашето лично сведоштво е честопати она што носи најголема тежина, особено во раните фази на сведочењето (Откровение 12,11).

**Прочитајте 2. Петрово 3,18. На кои начини растете во благодатта и знаењето? Како тоа се одразува во вашите односи со луѓето околу вас?**

## СОВЕТИ – КАКО ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА ИСУС

Прашањето за секого од нас гласи: На кого му зборуваме за Исус – на поштарот, на продавачот, на некого што секој ден го гледаме кога ќе одиме на прошетка? Бог го повикува секој верник да Му помогне околу таа работа, и ветува дека ќе ни даде „вешт јазик, за да можам со зборови да го поткрепувам изнемоштениот“ (Исаија 50,4). Исто така, должност на христијанинот е секогаш да биде подготвен да ја брани (апологиа) својата вера и надеж (1. Петрово 3,15).

**Прочитајте 1. Петрово 3,8-15. Што ни кажува Божјата Реч во овие стихови?**

---

---

Еве неколку едноставни совети што треба да ги имате на ум кога размислувате како не еден осмислен начин да разговарате со другите за Исуса:

- Запознајте некого и изградете пријателство со текот на времето. Вашата топлина, љубезност и искрена заинтересираност за нив (затоа што сте таква личност што „на луѓето им е лесно да ве сакаат“) ќе ви помогне да ги привлечете кон Бога. (Некои ова го нарекуваат „евангелско дружење“.)
- Молете се Светиот Дух да дејствува врз срцето на конкретна личност. Молете се за добри можности да стапите во контакт со неа.
- Барајте практични начини да зборувате за вашите лични верски искуства или да им понудите на луѓето да се молите за нив. Барајте од Бога да ви даде храброст, но и благост во вашиот пристап.
- Најдете начини вашиот нов пријател да го поврзете со другите во вашата црква за да може да ја почувствува топлината на вашата црковна заедница. Добар следен чекор е проучување на Библијата во мала група.
- Молете се за конкретни потреби или прашања што би можел да ги има вашиот пријател и барајте погоден момент да му покажете како Библијата нуди утеха, совет и водство во вашиот живот. Можете едноставно да спомените едно библиско ветување на почетокот или да одговорите на едно прашање, што ќе отвори врата за подлабоки дискусии. Молете се и за тоа, исто така.
- Ќе дојде време кога ќе треба да го прашате вашиот пријател дали сака да го направи следниот чекор (проучување на Библијата и, на крајот, крштевање). Не брзајте со овие чекори, но и немојте да ги одолговлекувате. Молете се за тоа.
- Нашите постапки треба да откриваат чии сме. Начинот на кој се однесуваме спрема другите во нашиот живот зборува многу. Како што нашиот карактер ќе се обликува според Неговиот лик (посветување), така ние сè повеќе ќе живееме за тоа да ги привлечеме сите луѓе кон Него.

## ЗАТАЛКАНО ДЕТЕ

Многумина од прва рака ја знаат болката и тагата што го обзема срцето кога имате дете кое – и покрај тоа што е одгледано во стабилен, духовен дом – одлучува да се одвои и да нема личен однос со Господа.

**Ефрем, Божјиот избран народ, се одвоил од Господа. Што ни кажуваат текстовите Осија 4,17 и Осија 7 за гревовите на Ефрем?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Покрај тоа, читаме дека Рахела, бабата на Ефрем, метафорички кажано, плаче затоа што Ефрем го напуштил својот однос со Господа (Еремија 31,15). Господ, преку пророкот Еремија, одговара на нејзината голема тага со овие зборови: „Задржете го гласот свој од плачење и очите свои - од солзи, зашто за трудот твој има награда, вели Господ, и тие ќе се вратат од непријателската земја. И надеж има за твојата иднина, вели Господ, и твоите синови ќе се вратат во пределите свои“ (Еремија 31,16.17).

**Наместо да плаче за своето заталкано дете, на Рахела ѝ е кажано да се надева. Што друго ни кажува оваа глава? Прочитајте Еремија 31,18.19.**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Преку овие извештаи, дознаваме дека секогаш постои надеж (како во случајот со Ефрем и Гомер), бидејќи Бог не се откажува. Иако секогаш одново ги укорува оние што заталкале, Божјата сочувствителност никогаш не престанува, а Неговата порака од таа глава и понатаму важи (видете Еремија 31,20).

Можеби чувствуваме голема болка, незадоволство и обесхрабрување, или дури и зборуваме негативно за оние кои ни се блиски, а ја напуштиле својата заедница со Бога. Сепак, Бог овде нѐ потсетува дека не го заборавил тоа блудно дете – никако! Мислите што Бог ги има спрема таквата личност не се непостојани и минливи, туку срдечни и искрени. Бог, всушност, вели дека Неговото срце копнее по таквите поединци. Тој копнее тие да се вратат кај Него, и Неговата милост кон нив е голема.

**Како Божјиот одговор на болката на Рахела поради тврдоглавоста на Ефрем влијае врз вашите чувства кон оние што ги познавате, а кои ја напуштиле својата врска со Господа? Во која смисла тоа ви паѓа тешко, или, напротив, ве охрабрува?**

## ТИ ВРАТИ ГИ

Сите ние сме имале моменти на слабост и колебање во нашето одење со Бога – долини каде што нашето срце било неверно или каде што едноставно предолго сме биле млаки. Што ве вратило во траен однос со Него?

**Текстот Захарија 10 содржи неколку прекрасни пораки за тоа како Бог го враќа својот народ кај себе. Сега прочитајте ја таа глава полека и обрнете внимание на нејзините главни пораки.**

---

---

Во практична смисла, да знаете како да се поврзете и да комуницирате со саканата личност која го напуштила својот однос со Бога може да биде тешко и да претставува голем предизвик. Можеби се прашувате што можело да се направи поинаку за исходот да биде поинаков. Можеби се прашувате како да комуницирате со нив сега кога имаат поинаков поглед на светот. И можеби се чувствувате фрустрирано и беспомошно поради лошите одлуки што можеби сè уште ги донесуваат. Ваквите размислувања секогаш ќе влијаат на тоа како се однесувате кон тие драги личности, и затоа е толку важно да живеете и да зборувате „од вишокот“ на она што се создава во времето што го поминувате сами со вашиот Спасител.

Сведочењето на вашиот живот, на вашите постапки, на вашите зборови и на вашите молитви за вашиот сопружник или дете кои отстапиле од Бога, можат од корен да го променат нивниот живот во иднина. (Читајте Лука 22,31.32 и Јован 21,15-17 како молитвите на Исус за Петар ја промениле неговата иднина.) Ослободете се од секоја тага, осуда или замерка што можеби ја чувствувате кон нив, и барајте од Бога да ги замени тие чувства со љубовта што само Тој може да ја даде. Замолете го да го вреже во вас Неговиот карактер, за да бидете пример на несебично однесување полно со љубов. Имајте предвид дека „ништо не може да изврши толку силно влијание врз човечката душа како несебичниот живот. Најсилниот аргумент во полза на евангелието е христијанин кој е исполнет со љубов и кој умее да ја споделува со другите“ (Е. Г. Вајт, *Здрав и среќен живот*, стр. 470 ориг.).

Преку нашиот пример на доследен живот што ги насочува другите кон Христа, оние што го отфрлиле ќе видат во нас нешто што може да потекнува само од Бога. Тие ќе го видат оној мир што го надминува секој ум, љубов која никогаш не се откажува и надеж којашто верува и покрај сите пречки. Божјата љубов кон нас и нашите сакани никогаш не престанува. Таа љубов, што ја примаме секојдневно, можеме да им ја пружиме и на оние околу нас.

**На што нè охрабрува текстот Ефесјаните 3,17-19?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Независно од тоа што зборува, никој нема чиста и вистинска љубов кон Бога ако не покажува несебична љубов кон својот брат. Меѓутоа, љубов не се стекнува само со обид да ги љубиме другите. Неопходно е Христовата љубов да се всели во нашето срце. Кога нашето "јас" наполно ќе се загуби во Христа, љубовта ќе се појави спонтано" (*Христовите параболи,* стр. 384 оригинал).

„За оние кои со сета своја сила се лично заинтересирани верно да го извршуваат својот дел во спасувањето на душите за Христа, може да се каже дека го достигнале највисокиот степен на духовен развој и преданост" (Елена Г. Вајт, *Евангелизам*, стр. 356 оригинал).

„Силата да се спротивставиме на злото најдобро се стекнува преку ревносна служба" (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 105 оригинал).

„За да учествуваме во неговата радост - во радоста да ги видиме душите откупени со неговата жртва - мораме да учествуваме во неговите напори за нивниот откуп" (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 142 оригинал).

„Оние кои го одбиваат предимството од заедницата со Христа во службата, ја отфрлаат единствената школа што ги оспособува да учествуваат со Него во Неговата слава" (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 264 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто љубовта е толку темелна и суштински значајна за кој било вид успешно сведочење?**

**2. Кога сте откриле дека ова е вистина: дека придобивањето души е поврзано со личното и енергично одење со Бога?**

**3. Дали постои некое основно мерило или основно сфаќање кое е неопходно за да им се зборува на другите за Бога? Ако постои, што би можело да биде тоа?**

**4. Кога станува збор за држењето библиски часови на некој неверник, од каде би почнале? На што прво би се фокусирале: на докажување на одредени доктрини или на поканување на лицето да го запознае Исуса?**

**5. Пејте ги или слушајте ги зборовите од химната „Искупени!" („Redeemed!"; бр. 338 во Адвентистичката песнарка на англиски јазик) или друга химна на истата тема, а потоа размислете како ја објавувате таа порака.**

**Резиме:** Кога Божјата љубов и Неговата жива, моќна Реч ќе го исполнат нашиот секојдневен живот, ќе бидеме принудени да Го сакаме и да им кажуваме на луѓето околу нас за Него. Треба да пристапиме кон нашето сведочење со молитва, свесно и промислено, верувајќи дека Неговата Реч, која излегува од Неговата уста, нема да се врати кај Него празна, туку ќе го направи она што Му е угодно и успешно ќе го изврши сето она поради што е пратена (Исаија 55,11).

**13. Лекција**
**Од 20 до 26 јуни 2026**

# ВО ВЕЧНОСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 80; 1. Солуњаните 4,17; Откровение 21,9-27; Исаија 25,8; Откровение 7,17; Откровение 21,4; Јован 6,44.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Возљубени, сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе Го видиме каков што е“ (1. Јованово 3,2).**

Што ви носи иднината? Што ве чека? Тоа прашање изгледа застрашувачки, возбудливо и прекрасно во исто време. Но, знајте дека Исус е верен и дека Неговите зборови се вистинити (Откровение 3,14). Сè уште имате многу бурни времиња пред вас (Матеј 24,21.22), но Тој ветил дека никогаш нема да ве остави ниту да ве напушти (Евреите 13,5). Тој ќе го направи токму она што го рекол – како што отсекогаш правел и секогаш ќе го прави (Евреите 10,23). „А кој ќе издржи до крај, тој ќе биде спасен“ (Матеј 24,13).

Без оглед уште колку денови ни преостануваат овде на земјата, погледот треба да го држиме вперен во Исуса и постојано да гледаме во Него. Ова не е секогаш лесно, особено во свет кој се натпреварува за нашето внимание, но и ние можеме, како псалмистот, да кажеме: „Очите мои секогаш се кон Господ, зашто Тој ги вади од стапица нозете мои“ (Псалм 25,15).

Ајде оваа седмица да дознаеме нешто за платата на небо (Матеј 5,12; Откровение 22,12), за тоа какво ќе биде небото и на крајот, колку прекрасно ќе биде кога конечно ќе бидеме со Оној што нè создал, кој нè сакал до смрт, кој нè искупил од нашите гревови, и кој наскоро ќе се врати. А дотогаш, треба само да се држиме до нашата вера.

## ЖИВОТОТ ДЕНЕС

Кога ќе погледнеме околу нас, гледаме свет кој врие и воздивнува, додека знаците за кои зборувал Исус се одвиваат пред наши очи. Војни и гласови за војни, народи што се креваат против други народи, глад, болести, земјотреси и прогонства (Матеј 24,6-11) се случуваат насекаде околу нас и како што минува времето, очигледно, само се зголемуваат. Да, живееме во сериозни времиња – времиња во кои ни е потребен стабилен однос со Бога.

Како што ни е кажано: „Но близу е крајот на сè. Па бидете мудри и бодри во молитвите" (1. Петрово 4,7). Ако тоа важело тогаш, колку повеќе сега треба да ја зацврстите и зајакнете вашата лична врска со Бога. Зашто, независно од тоа колку ќе трае времето, нашиот живот како поединци секогаш е краток, без разлика колку долго живееме. „Слушајте сега вие, кои велите: 'Денес или утре ќе тргнеме во оној град и таму ќе останеме една година, ќе тргуваме и ќе спечалиме', вие, кои не знаете што ќе стане утре. Што е вашиот живот? Тој е пареа, која се појавува за кратко време, па исчезнува" (Јаков 4,13.14). Свесни сме колку е вистинито тоа предупредување. Вие што ги читате овие зборови сега, можеби нема да бидете живи пред да заврши овој ден. Тоа е дел од тажната реалност на живеењето на овој паднат свет. Колку е тогаш важно да го зајакнеме нашиот однос со Бога, и секогаш да живееме длабоко свесни за нашата потреба од Него и Неговата спасоносна благодат?

**Во текстот Псалм 80 се упатува еден прекрасен повик до Бога. Прочитајте го и разгледајте ги особено стиховите 1-3, 14-17, 18, 19, а потоа вметнете го зборчето „јас/ме" секаде каде што се користи „нè/ние". Колку и да се различни времето, местото и контекстот на овој псалм, на кои начини можете лично да се поистоветите со неговите зборови?**

---

---

На сите ни е потребна преродба во нашиот живот. Толку е лесно да станеме самозадоволни, па дури и да заборавиме што направил и прави Бог за нас. Кој посветен верник, дури и кога му е тешко, не би можел да се моли вака: „Нека свети лицето Твое, и ние ќе се спасиме!" (Псалм 80,19)? Кога ќе го прифатите она што Исус го направил за вас, кога знаете дека вашите гревови се простени и дека сте покриени со Неговата совршена праведност, која ви се припишува врз основа на верата, тогаш можете да бидете сигурни дека сте спасени во Него.

**Како го разбирате значењето на тоа дека Божјето лице „свети" над вас, особено во контекст на сознанието дека само Неговата праведност ве спасува?**

## КОНЕЧНО ЛИЦЕ В ЛИЦЕ

Создадени сме за тоа да бидеме во Божја близина (1. Мојсеева 2,7). Уште од создавањето на човештвото, Бог дал сѐ за да го обнови нашиот прекинат однос со Него (Јован 3,16). Тој ја ставил вечноста во нашите срца, но сепак човечките суштества не можат да ги сфатат Божјите дела од почеток до крај (Проповедник 3,11). Ние сме дел од голема борба што беснее околу нас – дури и во нас – но сепак премногу често пропуштаме да застанеме доволно долго за да размислиме за големата цена која била платена за нашиот однос со Бога да биде обновен и да стане онаков каков што Тој сака да биде. Премногу често се наоѓаме вплеткани во овоземни битки и искушенија, заборавајќи дека „нашето жителство е на небесата, од каде што Го очекуваме и Спасителот, нашиот Господ Исус Христос. Тој ќе го преобрази нашето понизено тело да стане подобно на Неговото славно тело, со силата преку која Тој може да потчинува под Себе сѐ“ (Филипјаните 3,20.21).

Светот се ближи кон својот крај, и знаеме дека еден ден ќе се појави мал бел облак на источната страна од небото. Како што ќе се приближува, ќе видиме на него „сличен на Синот Човечки; на главата Своја Тој имаше златен венец, а во раката - остар срп“ (Откровение 14,14). Исус ќе биде проследен од милиони ангели (Матеј 25,31), и секое око ќе го види (Откровение 1,7). Додека се спушта, ќе го чуеме Неговиот вик, трубен повик на Бога. Гробовите на оние што заспале во Христа ќе се отворат и тие ќе воскреснат први (1 Солуњани 4,16). Ќе го препознаат гласот на Оној што ги повикува (Јован 5,28).

**Што ќе се случи потоа? Прочитајте го стихот 1. Солуњаните 4,17. Конечно, она што Павле го пишува во текстот Филипјаните 2,10.11 ќе одекне низ целата вселена.**

---

---

Каква крајно неверојатна, величествена мисла! Еден ден ќе го видиме Исуса – да, навистина ќе го видиме. Ќе го чуеме Неговиот глас и ќе признаеме дека Тој е Господ. Оној за кого сме читале, Оној на кого сме се молеле, Оној за кого сме им зборувале на другите – Оној по кого нашите срца копнеат... ќе го видиме лице в лице во живо. Можеме да бидеме апсолутно сигурни во ова, затоа што Бог е верен и Неговите ветувања се вистинити (Откровение 22,6).

Во тој момент, кога ќе затрубат трубите и кога секое човечко око ќе Го види Исуса, ќе знаеме дека чекањето вредело. Секоја истрајна молитва, секој момент од времето што сме одбрале да го поминеме со Него, секоја прилика во која храбро сме зборувале за Него, секое искушение – ќе заврши со гледање на Неговото лице (Откровение 22,4).

## НЕВЕСТАТА

Додека бил во прогонство на островот Патмос, на ученикот Јован му била дадена визија за тоа како ќе биде кога ќе се соединиме повторно со Бога за сета вечност.

**Прочитајте го текстот Откровение 21,9-11. Каква споредба е дадена овде и зошто, според ваше мислење, е употребена токму таа слика?**

___

___

___

Невестата е убава на денот на нејзината свадба и сите сакаат да ја видат. Свадбата е пресвртница во новиот заеднички живот на младенците, а таква ќе биде и во нашиот однос со Бога по Неговото враќање.

Исус подготвил место за нас (Јован 14,1-3), преубаво место, премногу чудесно за да се опише. Всушност, „Човечкиот јазик не може да ја опише наградата на праведниците. Тоа ќе им биде можно само на оние што ќе ја видат. Ниеден ограничен ум не е во состојба да ја сфати славата на Божјиот рај“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 675 оригинал).

Иако не можеме во вистинска смисла да сфатиме какви ќе бидат новото небо и новата земја, Бог му дава на Јован визија за тоа место за да можеме однапред да се радуваме на „свадбата“ до која наскоро ќе дојде. Всушност, ние сме повикани да мислиме „за небесното, а не за земното“ (Колош. 3,2).

Бог внимателно се подготвува за овој настан, и Тој не сака оваа „свадба“ да нè затече неподготвени (видете Матеј 22,1-14; Матеј 25,1-13).

Целата вселена претставува собир кој ќе посматра како се одвива тој настан, а ние сме меѓу главните ликови во таа драма. Ќе се придружиме на „невестата“, на градот во кој Исус ќе нè однесе при своето второ доаѓање. Интересно е што Божјиот народ (заедницата на светите) исто така е наречен невеста (види Откровение 19,7), можеби затоа што се наоѓа во тој свет град, Новиот Ерусалим, кој „слегува од Бога, од небото, стокмен како невеста променета за својот маж“ (Откровение 21,2).

Овој прекрасен опис на Светиот град покажува дека постои блиска врска меѓу Божјиот народ и него, бидејќи двајцата се нарекуваат „невеста“. Библијата детално го опишува овој град. „Светиот град, новиот Ерусалим, кој е главен град на царството, е наречен ‘невеста, жена на Јагнето“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 426 оригинал).

**Прочитајте го текстот Откровение 21,9-27. Зошто ни е сега толку тешко да го замислиме ова? Како воопшто да стекнеме макар некаков поим за она што ни е ветено овде?**

## СЛЕДЕТЕ ГО ЈАГНЕТО

Дали некогаш ве прашале на што најмногу се радувате кога станува збор за вечноста? Кога ова прашање би му го поставиле на некое дете, одговорот веројатно би бил: „Јавање тигар“, „Спуштање по вратот на жирафа“ или „Летање на различни планети“. Ако прашате некој тинејџер, можеби тој би рекол: „На тоа што не ќе морам да ги работам школските задачи“, или „Ќе го истражувам небото со пријателите, без ризик да се повредиме“. А ако прашате група постари луѓе, веројатно би рекле: „На тоа што ќе бидеме на место каде нема болки, страдања и смрт“, или „На повторна средба со најмилите“. Сите овие одговори се добри и исправни, и навистина има многу нешта на кои можеме да се радуваме во врска со новото небо и новата земја. Вечноста гори во нашите срца и ние, длабоко во себе, знаеме дека мора да постои нешто повеќе од овој живот каков што е тука и сега. **На кои други благослови можеме да се радуваме кога размислуваме за вечноста? Прочитајте ги следните стихови: Исаија 25,8; Откровение 7,17 и Откровение 21,4.**

---

Сигурно најголемиот благослов на небото ќе биде конечно да го видиме Исуса и да Му се заблагодариме лично, за она што го направил за нас на оваа падната планета. Ќе сакаме да го изразиме нашето обожавање, да Го фалиме заедно од срце и да Му се поклониме затоа што Тој, преку Своето страдање на крстот, нѐ спасил од вечна смрт.

„Достојно е закланото Јагне да прими сила и богатство, мудрост и моќ, чест, слава и благослов!“ (Откровение 5,12).

Јован Крстителот го претставил Исуса како „Јагнето Божјо“ (Јован 1,35-37). Учениците Го следеле одблизу, а стихот Откровение 14,4 вели дека и ние ќе го правиме истото. Ова се „оние што го следат Јагнето каде и да оди“ (Откровение 14,4). Меѓутоа, ако сакаме да Го следиме на небото, прво мора да Го следиме на земјата.

Исус, Јагнето, е исто така и наш Пастир, и Тој нѐ води на нашите патишта како што не може никој друг. Ова е толку утешно за нас додека се пробиваме низ тешките времиња во коишто живееме, но Исус никогаш нема да престане да нѐ води, дури ни на небото. Стихот Откровение 7,17 вели: „бидејќи Јагнето, Кое е среде престолот, ќе ги пасе и води на живи извори водни.“ Како Негов народ, Негови овци, ние ќе го следиме Исуса на небото, копнеејќи да бидеме во Неговото присуство засекогаш. Една од препознатливите особини на Божјиот народ ќе биде „името Негово... на челата нивни“ (Откровение 22,4). Односно, тоа е дека секогаш ќе мислиме на Него.

**Слушнете ја адвентистичката евангелска песна „Follow the Lamb“ („Следи го Јагнето“) на веб-страницата: https://www.youtube.com/watch?v=Nejb7N6mm_w. Зборовите од оваа песна нека бидат ваша лична молитва денес.**

## „ДОЈДИ!“

Денес повторно ни е упатен повикот: „Дојди“.
**Прочитајте ги следните пасуси и обрнете внимание на повикот што Бог ви го упатува да дојдете кај Него: Матеј 11,28-30; Исаија 55,1-3; Јован 6,44.**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Светиот Дух сака да ве привлече кон Исуса денес. Исус ве повикува да дојдете кај Него, да останете во Него денес и секој ден додека Тој не дојде. Кога ќе се одвиете на Неговиот повик и ќе дојдете кај Него, кога вашето срце ќе омекне и вашиот ум ќе се предаде, тогаш ќе почувствувате мир, бидејќи знаете дека во последниот ден на оваа земја, Исус ќе ве воскресне, колку и да сте биле недостојни. Исус рече: „Кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор“ (Јован 6,37).

Треба да чувствуваме колку е итно потребно да соработуваме со Светиот Дух во повикувањето на другите да стапат во спасоносен однос со Исуса. „И Духот и невестата велат: ‘Дојди!’ И кој ќе чуе, нека каже: ‘Дојди!’ И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе од водата на животот дарум“ (Откровение 22,17).

Овој повик е бесплатен, понуден како дар на благодатта. Кога го примаме Исуса во својот живот и го сакаме со сето наше срце, ум, душа и сила (5. Мојсеева 6,5), нашиот живот се менува засекогаш – и овде и за сета вечност.

Исто како што и самиот Исус нè повикува да дојдеме кај Него, последните зборови од Библијата содржат ветување: „Зборува оној што го сведочи ова: ‘Да, ќе дојдам скоро!’ - Амин! ‘Да, *дојди,* Господи Исусе!’“ (италикот е додаден, Откровение 22,20).

Колку скоро? Од наша перспектива, штом ќе ги затвориме очите во моментот на смртта. Бидејќи следното нешто за што ќе бидеме свесни, ќе биде Христовото доаѓање. А со оглед на тоа колку брзо минува нашиот живот, ете колку скоро ќе дојде Исус по нас. Можеби нашата прва мисла по воскресението ќе биде: „О, Господе, Твоето доаѓање сепак беше скоро!“

Вистина, сега назираме само нешто, како низ стакло. Но, тогаш ќе го видиме лице в лице. Нека не ве замори чекањето. Одржувајте го тој свој копнеж жив, имајте го секогаш пред вас, со вера и доверба во Божјата љубов и добрина. Господе Исусе, Те молиме, дојди скоро!

**Помолете се веднаш, сега, вашата вера да не престане, таа вера да ви овозможи сосем и во потполност да му се предадете на Оној кој умрел за вас, а кој наскоро ќе се врати по вас.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ако не ја примиме Христовата вера хранејќи се со Божјата реч, нема да имаме право да влеземе во Божјиот град. Бидејќи сме живееле од земна храна и сме ги навикнале нашите сетила да уживаат во она што е земно, нема да бидеме подобни за небесните станови. Не би можеле ни да бидеме во состојба да ги цениме чистите, небесни струења што циркулираат таму. Гласовите на ангелите и музиката на нивните харфи не би ни пружале никакво задоволство. Небесната наука би била неразбирлива за нашиот ум. Треба да бидеме гладни и жедни за Христовата праведност; да бидеме обликувани и променети од преобразувачкото влијание на Неговата благодат, за да бидеме достојни за друштвото на небесните ангели...

Тогаш народите нема да имаат друг закон освен законот на небото. Сите ќе бидат едно среќно, обединето семејство, облечени во облека на пофалба и благодарност... Над оваа сцена утринските ѕвезди ќе пеат заедно, а синовите Божји ќе воскликнуваат од радост, кога Бог и Христос заедно ќе објават: ‘Нема да има веќе грев, ниту смрт‘.

Треба да стекнеме навика да зборуваме за небото, за прекрасниот рај. Разговарајте за тој живот што ќе продолжи сè додека постои Бог, и ќе ги заборавите вашите ситни проблеми и тешкотии. Вашиот ум нека биде привлечен кон Бога“ (Елена Г. Вајт, *The Faith I Live By*, стр. 363 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Слушнете го или прочитајте го извештајот за визијата за небото што ја добила Елена Г. Вајт, а кој се наоѓа во нејзината книга „Рани списи“, стр. 14-20 (оригинал). Што ви е највпечатливо во врска со овој опис?**

**2. Кој аспект од поуката за ова тримесечје најмногу би сакале да го запомните, за да можете да одржите силен однос со Бога сè додека не го видите Исуса лице в лице?**

**3. Кои од луѓето во вашиот живот треба да слушнат за надежта за небото? Посветете се на тоа да ја споделите со нив што е можно поскоро. Но, запомнете – не можете да споделите со другите надеж што лично не ја поседувате.**

**Резиме:** Додека го држиме погледот прикован за целта, да се надеваме „во тоа дека Оној, Кој го започна во вас доброто дело, ќе го доврши сè до Денот на Исус Христос“ (Филипјаните 1,6). Бог го започнал овој заемен однос што го имаме со Него, и Тој ќе го доведе до совршенство. Бог нека ни даде да растеме во љубовта и верата додека го чекаме тој ден, секогаш потпирајќи се единствено на Христовата праведност, која ни се припишува врз основа на верата.

## УТРИНСКИ СТИХОВИ АПРИЛ
# РАДОСНИ ВО ТЕШКОТИИТЕ

### ТОЈ ЌЕ МЕ ЗАЈАКНЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **2. Коринќаните 12,9.** | *Божјата благодат е доволна во прогонство* |
| *2. Четврток* | **2. Коринќаните 12,10.** | *Зашто Тој ќе ме зајакне* |
| *3. Петок* | **Колошаните 1,24.** | *Поради мојата љубов кон Неговата црква* |
| *4. Сабота* | **Дела 5,40.41.** | *Достојни за страдање* |

### ИСКУШЕНИЕТО ГРАДИ ТРПЕНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **Јаков 1,2.3.** | *Искушението гради трпение* |
| *6. Понеделник* | **Колошаните 1,10.11.** | *Страдај радосно кога одиш со Бога* |
| *7. Вторник* | **Галатјаните 5,22.23** | *Кога Неговиот Дух дејствува преку мене* |
| *8. Среда* | **Јаков 5,10.11.** | *Примерите на пророците ми даваат охрабрување* |
| *9. Четврток* | **1. Петрово 4,14.** | *Кога го носам Христовиот срам* |
| *10. Петок* | **2. Коринќаните 6,1.10.** | *Неговите работници поседуваат сè* |
| *11. Сабота* | **Проповедник 7,3.** | *Сите искуства се Божји работници* |

### БОГ Е МОЈАТА СИЛА

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Римјаните 12,12.** | *Кога истрајуваме во молитва* |
| *13. Понеделник* | **Псалм 90,15.** | *Бог дозволува неволји* |
| *14. Вторник* | **Псалм 51,8.** | *За моја полза* |
| *15. Среда* | **Псалм 31,7.** | *Господ е нежен и трпелив* |
| *16. Четврток* | **Јов 5,17.** | *Тој сака дури и мене да ме облагороди* |
| *17. Петок* | **Псалм 119,92.** | *Откривање на вината и злобата на гревот* |
| *18. Сабота* | **2. Коринќаните 7,4.** | *Бог е мојата сила* |

### ВЕЧНА РАДОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **2. Коринќаните 1,3.4.** | *За да можеме да ги утешиме другите* |
| *20. Понеделник* | **Јован 16,20.** | *Кога Исус ќе дојде, радоста ќе ја замени тагата* |
| *21. Вторник* | **Јован 16,22.** | *Вечна радост* |
| *22. Среда* | **Еремија 31,13.** | *Кога Бог ме води* |
| *23. Четврток* | **Псалм 30,11.** | *Кога се надевам на Него* |
| *24. Петок* | **Исаија 61,3.** | *Искрено покајание* |
| *25. Сабота* | **Лука 6,21.** | *Предупредени сме за искушенија* |

### НАГРАДА НА НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Мудри изреки 10,22.** | *Среде благосостојба демне опасност* |
| *27. Понеделник* | **Евреите 12,11.** | *Наградата за страдањето е праведност* |
| *28. Вторник* | **1. Петрово 4,12.13.** | *Удел во Христовата слава* |
| *29. Среда* | **1. Петрово 1,5.6.** | *Спасение* |
| *30. Четврток* | **Матеј 5,11.12.** | *Награда на небото* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАЈ

# РАДОСТ И ЗАДОВОЛСТВО

### БИДЕЈЌИ СУМ НЕГОВ СВЕДОК

*1. Петок* **Матеј 9,2.** *Радувајте се, зашто ни ги простил гревовите*
*2. Сабота* **Дела 23,11.** *Бидејќи сум Негов сведок*

### РАДУВАЈТЕ СЕ НА СПАСЕНИЕТО

*3. Недела* **Дела 27,25.** *Затоа што Бог ги исполнува Своите ветувања*
*4. Понеделник* **Псалм 4,7.** *Радоста што доаѓа од Бога е трајна*
*5. Вторник* **Псалм 16,8.9.** *Заедништвото со Бога носи радост*
*6. Среда* **Псалм 40,16.** *Радувајте се на спасението*
*7. Четврток* **Псалм 97,11.** *Исправното живеење го радува срцето*
*8. Петок* **Псалм 105,43.45.** *Предајте се на Божјото водство*
*9. Сабота* **Дела 14,17.** *Тој копнее да ги усреќи Своите деца*

### БОГАТСТВОТО НЕ Е НЕОПХОДНО

*10. Недела* **Мудри изреки 12,25.** *Весели се на добриот збор*
*11. Понеделник* **1. Тимотеј 6,6.** *Побожноста е потребна*
*12. Вторник* **1. Тимотеј 6,8.** *Богатството не е неопходно*
*13. Среда* **Филипјаните 4,11.** *Задоволство во сегашната состојба*
*14. Четврток* **Лука 3,14.** *Љубовта кон богатството е заменета*
*15. Петок* **Евреите 13,5.** *Ветување дадено на задоволните*
*16. Сабота* **Мудри изреки 6,34.35.** *Себичноста раѓа незадоволство*

### ХРИСТИЈАНСКАТА ДОБРОДЕТЕЛ

*17. Недела* **Еремија 45,5.** *Задоволството се наоѓа во она што го дава небото*
*18. Понеделник* **Мудри изреки 15,15**. *Веселото срце е секој ден на Божја гозба*
*19. Вторник* **Мудри изреки 17,22.** *Веселото срце лекува*
*20. Среда* **Проповедник 8,15.** *Христијанската доблест*
*21. Четврток* **Еремија 30,19.** *Радоста владее меѓу Божјиот народ*
*22. Петок* **Јов 8,20.21.** *Радоста Му причинува задоволство на Бога*
*23. Сабота* **Лука 15,22.23.** *Бог се радува на враќањето на изгубениот син*

### СЕ ПРИДРУЖУВА НА РАДОСТА НА ДРУГИТЕ

*24. Недела* **Лука 15,24.** *Се придружува на радоста на другите*
*25. Понеделник* **Мудри изреки 15,13.** *Ведрината се очитува на лицето*
*26. Вторник* **Римјаните 12,8.** *Облагородете ја должноста и напорната работа*
*27. Среда* **2. Коринќаните 9,7.** *Весело давање*
*28. Четврток* **Захарија 8,19.** *Радоста треба да владее меѓу светите собири*
*29. Петок* **Матеј 14,27.** *Ведрината се темели на пријателството со Исуса*
*30. Сабота* **Јован 16,33.** *Во Христовата сила која носи победа*

### БОГ ГО ОТСТРАНУВА СТРАВОТ

*31. Недела* **Исаија 41,10.** *Бог го отстранува стравот*

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУНИ
# УЖИВАЊЕ ВО ЗАЕДНИШТВОТО

### НАШИТЕ СРЦА СЕ ОХРАБРЕНИ

*1. Понеделник* **Филипјаните 4,1.** *Христијанско заедништво – меѓусебната љубов*
*2. Вторник* **Филипјаните 2,2.** *Христијанско заедништво – живот со браќата*
*3. Среда* **1. Коринќаните 12,26.** *Христијанско заедништво – среќата на другите*
*4. Четврток* **Филипјаните 1,25.** *Христијанско заедништво – радост*
*5. Петок* **2. Тимотеј 1,4.** *Нашите срца се охрабрени*
*6. Сабота* **Филипјаните 1,4.5.** *Христијанско заедништво – молитви за душите*

### ПРИЈАТНИТЕ ДРУЖЕЊА СЕ УГОДНИ НА НЕБОТО

*7. Недела* **Дела 28,15.** *Христијанско заедништво – охрабрување на верниците*
*8. Понеделник* **Псалм 133,1.** *Пријатните дружења се угодни на небото*
*9. Вторник* **5. Мојсеева 16,14.** *Христијанско заедништво – гостопримството*
*10. Среда* **2. Коринќаните 7,16.** *Христијанско заедништво – довербата*
*11. Четврток* **2. Коринќаните 7,13.** *Христијанско заедништво – благосостојбата на другите*
*12. Петок* **Римјаните 15,32.** *Христијанско заедништво – се крепиме преку Христа*
*13. Сабота* **2. Петрово 3,18.** *Христијанско заедништво – заедничката работа*

### ЗАЕДНИЧКА РАДОСТ

*13. Недела* **2. Самоилова 1,26.** *Несебичната љубов на Јонатан како пример*
*14. Понеделник* **Римјаните 12,15.** *Заедничка радост*
*15. Вторник* **Лука 1,58.** *Христијанско заедништво – тугата среќа*
*16. Среда* **Филипјаните 2,17.18.** *Христијанско заедништво – благослов*
*18. Четврток* **2. Коринќаните 2,3.** *Радости и таги*
*19. Петок* **Мудри изреки 27,9.** *Христијанско заедништво – љубезни зборови*
*20. Сабота* **Лука 15,6.** *Христијанско заедништво – работа за спасените*

### ВЕРНАТА МАЈКА Е БЛАГОСЛОВ

*21. Недела* **Лука 15,9.** *Враќање на заблудените*
*22. Понеделник* **Проповедник 9,9.** *Семејна среќа преку Христовата љубов*
*23. Вторник* **Мудри изреки 5,18.** *Бракот е почеток на љубовта*
*24. Среда* **Мудри изреки 15,20.** *Послушните деца носат радост*
*25. Четврток* **Мудри изреки 31,25.28.** *Верната мајка е благослов*
*26. Петок* **Мудри изреки 23,24.25.** *Децата се одраз на своите родители*
*27. Сабота* **5. Мојсеева 12,12.** *Семејното богослужение*

### ЕДИНСТВОТО НА ХРИСТОС И НЕГОВАТА ЦРКВА

*28. Недела* **Мудри изреки 3,12.** *Таткото од љубов треба да развие сериозни доблести*
*29. Понеделник* **Исаија 62,5.** *Христос ќе се радува на Својата невеста*
*30. Вторник* **Откровение 19,7.9.** *Единството на Христос и Неговата црква*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ



















Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!







**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| 2. | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| **4.** | 13-16 |
| | |
| 5. | 17-19 |
| 6. | 20-22 |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| **11.** | 13-16 |
| | |
| 12. | 17-19 |
| 13. | 20-22 |
| 14. | 23-25 |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| **18.** | 10-14 |
| | |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| **25.** | 4-7 |
| | |
| 26. | 8-10 |
| 27. | 11-13 |
| 28. | 14-16 |
| 29. | 17-19 |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| **2.** | 26-30 |
| | |
| 3. | 31-33 |
| 4. | 34-36 |
| 5. | Ezdra 1-3 |
| 6. | 4-6 |
| 7. | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| **9.** | 4-7 |
| | |
| 10. | 8-11 |
| 11. | 12-13 |
| 12. | Естира 1-3 |
| 13. | 4-6 |
| 14. | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| **16.** | 4-8 |
| | |
| 17. | 9-11 |
| 18. | 12-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| **23.** | 27-30 |
| | |
| 24. | 31-33 |
| 25. | 34-36 |
| 26. | 37-39 |
| 27. | 40-42 |
| 28. | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| **30.** | 7-11 |
| | |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 15-17 |
| 2. | 18-20 |
| 3. | 21-23 |
| 4. | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| **6.** | 30-34 |
| | |
| 7. | 35-37 |
| 8. | 38-40 |
| 9. | 41-43 |
| 10. | 44-46 |
| 11. | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| **13.** | 53-57 |
| | |
| 14. | 58-60 |
| 15. | 61-63 |
| 16. | 64-66 |
| 17. | 67-69 |
| 18. | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| **20.** | 76-80 |
| | |
| 21. | 81-83 |
| 22. | 84-86 |
| 23. | 87-89 |
| 24. | 90-92 |
| 25. | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| **27.** | 99-103 |
| | |
| 28. | 104-106 |
| 29. | 107-109 |
| 30. | 110-114 |

## ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

### *Април*

1. Псалм 78,43-56
2. Псалм 78,57-72
3. Псалм 79
**4.** Псалм 80
5. Псалм 81
6. Псалм 82
7. Псалм 83
8. Псалм 84
9. Псалм 85
10. Псалм 86
**11.** Псалм 87
12. Псалм 88
13. Псалм 89,1-13
14. Псалм 89,14-26
15. Псалм 89,27-39
16. Псалм 89,40-52
17. Псалм 90
**18.** Псалм 91
19. Псалм 92
20. Псалм 93.
21. Псалм 94
22. Псалм 95
23. Псалм 96
24. Псалм 97
**25.** Псалм 98
26. Псалм 99
27. Псалм 100
28. Псалм 101
29. Псалм 102,1-14
30. Псалм 102,15-28

### *Мај*

1. Псалм 103
**2.** Псалм 104,1-18
3. Псалм 104,19-35
4. Псалм 105,1-15
5. Псалм 105,16-31
6. Псалм 105,32-45
7. Псалм 106,1-16
8. Псалм 106,17-32
**9.** Псалм 106,33-48
10. Псалм 107,1-21
11. Псалм 107,22-43
12. Псалм 108
13. Псалм 109,1-16
14. Псалм 109,17-31
15. Псалм 110
**16.** Псалм 111
17. Псалм 112
18. Псалм 113
19. Псалм 114
20. Псалм 115
21. Псалм 116
22. Псалм 117
**23.** Псалм 118,1-14
24. Псалм 118,15-29
25. Псалм 119,1-34
26. Псалм 119,35-63
27. Псалм 119,64-90
28. Псалм 119,91-117
29. Псалм 119,118-143
**30.** Псалм 119,144-176
31. Псалм 120

### *Јуни*

1. Псалм 121
2. Псалм 122
3. Псалм 123
4. Псалм 124.
5. Псалм 125
**6.** Псалм 126
7. Псалм 127
8. Псалм 128
9. Псалм 129
10. Псалм 130
11. Псалм 131
12. Псалм 132
**13.** Псалм 133
14. Псалм 134
15. Псалм 135
16. Псалм 136,1-14
17. Псалм 136,14-26
18. Псалм 137
19. Псалм 138
**20.** Псалм 139
21. Псалм 140
22. Псалм 141
23. Псалм 142
24. Псалм 143
25. Псалм 144
26. Псалм 145
**27.** Псалм 146
28. Псалм 147
29. Псалм 148
30. Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2026 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 3. | 10. | 17. | 24. |
| Виница | 18:58 | 19:06 | 19:14 | 19:21 |
| Колешино | 18:57 | 19:04 | 19:12 | 19:19 |
| Стар Дојран | 18:57 | 19:04 | 19:12 | 19:19 |
| Куманово | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 |
| Неготино | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:22 |
| Струмица | 18:57 | 19:05 | 19:12 | 19:20 |
| Кочани | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:22 |
| Велес | 19:01 | 19:09 | 19:16 | 19:24 |
| Кавадарци | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:23 |
| Дебар | 19:06 | 19:13 | 19:21 | 19:29 |
| Скопје | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:26 |
| Битола | 19:02 | 19:10 | 19:17 | 19:25 |
| Кичево | 19:04 | 19:12 | 19:19 | 19:27 |
| Лаки | 18:57 | 19:05 | 19:13 | 19:21 |
| Чифлик | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:22 |
| Штип | 18:59 | 19:07 | 19:15 | 19:22 |
| Тетово | 19:04 | 19:12 | 19:20 | 19:28 |
| Јегуновце | 19:04 | 19:12 | 19:19 | 19:27 |
| Росоман | 19:00 | 19:08 | 19:15 | 19:23 |
| Гевгелија | 18:58 | 19:05 | 19:13 | 19:20 |
| Свети Николе | 19:00 | 19:08 | 19:16 | 19:24 |
| Делчево | 18:57 | 19:05 | 19:13 | 19:21 |
| Валандово | 18:58 | 19:05 | 19:13 | 19:20 |
| Охрид | 19:04 | 19:12 | 19:19 | 19:27 |
| Радовиш | 18:58 | 19:06 | 19:13 | 19:21 |
| Прилеп | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:24 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАЈ 2026 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | | |
| | **1.** | **8.** | **15.** | **22.** | **29.** |
| **Виница** | **19:29** | **19:37** | **19:44** | **19:51** | **19:57** |
| **Колешино** | **19:27** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:54** |
| **Стар Дојран** | **19:27** | **19:34** | **19:41** | **19:48** | **19:54** |
| **Куманово** | **19:33** | **19:40** | **19:48** | **19:55** | **20:01** |
| **Неготино** | **19:30** | **19:37** | **19:45** | **19:51** | **19:58** |
| **Струмица** | **19:28** | **19:35** | **19:42** | **19:49** | **19:55** |
| **Кочани** | **19:30** | **19:37** | **19:44** | **19:51** | **19:58** |
| **Велес** | **19:32** | **19:39** | **19:47** | **19:53** | **20:00** |
| **Кавадарци** | **19:30** | **19:38** | **19:45** | **19:52** | **19:58** |
| **Дебар** | **19:36** | **19:44** | **19:51** | **19:58** | **20:04** |
| **Скопје** | **19:34** | **19:41** | **19:49** | **19:56** | **20:02** |
| **Битола** | **19:32** | **19:39** | **19:46** | **19:53** | **19:59** |
| **Кичево** | **19:35** | **19:42** | **19:49** | **19:56** | **20:02** |
| **Лаки** | **19:28** | **19:36** | **19:43** | **19:50** | **19:56** |
| **Чифлик** | **19:29** | **19:37** | **19:44** | **19:51** | **19:57** |
| **Штип** | **19:30** | **19:38** | **19:45** | **19:52** | **19:58** |
| **Тетово** | **19:36** | **19:43** | **19:51** | **19:57** | **20:04** |
| **Јегуновце** | **19:35** | **19:43** | **19:50** | **19:57** | **20:03** |
| **Росоман** | **19:31** | **19:38** | **19:45** | **19:52** | **19:58** |
| **Гевгелија** | **19:28** | **19:35** | **19:42** | **19:49** | **19:55** |
| **Свети Николе** | **19:31** | **19:39** | **19:46** | **19:53** | **19:59** |
| **Делчево** | **19:28** | **19:36** | **19:43** | **19:50** | **19:56** |
| **Валандово** | **19:28** | **19:35** | **19:42** | **19:49** | **19:55** |
| **Охрид** | **19:34** | **19:42** | **19:49** | **19:55** | **20:02** |
| **Радовиш** | **19:29** | **19:36** | **19:44** | **19:50** | **19:57** |
| **Прилеп** | **19:32** | **19:39** | **19:46** | **19:53** | **19:59** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2026 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 20:02 | 20:07 | 20:09 | 20:10 |
| Колешино | 20:00 | 20:04 | 20:06 | 20:07 |
| Стар Дојран | 19:59 | 20:03 | 20:06 | 20:07 |
| Куманово | 20:06 | 20:11 | 20:13 | 20:14 |
| Неготино | 20:03 | 20:07 | 20:10 | 20:11 |
| Струмица | 20:00 | 20:04 | 20:07 | 20:08 |
| Кочани | 20:03 | 20:07 | 20:10 | 20:11 |
| Велес | 20:05 | 20:09 | 20:12 | 20:13 |
| Кавадарци | 20:03 | 20:07 | 20:10 | 20:11 |
| Дебар | 20:09 | 20:13 | 20:16 | 20:17 |
| Скопје | 20:07 | 20:11 | 20:14 | 20:15 |
| Битола | 20:04 | 20:08 | 20:11 | 20:12 |
| Кичево | 20:07 | 20:11 | 20:14 | 20:15 |
| Лаки | 20:02 | 20:06 | 20:08 | 20:09 |
| Чифлик | 20:02 | 20:06 | 20:09 | 20:10 |
| Штип | 20:03 | 20:07 | 20:10 | 20:11 |
| Тетово | 20:09 | 20:13 | 20:16 | 20:17 |
| Јегуновце | 20:09 | 20:13 | 20:16 | 20:17 |
| Росоман | 20:03 | 20:08 | 20:10 | 20:11 |
| Гевгелија | 20:00 | 20:04 | 20:07 | 20:08 |
| Свети Николе | 20:05 | 20:09 | 20:11 | 20:13 |
| Делчево | 20:02 | 20:06 | 20:09 | 20:10 |
| Валандово | 20:00 | 20:04 | 20:07 | 20:08 |
| Охрид | 20:07 | 20:11 | 20:13 | 20:15 |
| Радовиш | 20:02 | 20:06 | 20:09 | 20:10 |
| Прилеп | 20:04 | 20:09 | 20:11 | 20:12 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



## МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).